УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И
СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА -
„Мајка Тереза“

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# РИЗИК ФАКТОРИ ВО СЕМЕЈСТВО И ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦА

Ментор

Проф. д-р Сунчица Димитријоска

Кандидат

Маја Варошлија

СКОПЈЕ, 2014

СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ НА ТРУДОТ....................4

ABSTRACT....................6

ВОВЕД....................7

ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ....................12

1 РИЗИК ФАКТОРИ ЗА ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦАТА....................12

1.1 Поим за ризик фактори....................12

1.2 Ризик фактори во семејство....................15

1.3 Фактори на резилиентност....................21

2 ЗАКОНСКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА....30

2.1 Анализа на меѓународни документи и конвенции....................30

2.2 Нормативни рамки за заштита на децата во Република Македонија....................33

3 ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦА....................43

3.1 Поим и дефинирање на трудова експлоатација....................43

3.2 Најлоши форми на искористување на детскиот труд....................44

3.3 Видови на трудова експлоатација....................46

4 ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА....................54

ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ....................61

1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО....................61

1.1. Формулирање на проблемот....................61

1.2. Цели на истражувањето....................62

1.3. Задачи на истражувањето ........ 63

1.5. Клучни поими на истражувањето ........ 63

1.6. Хипотези на истражувањето ........ 64

1.7. Варијабли на истражувањето ........ 65

1.8. Методи и техники на истажувањето ........ 65

1.9. Примерок на истражувањето ........ 66

1.10. Организација и тек на истражувањето ........ 67

2. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 67

2.1. Преглед на испитаниците по пол и возраст и етничка припадност ........ 67

2.2. Материјални услови на семејствата на децата ........ 69

2.3. Квалитет на живеалишта на децата ........ 72

2.4. Патолошки појави во семејствата на децата ........ 81

2.5. Ниво на образование на родителите на трудово експлоатираните деца ........ 83

2.6. Причини за експлоатација на трудот и питачење ........ 84

2.7. Присилувачи и контролори ........ 88

2.8. Форми на на трудова експлоатација и питачење ........ 91

2.9. Вклученост во образовен процес ........ 95

2.10. Достапност на социјални сервиси за децата ........ 97

ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И КОНСТАТАЦИИ ........ 104

ПРЕПОРАКИ ЗА ПОНАТАМОШНО СПРАВУВАЊЕ СО ФЕНОМЕНОТ НА ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦАТА ........ 108

Користена литература ........ 112

ПРИЛОГ 1 ........ 117

ПРИЛОГ 2 ........ 121

# РЕЗИМЕ НА ТРУДОТ

Веќе подолг временски период во Република Македонија трудовата експлоатација на деца и организираното питачење претставуваат постојано присутна појава. Сведоци сме на постојана глетка на мали деца кои питачат по улиците и крстосниците во центарот на главниот град. Често се случува цели семејства организирано да питачат за да обезбедат минимална егзистенција за живот. Со цел да се утврдат причините кои придонесуваат за појавата на трудова експлоатација на децата, предметот на ова истражување се ризик факторите во семејството кои влијаат на вовлекување на децата во трудова експлоатација. Па така е поставена општата хипотеза дека лошата социо-економска положба на семејствата влијае на зголемување на појавата на трудова експлоатација на децата. Во истржувањето се користени повеќе методи и техники кои вклучуваат анкетен прашалник за децата кои се трудово експлоатирани и нивните родители, направени се нестандардизирани интервјуа со професионалци од државни институции и здруженија на граѓани, направена е анализа на содржина на официјални документи и веќе реализирани истржувања на темата која ни е од интерес и спроведено е директно набљудување на терен на целната група на истражувањето.

Резултатите покажаа дека децата кои се трудово експлоатирани потекнуваат од семејства со многу ниски приходи најчесто добиени преку социјална парична помош и живеат во лоши стамбени услови односно во импровизориуми. Најголем дел од децата припаѓаат на повеќечлени потполни семејства, во кои е присутна некоја патолошка појава, додека повеќето од родителите имаат здравствени проблеми. Во однос на образованието, најголем дел од родителите на децата кои се трудово експлоатирани се без образование или имаат завршено само по неколку одделенија. Исто така најголем број од децата се вон образовниот процес.

Главни препораки за надминување на овие состојби се дека треба да се превземат мерки на повеќе нивоа, и тоа на државно и локално ниво. Мерките треба да вклучуваат генерално намалување на сиромаштијата и секаков вид на помош на овие семејства, обезбедување на што е можно поголем број на сервиси за трудово експлоатираните деца, формирање на мобилни тимови што ќе работат на терен со децата и ќе обезбедат нивно интегрирање во општеството, отварање на Дневни центри

со 24 часовно обезбедување на услуги, соодветни капацитети и услови за успешна реализација на воспитно образовната работа со трудово експлоатираните деца.

Клучни зборови: Трудова експлоатација на деца, Деца на улица/улични деца, семејство, социо-економски статус.

# ABSTRACT

For a longer period in the Republic of Macedonia labor exploitation of children and organized begging is present and continuous phenomenon. We are witnessing the constant sight of young children who beg in the streets and crossroads in the center of the capital. Often happens the entire families to beg on the streets to ensure minimum livelihoods. In order to be determinated the causes of the phenomenon of labor exploitation of children, the subject of this research are the family risk factors affecting the indenting of children in labor exploitation. Thus, it is set the general hypothesis that poor socio-economic status of the families affects the increase the phenomena of child labor exploitation. During research it was used multiple methods and techniques that include a questionnaire for children who are exploited and their parents, it were made nonstandardized interviews with professionals from state institutions and civil society organizations, an analysis of the content of official documents and already implemented research on the topic of interest and there has been realized direct observation in the field of the target group of the research.

The results showed that children who are exploited originate from families with very low income often obtained through social welfare and live in poor housing conditions. Most of the children belong to the complete multi-families, whith some a pathological problem, while most of the parents have some health problems. In terms of education, most of the parents of children who are exploited are uneducated or have finished only first grade. Also most of the children are out of the educational process.

Main recommendations to be overcomed these conditions needs to be taken on several levels, on state and local level. Measures should include a general reduction of poverty and different kinds of assistance to these families, providing all available services for children which are labor exploited, the creation of mobile teams that will work in the field with children and ensure their integration in society, opening day centers with 24 hours provision of services, and adequate facilities and conditions for successful implementation of educational work with the labor exploited children.

Keywords: labor exploitation of children, children on the street/street children, family, socio-economic status.

# ВОВЕД

Појавата на трудова експлоатација на деца и питачењето е феномен кој на светското општество е познат далеку низ историјата. Причините за оваа појава се различни, но најчесто се поврзани со семејното, економското или социјалното нарушување; вклучувајќи ја сиромаштијата, распадот на семејствата, политички немири, акултурацијата, сексуална, физичка или емоционална злоупотреба, семејно насилство, вовлекување во трговијата со луѓе, ментални здравствени проблеми, злоупотреба на психотропни супстанци и др.

Гледајќи во светски рамки, понекогаш децата може да завршат на улиците и поради културни фактори. На пример, некои деца во делови од Конго и Уганда се предодредени да ги напуштат своите семејства, бидејќи тие се осомничени дека се вештерки кои им ќе им донесат лоша среќа на нивните семејства. Во Авганистан, млади девојки кои одбиваат договорен брак - може да бидат принудени да ги напуштат своите домови.

Потресните судбини на милиони деца во светот кои преживуваат занимавајќи се со питачење, проституција или извршувајќи тешки физички работи, ја потврдуваат громорозната вистина дека децата заради својата немоќ и неповолната социјална положба, претставуваат лесно подводлива категорија, подложна на секојдневни загрозувања на сопствениот физички и духовен интегритет (Me Graw Hill Comp, 1972).

Во смисла на бројки на светско ниво, изработена е студија од страна на Меѓународната Организација на Трудот во 2013 година каде што се направени проценки за трудовото експлоатирање на децата. Новите проценки презентирани во овој извештај укажуваат на тоа дека 168 милони деца во светот се вклучени во искористување на нивниот во детски труд, сшто изнесува речиси 11 проценти од детската популација како целина. Децата експлоатирани во "опасен детски труд" кој директно го загрозува нивното здравје, безбедност и морален развој сочинуваат повеќе од половина од сите деца работници, која бројка изнесува 85 милиони во апсолутна смисла. Најголемиот број на деца работници се наоѓаат во Азија и на Пацификот, но Суб-сахарна Африка продолжува да биде регион со највисока зачестеност на појавата на експлоатација на детскиот труд со проценка дека едно од пет деца се вклучени во експлоатација на детскиот труд (Меѓународна организација на трудот, 2013).

Во современите услови на живеење, појавата на трудова експлоатација на деца и питачењето станува се поалармантана појава на која институциите и здруженијата на граѓани во Република Македонија и тоа како мораат да обрнат значително внимание.

Иако проучувањата во Република Македонија кои ги имаат за предмет разните злоупотреби на децата се во пораст, потребно е всушност да се објасни каузалноста и карактеристиките на појавата на трудова експлоатација, поспецифично уличното питачење на децата.

Токму научната оправданост на ова истражување всушност ќе придонесе кон согледување на состојбите и начините на експлоатирање на децата и организирано питачење и како социо-еконмските фактори придонесуваат тие деца бидат трудово експлоатирани што би можело да се придонесе кон насочување на понатамошните општествени активности за санирање на таквите состојби.

Со ова истражување се обидуваме да дадеме одговор на прашањето како социо-економската положба на семејствата влијае врз вовлекување на децата во трудовата експлоатација и какво е влијанието на различните фактори како што се: материјалните услови, семејната структура, стамбените услови, образованието на родителите, присутноста на патолошки појави во семејството, здравствената состојба на родителите, степенот на образованието на родителите, вклученоста на децата во образовниот процес и достапноста на постоечките сервиси, врз вовлекувањето на децата во трудова експлоатација.

Овој магистерски труд содржи два дела кои се поделени по структура.

Првиот дел содржи **теоретска обработка на ризик факторите** кои придонесуваат едно дете да биде трудово ескплоатирано. Презентирани се различните пристапи и дефинирање на ризик факторите. Сепак како најсоодветно дефинирање, за темата која ја обработуваме го земавме пристапот на Вилијамс, Ајерс и Артур (1997). Па така како ризични фактори се дефинираат било кои влијанија кои ја засилуваат веројатноста за првото појавување на нарушувањето и напредувањето кон сериозни состојби во процесот на социјализацијата. Ризичните фактори се однесуваат на генетски или биолошки ризици (перинатална траума, невротоксичност во бременоста, злоупотреба на алкохол и droги кај мајката), индивидуални и врснички ризици (мислење за деликвентно однесување, поврзаност со деликвентни групи и влијание на врсници), ризични фактори поврзани со училиштето (училшен неуспех, слаб успех на учениците, проблеми во однос на дисциплината, недостапност на поврзаноста со

училиште), ризични фактори во семејството (проблеми во училиште, семејни конфликти, семејна поврзаност со високо ризично однесување, неадекватни однесувања на родители како модел) и ризични фактори во заедницата (хронично насилство во заедницата, сиромаштија, економска деприваціја, квалитет на домување, здравствена заштита и училиште).

Понатаму, се анализирани ризик факторите во семејството кои придонесуваат за зголемена ранливост на децата за трудова експлоатција. Па така се презентирани материјалните услови во семејствата, семејната структура, стамбените услови, образованието на родителите, присутноста на патолошки појави во семејството, здравствената состојба на родителите, степенот на образованието на родителите и вклученоста на децата во образовниот процес.

Следствено, во трудот се земени во предвид и се анализирани факторите на резилиентност кај децата. Па така индивидуалната отпорност кај децата нагласува траен и успешен начин на соочување со стресот. Самата отпорност на детето зависи од неговите лични предиспозиции. Доколку семејството не функционира и не дава поддшка на детето, потребно е да се развие мрежа на поддршка како на семејството така и на детето за да се надмине ризикот.

Дополнително во овој дел на трудот се дефинирани ризичните групи на деца за трудова експлоатација кои вклучуваат: деца кои се социјално исклучени; деца опфатени со детска сиромаштија; деца жртви на насилство; деца што потекнуваат од семејства со брачни и семејни конфликти; деца без родители и родителска грижа; деца со посебни потреби и деца што употребуваат психотропни супстанци.

Во теоретскиот дел исто така се обработува и законската и институционална рамка за заштита на децата. Почнувајќи од меѓународните документи и конвенции кои ја даваат основата за заштитата на децата, тука ги наведовме најважните, сметајќи дека се од исклучителна важност за категоријата на деца кои се предмет на интерес. Па така наведени се клучните  делови од интерес во Декларацијата за правата на детето, Конвенцијата за правата на детето, Милениумските развојни цели, Европската конвенција за правата на детето, Хашката конвенција за граѓанско - правните аспекти на меѓународното грабнување на деца, Конвенцијата за забрана и елиминација на најлошите видови на детски труди Конвенција на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе.

Националната легислатива за заштитата на децата која преку различните законски одредби се грижи за добросостојбата на децата е понатаму образложена. Па така законите кои ја даваат целосната заштита на децата во државата се: Законот за заштита на децата, Законот за социјална заштита; Законот за семејството; Законот за основно образование; Законот за средно образование; Закон за правда за децата; Законот за работни односи; Кривичниот законик; Законот за прекршоците против јавниот ред и мир како и Законот за матична евиденција.

Владините политики и институционалниот одговор за заштита на децата од искористување на нивниот труд во Република Македонија се исто така разработени во теоретскиот дел. Даден е осврт на различните национални комисии и акциски планови кои се создадени со цел ефикасно да се сузбие појавата на трудова експлоатација на децата како и надлежностите на институциите и здруженијата на граѓани за разните облици на заштита на децата.

Понатаму во теоретскиот дел се дефинира поимот трудова експлоатација на децата како и најлошите форми на искористување на детскиот труд. Видовите на трудова експлоатација кои можат да се сретнат во праксата опфаќаат: *злоупотреба на детскиот трудво земјоделството; деца поврзани совооружени силии воени групи; комерцијална сексуална експлоатација на деца; трговија со деца; детска домашна работа; рударство и ископување на камења и миграцијата и детскиот труд.*

Трудот опфаќа и анализа и осврт на други релевантни емпириски истражувања на темата за злопотреба на детскиот труд првенствено за питачењето. Така истражувањето на Интернационалниот Центар за Развој на Миграциски Политики - ИЦМПД кое е земено за најрелевантно на Европско ниво е анализирано од аспект на примена на различни политики на земјите членки на Евроската Унија за сузбивање на проблемот со питачењето на децата. Во Македонија е направена анализа за состојбата со децата на улица и организирано питачење во 2007 година со цел преглед на законската регулатива насочена кон превенција и сузбивање на појавата на деца на улица во Република Македонија. Дополнително, Заводот за социјални дејности со поддршка на УНИЦЕФ во 2001 година спровел емпириско истражување на тема деца на улица - улични деца во Република Македонија.

Во **вториот истражувачки дел** е прикажана методологијата на истаржувањето каде што е формулиран проблемот, целта и задачите на истражувањето како и клучните поими. Понатаму поставени се хипотезите и варијаблите на истражувањето

како и методите и техниките кои се применија во текот на истражувањето. Исто така е дефиниран примерокот како и организацијата и текот на истражувањето.

Направена е анализа и интерпретација на податоците кои се добиени од теренското истражување за трудовата експлоатација на деца со акцент на питачењето. Анализата ги покажува податоците за основните лични белези и статуси на децата, понатаму ги прикажува условите во семејствата на децата, односно, материјалните услови, квалитет на живеалишта, присутност на патолошки појави во семејствата, образование, здравство, и секако формите на експлоатација со кои се сретнавме при теренското истаржување. Во последниот истражувачки делсе идентификувани и се презентирани услугите за оваа категорија на деца кои ги обезбедуваат државните институциии и здруженијата на граѓани.

Во последниот дел од трудот се презентирани заклучните сознанија и констатации кои произлегоа од теренското истражување како и препораки за поефикасна заштита на децата и спречување на појавата на трудово експлоатирање на децата. Следствено се дадени и предлог мерки кои треба да се превземат за намалување на оваа нескана појава.

# ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

# 1 РИЗИК ФАКТОРИ ЗА ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦАТА

## 1.1 Поим за ризик фактори

Интересот за проблемите од злоупотребата на децата и нивно искористување за питачење, изложување на студ или горештини, запоставување во однос на нивното одгледување, грижата за здравјето, воспитување и образование, се појавува во изминативе неколку децении, кога правата на децата добиваат правна гаранција, исто како и онаа на возрасните. Правото на живот и слобода, почитување на достоинството и еднаквоста на човековите права денес стануваат општествани начела, а интересот за положбата на децата се смета за едно од исклучиво значајните, а можеби и всуштинско прашањев на секое општество кое има граѓанска определба. Наспроти ова, положбата и судбината на детето во семејството и општеството до пред 15-тина години припаѓаше во приватната сфера, односно на родителската должност и семејната заштита.

Меѓународните документи меѓу кои и Конвенцијата на Организацијата на Обединети Нации за правата на детето, императивно ги поставуваат таквите цели пред општествената, политичката и стручната јавност и во нашата држава. Овие демократски и хумани начела многу широко и доследно се разработени во повеќе гранки на правото (семејното, социјална заштита и детската заштита). Нивната основна цел во македонското општество е сите деца да уживаат посебна и сестрана заштита (Член 6 од Конвенцијата).

Воедно ќе нагласиме дека токму овие деца се деца на кои им се ускратени основните права на детето пропишани со Конвенцијата за правата на детето, а тоа се:

- *право на адекватен живот;*
- *право на заштита од економска експлоатација;*
- *право на образование;*
- *право на здравје и здравствена заштита;*
- *право на заштита од насилство, злоупотреба и запуштеност;*
- *право на заштита од сексуална експлоатација;*
- *право на одбрана на правата на децата.*

Во изминатата деценија во модерната литература од областа на општествените дејности се повеќе се сретнуваме со концептот на социјални ризици. Потребно е најпрво да се одреди поимот „ризик“. Во модерната концептуализација на поимот ризик може да се најдат следните одредници за ризик (MacGill & Sui, 2004):

- Можност за загуба, неповолна положба, изложеност на опасности;
- Можноста за негативни ефекти од настани или активности;
- Можност за несакани, негативни последици за луѓето и нивното опкружување;
- Можност поврзана со опасноост;
- Нешто за што треба да се грижиме и надеваме;
- Закана за одржливоста на тековниот начин на живот;
- Начинот на кој општеството ја претставува иднината;
- Проценка на очекуваните последици и нивните веројатности.

Клучни зборови кои ги поврзуваат овие одредници и кои го конституираат значењето на поимот социјален ризик се:

- Загуба и закана за загуба - неповолен исход;
- Загрозени потреби – несигурност;
- Надворешен настан - неповолни околности;
- Веројатност на случувањата - можни се и позитивни исходи;
- Промена - ризикот не е состојба туку процес.

Тргнувајќи од наведеното социјалниот ризик може да се одреди како: "неповолни општествени околности кои веројатно отежнуваат или претставуваат закана за задоволување на потребите на луѓето и можат да доведат до неповолен исход и последици на лично, семејно и ниво на зедница, и како такви претставуваат закана за општеството". Заканата или изложеноста на социјални ризици можат да поттикнат кај поединецот, социјалните групи и општеството процес на промени на тие неповолни општествени околности. Под влијание на еколошките и екосистемските перспективи се почесто се споменуваат т.н. психосоцијални ризици кои се однесуваат на одредени био-психо-социјални карактеристики на поединецот, како што се на пример, полот, послаби интелектуални или телесни способности, хронични болести, недоволни социјални или општи животни вештини. Психосоцијалните ризици се актуелизираат во интеракција со особините на поединецот и социјалните околности. Така на пример женскот род сам по себе не е психосоцијален ризик на индивидуално ниво за

сиромаштијата, невработеноста или проституцијата сама по себе веќе станува ризик во одреден социјален контекст на нееднаквост меѓу мажите и жените. Заканата или изложеноста на психосоцијални ризици може да поттикне воведување на промени во индивидуалниот и/или социјалниот живот на пединецот, како и унапредување на општествените мерки на поддршка за групите под ризик (на пр. воведување на алиментациски фонд кој ќе им осигура на самохраните родители средства за издржување на нивните деца).

По многу нешта децата се разликуваат меѓу себе. Можеби најзначајната разлика по нивниот развој е нивната изложеност на ризици, на која не можат да влијаат. Светот во кој се раѓаат за едни значи сигурност, прифаќање и грижа а за другите неизвесност, закана и грубост. И покрај тоа две деца од иста средина со исти стандарди, исто живеалиште, дури и од исти родители можат да доживеат психолошки различни судбини. Едното да биде успешно во животот, а другото да пропадне. Од друга стана видеално детев може и од гетоизирана средина, додека тажно и немоќно дете може да потекнува од добро ситуирана и поттикнувачка средина. Зошто е тоа така?

Можеби двата света и не се така различни под површината: на прв поглед грижливото и добростоечко семејство може да биде добра маска за многуте грубости и манипулации врз детето, не полесни, а сигурно поконтрадикторни, во споредба со природно нестимулативната средина на едно бездомно, многудетно семејство. Но, и изложеноста на ризикот да се биде во едната или другата ситуација, очигледно не ја исцрпува целата приказна - снаодливоста и умешноста на детето да се справи со ситуацијата играат клучна улога во определувањето на конечниот исход по неговиот натамошен развој и благосостојба.

Истовремено, проучувањата на деца од различни средини и со различна животна историја, во различни периоди од развојот покажуваат дека не е мал бројот на оние што и покрај изложеноста на високо ризични услови на живеење, не манифестираат знаци на отстапување на однесувањето. Напротив, некои деца се зачудувачки отпорни и успешни во надминувањето на неповолните животни околности. Таквите деца се често опишувани како "отпорни на стрес", "жилави" или "цврсти" деца. Студиите на Garmezy (1981&1983); Werner и Smith (1982) потврдуваат дека децата изложени на исти услови на ризик, меѓусебно можат да се разликуваат во степенот на компетентност и автономија, но и во способноста за развивање различни стратегии на соочување и надминување на тешките ситуации.

Како ризични фактори се дефинираат било кои влијанија кои ја засилуваат веројатноста за првото појавување на нарушувањето и напредувањето кон сериозни состојби во процесот на социјализацијата. Ризичните фактори се однесуваат на **генетски** или **биолошки** ризици (перинатална траума, невротоксичност во бременоста, злоупотреба на алкохол и droги кај мајката), **индивидуални** и **врснички** ризици (мислење за деликвентно однесување, поврзаност со деликвентни групи и влијание на врсници), **ризични фактори поврзани со училиштето** (училшен неуспех, слаб успех на учениците, проблеми во однос на дисциплината, недостапност на поврзаноста со училиште), **ризични фактори во семејството** (проблеми во училиште, семејни конфликти, семејна поврзаност со високо ризично однесување, неадекватни однесувања на родители како модел) и **ризични фактори во заедницата** (хронично насилство во заедницата, сиромаштија, економска депривација, квалитет на домување, здравствена заштита и училиште) (Williams, Ayers, Arthur, 1997).

Поединечните неповолни ризици сами по себе не предизвикуваат негативен исход туку самиот процес на интеракција обликува однесување и создава проблеми во текот на времето. Односот меѓу факторите на ризикот на детскиот развој и проблемите во нивниот развој е очигледен, но тоа е сложен ланец со неограничен број поврзани фактори кои понекогаш е тешко да се идентификуваат. Составен дел на тој ланец не се само факторите на ризик туку и факторите на заштита (Bliesener, Loesl, 1992).

## 1.2 Ризик фактори во семејство

Во продолжение предметот на интерес ќе се насочи поконкретно кон факторите на ризик за појавата на трудова експлоатација на децата на улица. Во последниве години реализирани се бројни истражувања фокусирани на детерминирање на потеклото и траекториите на развој на појавата на трудова експлоатација на децата.

Постојните сознанија за факторите на ризик не нудат решение за превенција, но сепак укажуват на извесни потенцијални таргети за превентивна интервенција. Еден можен пристап кон утврдување на факторите на ризик од трудова експлоатација е нивна генерална поделба на две пошироки категории.

Во првата категорија влегуваат пошироките општествени и културни (т.е. контекстуални) фактори кои даваат правни и нормативни очекувања за однесувањето

на поединците. Во втората група спаѓаат фактори кои се во поединците и нивното интерперсонално окружување. Под основно интерперсонално окружување на адолесцентите се подразбира семејството, одделението и групите на врсници со кои детето се дружи. Земајќи ја во предвид оваа широка определба на факторите на ризик, во ова истражување ќе се фокусираме на семејните фактори кои придонесуваат кон појавата на трудова експлоатација на децата.

### 1.2.1 Материјални услови во семејството

Многубројни истражувања покажале дека во услови на слабо развиена економија и економска криза во општеството доаѓа до несигурност помеѓу граѓаните како и во семејството, а тоа означува и доаѓање до сиромаштија и невработеност. Посредни последици од сиромаштијата биле необразованост, како кај родителите така и кај децата, невработеност, недоволно финансиски средства, немање соодветни услови за живот и сл.

Сето ова, пак, негативно се одразува врз целокупниот статус на семејството во општеството. Денес се смета дека сиромаштијата е состојба во која ги нема основните можности за достоинствен живот. Сиромаштијата се манифестира на различни начини, како на пример: глад и неисхранетост; слабо здравје; ограничено образование; неадекватни станбени услови и др.

Иако многу објавени истражувања укажувале дека сиромаштијата во едно семејство не мора да значи појава на нарушено однесување кај децата, сепак се покажува дека сиромаштијата е најчест фактор за различни социјални проблеми, како што се образование, финансии, вработеност, кои пак водат кон општествено неприфатливо поведение.

Поради невработеност родителите кои основале свое семејство и имаат деца има големо влијание врз целокупното однесување на луѓето, а со тоа и врз однесувањето на децата. Невработеноста претставува проблем за членовите на семејството кои се невработени, бидејќи кај нив се создава посебна психичка состојба - разочарување.

### 1.2.2 Стамбени услови

Домот претставува основно катче на простор, во кој што човекот ги задоволува своите елементарни потреби за за семеен живот, прехрана, одмор, ноќевање и заштита од временските непогоди. Критериумите по кои се одредува квалитетот на домувањето се однесуваат во однос на големината на станот (домот), споредено со бројот на членовите во семејството кои живеат таму. Важно е да се одреди дали секој член во семејството има свое место, свој простор за живеење. Ова претставува важен индекс при одредувањето на состојбата во семејството. Исто така како важен услов за успешност во семејството е градбата и местото на зградата или куќата. На квалитетот на семејниот живот најлошо влијаат густо збиени, стари и оштетени згради, а убаво делуваат нови градби на згради, урбанистички и современо изградени. Нерешеното станбено прашање во многу семејства претставува потенцијална опасност за лоши семејни услови и нарушување на однесувањето кај децата.

Досегашното искуство покажало дека лошите станбени услови за живеење доведуваат до лоши брачни и семејни односи помеѓу сите членови, а посебно ако се работи за многучлено семејство кое живее во мал простор. Истражувањата покажале дека во најевтините станови, кои се наоѓале во стари градби и напуштени подрачја, живееле најсиромашните луѓе кои биле доведени до тој степен на сиромаштија, водејќи асоцијален живот. Различни истражувања покажале дека децата на улица/уличните деца живеат во исклучително лоши стамбени услови. Најголем дел од нив живееле во импровизориуми, односно живеалишта од картони, најлони и лимови. Во овие импровизирани живеалишта најчесто нема вода, ни струја, а за опремување на домаќинството со основни апарати неможе ни да стане збор.

### 1.2.3 Семејна структура

Семејната структура е драстично изменета во текот на последните 50 години. Сепак и покрај менувањето на начинот на живот и постојано зголемување на личната мобилност кои го карактеризираат современото општество, семејството останува централен елемент на современиот живот. Семејствата нудат дружење, безбедност и се заштита од суровиот надворешен свет. Меѓутоа семејната структура, како и општеството во целост, претрпе значителни промени па направени се неколку

варијации на семејството низ времето, така да разликуваме повеќе видови на семејни структури идентификувани од страна на општеството. **Потесно/нуклеарното семејство** е традиционален тип на семејната структура. Овој тип семејство се состои од двајца родители и деца. Долго време потесното семејство се сметаше како идеална средина за одгледување на децата, но тоа изобилува и со комплексности. Семејство на **самохран родител** се состои од еден родител кој сам се грижи за едно или повеќе деца. Често, еден родител е мајка со своите деца, иако постојат и самохрани татковци. Семејството на самохраниот родител е најголемата промена во однос на промените во семејни структури. Без оглед на причините, самохраните родители се соочуваат со тешка битка. Тука се ограничените приходи и можности во многу случаи, иако многу семејства со еден родител бараат и добиваат помош од роднини и пријатели. Структурата на **поширокото семејство** се состои од две или повеќе возрасни лица кои се поврзани со, или преку крвна врска или брак, кои живеат во истиот дом. Ова семејство вклучува многу роднини кои живеат заедно и работат кон заеднички цели, како што се подигање на децата и исполнување на обврските во домаќинството. Повеќе од половина од сите бракови завршуваат со развод, и многу од овие поединци се одлучуваат да создадат нова брачна зедница. Ова создава **семејство со очув или маќеа**, кое вклучува две одделни семејства да се спојат во една нова заедница. Се состои од нов маж и жена и своите деца од претходните бракови или врски. Овие семејства се како и нуклеарните семејства, иако тие имаат тенденција да имаат повеќе проблеми, како што се периоди на прилагодување, дисциплина и други прашања. Многу баби и дедовци денес ги одгледуваат своите внуци од различни причини, а родителите не се присутни во животот на детето. Ова би можело да се должи на смрт на родители, разни зависности, напуштањена децата или неспособност на родителите. Така се формираат **семејства со баба или дедо** каде што поради грожа за децата многу баби и дедовци имаат потреба да се вратат на работа или да најдат дополнителни извори на приходи кои ќе им помогнат да ги одгледаат своите внуци. Евидентно е дека нуклеарните семејства нудат најголема заштита на децата. Семејствата на самохрани родители како и останатите категории поради изменетата структура можат да се појават како фактор за вклучување на децата во трудова експлоатација.

### 1.2.4 Здравствена состојба на родителите

Имајќи го во предвид лошиот стандард на живот, лошите услови за живеење како и неквалитетна исхрана, родителите на децата кои се вовлечени во трудова експлоатација многу често имаат лоша здравствена состојба. Голем дел од нив се борат со хронични болести кои изискуваат постојана лекарска нега како и долгорочно консумирање на лекарства. Овие здравствени потреби родителите неможат да ги задоволат поради лошата материјална состојба во која се наоѓаат.

Дополнително често овие семејства не се здравствено осигурани што уште повеќе ја влошува нивната проблематична ситуација. Родителите на децата соочени со многу лимитирани средства, ги тераат децата да излезат на улиците и да питачат како и да работата било каква работа за да донесат дома одредени парични средства.

### 1.2.5 Присутност на патолошки појави во семејството

Заедно со високата стапка на семејно распаѓање, децата и родителите често се соочуваат со одредени патолошки појави во семејството. Често овие деца уште во раните детски години се сведоци на секаков вид на насилство во семејствата (како физичко така и психичко). Овие семејства имаат насилен начин на решавање на проблемите како научено однесување. Ова може да биде и еден од главните фактори за бегство на децата од дома. Болест на родителите, било да е физичка или ментална, како и злоупотреба на наркотични супстанци или алкохол особено меѓу татковците се сметаат главни фактори за распаѓање на семејствата. Следствено и децата често почнуваат да користат наркотични средства уште од раните години. Многу често родителите на децата на улица и самите биле деца од улица и се запознати со сите опасности кои демнат на улиците, како што е опаност од сообраќајни несреќи, рана употреба на наркотични средства и алкохол, насилство и убиства. Неможејќи да излезат на крај со лошата животна ситуација во која се наоѓаат, да ги прехранат, облечат, образоваат а уште помалку да посветат внимание на личната хигиена на своите деца, родителите се тие што своите деца ги туркаат на улицата и ги користат како инструменти за заработувачка на ситни пари за основна егзистенција. Голема е веројатноста дека децата препуштени сами на себе, можат да навлезат во водите на деликвентното однесување, т.е. да станат деца во судир со законот.

### 1.2.6 Образование на родителите

Образованието на родителите, посебно на мајките на децата на улица, е важен сегмент во животните услови на семејството. Посебно во сиромашните семејства образованието најчесто е пречка не само да се дојде до добро платена работа за доаѓање до егзистенцијални средства, туку и во остварување на правата што се со закон загарантирани. Од повеќе истражувања извршени кај нас и во другите земји се гледа дека мајките на децата на улица се во поголем број неписмени или со низок степен на образование, што претставува една од главните причини за безработица поради која се избираат некои општествено неприфатливи начини на заработка, меѓу кои и питачењето. Тоа произлегува од фактот за влијанието на старите генерации кои не им одзволувале на своите деца да одат на училиште. Пораките што ги праќале нивните родители во времето кога не било важно формалното образование се менуваат со промена на на општествениот систем во кој немаат друг избор.

Според расположливите статистички податоци (Државен завод за статистика, 2013) може да се забележи дека генерално татковците односно мажите вообичаено имаат повисок степен на образование од мајките односно жените. Овој феномен е својствен и за родителите на децата на улица. Ова го поддржува патријахалниот став дека женските деца не е неопходно да се школуваат, туку да останат во семејството и да се грижат за децта и домаќинството. Воедно, доколку на семејството му недостигаат економски услови да обезбеди образование за сите деца тогаш приоритет се дава на машките деца. Поради ниското образовно ниво, мајката се чувствува неука, нееманципирана, со ограничени можности да се вработи, а да не навлегуваме подлабоко во можностите за нејзин личен развој.

### 1.2.7 Вклученост на децата во образовниот процес

Образованието на децата е основен предуслов за нивен правилен раст и развој кој поставува здрави основи за градење на понатамошниот живот. Често децата кои потекнуваат од семејствата со низок социо-економски статус не придаваат никакво значење на образовниот процес. Имајќи ја во предвид нивната лоша економнска состојба, тие секојдневно се борат за гол опстанок, барајќи начини како да го прживеат денот и како да се прехранат. На нивната скала на потреби образованието не им е

приоритет. Овие деца немаат поддршка и мотивација од страна на нивните родители за вклучување во образованието и истрајност во завршување на тој процес. Голем дел од децата во школска возраст го поминуваат денот на улиците питачејки, наместо да бидат во училиште.

Вклученоста и значењето на образованието е општо позната. Значењето на завршеното основно образование не е само во здобиеното минимум знаење, туку во тоа што при одењето на училиште се изградува нивната личност, навики за дисциплина, обврски, точност. Овие деца со вклучување во образовниот процес добиваат нови сознанија, стекнуваат нови пријтелства, осознаваат друг начин на живот и добиваат можност да го променат својот живот. За децата многу е важна поддршката од страна на семејството за вклучување и истрајност во образованието.

Понекогаш децата со низок социо-економски статус и покрај желбата да посетуваат училиште, се спречени да го направат тоа од објективни причини. Некои од нив не се регистрирани во матичната книга на родени, а со тоа немаат соодветна документација, некои score неможат да обезбедат основни школски материјали за редовна настава, некои практично немаат основна облека и чевли за носење со што се изложуваат на потсмев на останатаите деца во училиштето. Ова се само некои од причините поради кои децата не се вклучени во образовниот процес. Дополнително отсуството на поддршката од родителите ги принудува децата деновите ги поминуваат по улиците питачејќи и извршувајки ситни продажби и останати улични работи.

## 1.3 **Фактори на резилиентност**

По својата природа и развојни можности децата се вродено ранливи, но истовремено јаки и упорни во намерата да опстанат и да напредуваат. Истражувачките студии кои го проучуваат детскиот развој и механизмите на справување на детето со неизвесноста на неповолните животни услови се задржуваат на две комплементарни теми:

- за ранливоста (преку факторите на ризик) и
- отпорноста (дефинирана со заштитните фактори и механизмите за справување).

Во меѓусебна поврзаност и условеност, тие го покажуваат огромното разнообразие на детската индивидуалност и неговите потенцијали за развој. Проучувањето на ризични деца не е едноставно и се врзува за повеќе концептуални и методолошки прашања. Тоа

е на пример, проблемот на дефинирање на популацијата "деца под ризик" (Sameroff и Seifer, 1990) односно определувањето на факторите на ризик, како предвидувачи на негативните исходи на детскиот развој, а потоа и на факторите на детската отпорност кои се поврзани со предходните, корегирајќи го ризикот и влијаејќи врз конечниот резултат. За сите оние кои се занимаваат со психосоцијалните програми за унапредување и зајакнување на детето и зеадницата под ризик, овие прашања се од особена важност при дефинирање на полето и стратегиите за помош. Односно, во дефинирање на тоа Кого помагаат и Што е тоа што всушност помага?

Дополнително од исклучителна важност е концептуалното прашање за раздвојување на факторите на ризик и заштитните фактори. Имено, тешко е да се дефинираат заштитните фактори, односно да се определи тоа што една индивидуа (дете) ја прави отпорна на ризиците на кои е изложено, ако првите не ги познаваме доволно (кога не можат јасно да се дефинираат и разграничат, или кога не се знае начинот на нивното дејствување)? Како да се определи резултантата од меѓусебното дејство на факторите на ризк и заштитните фактори, за да знаеме што е најдобро и да планираме во програмите за поддршка на децата под ризик?

Решението на овој проблем истражувачите на оваа појава го гледаат во идентификувањето на системи од веќе поврзани фактори за кои е докажано дека имаат влијание врз развојот на детската компетентност, кога на пример, се споредуваат еден, или друг тип на семејство. Во тој случај тие се дефинирани преку менталната состојба на мајката, социјалниот статус на семејството и другите утврдени критериуми.

Иако тешко одвоиви од контекстот на ризични фактори, заштитините фактори, за кои се смета дека се главниот чинител што некои деца и покрај крајно нестимулативните животни околности, сепак успеваат, резултатите од истражувањата на (Garmezy, N. 1981), упатуваат на позитивните срeдински услови и личните карактеристики на детето. Прашањето што можеме тука да го поставиме е: што со оние деца кои потекнуваат од хронично ризични средини, а сепак постигнуваат и функционираат, дури и подобро од другите?

Предлогот на Рихтерс и Виентрауб (Richters и Weintraoub,1992) е да се направи дистинкција помеѓу двете значња на терминот "заштитен фактор". Едното значење, на дескриптивно ниво, би се користело како синоним за *намалувач на ризикот*, обидувајќи се да опише состојба на високо ризично дете чии индивидуални какрактеристики и стимулативна средина (во улогата на заштита) се поврзуваат со

намалување на опасност од опаѓање на детското, когнитивно, емоционално и социјално функционирање. Другото значење на поимот "заштитен фактор" би ги обединил двете значења, дескриптивното, и она кое оди чекор понатаму имплицирајќи ги *причините*, односно одговорот на прашањата: *Зошто?* и *Како?* овие фактори се поврзани со намалената веројатност за негативни животни исходи?

Очигледно дека факторите на заштита создаваат динамичка спрега со развојната компонента, под силно влијание на факторите на ризик? Сепак и покрај досегашните проучувања на детското функционирање во различни животни услови, се уште го немаме одговорот на прашањето Кои фактори на Кој начин ја одигруваат одлучувачката улога во совладувањето на детските стесогени и трауматски искуства.

Идејата е од една страна, да се истражат основните претпоставки за детскиот развој во ограничувачки животни околности, но истовремено да се направи чекор поблиску до природата на таканареченото "отпорно дете", кое често го препознаваме во однесувањето на децата изложени на сурови услови, на кои и покрај тоа што немаат можност да влијаат, сепак успеваат да ги надминат, често и поуспешно од возрасните.

Најчестиот опис на овие деца се сведува: на изборот на веќе постојани карактеристики на личноста, на предходно развиените блиски односи со другите, на расположливите извори на поддршка, и искуството на успешно совладани минати искуства, во споредба со децата кои не успеваат. Дали е тоа доволно и каде уште лежат петенцијалите на децата кои страдаат?

Во интерактивните модели се смета дека факторите на заштита имаат ефект само во комбинација со факторите на ризик. Во своите студии Morriset разликува три фактори на заштита: **заштитници** (социјална поддршка), **прекинувачи** (оние што го прекинуваат ланецот на ризични судири, посета на советувалиште од страна на родителите и тн.) и **сузбивачи** (оние што спречуваат појава на ризични фактори, контрола на темперамент) (Fraser, 1997).

При разгледувањето на заштитините фактори посебно ќе ги потенцираме: индивидуалната компетентност, родителска компетентност, други возрасни лица, соседство, училиште и други институции одговорни за децата и младите.

Индивидуалната **отпорност** нагласува траен и наследен начин на успешно соочување со стресот. Самата отпорност на детето зависи од неговите предиспозиции (темперамент, когнитивен потенцијал, телесен изглед и емоционална интелигенција). Отпорноста е резултат на интеракција на ризични фактори во комбинација со

позитивни сили (фактори) на заштита кои придонесуваат кон здраво приспособување. (Garmezy, 1991).

Доколку семејството добро функционира и дава соодветно прифаќање на членовите, детето прима емоционална топлина, прифаќање, самостојност, насоченост кон постигнување и развој на соодветни норми и вредности. Суштинско прифаќање на детето е од посебно важност за неговиот урамнотежен психосоцијален развој. Пожелно е детето да добие порака дека е сакано, вреднувано и да може да разговара со возрасен член на семејството за сé што се случило и да се реагира на несоодветното однесување на детето.

Ако семејството не може тоа да го оствари потребно е да се развие **мрежа на поддршка** како на семејството така и на детето за да се надмине ризикот. **Социјалните мрежи** (пријатели, соседи, роднини) како и **формалните изворни** системи кои ги сочинуваат невладините организации и здруженијата работат на непосредно задоволување на потребите на децат и нивните семејства па се до **социјалните сиситеми** и установи од обласа на социјалната заштита, болници, училишта, полиција и други системи со кои детето е во интеракција. Она што е сигурно е дека факторите на заштита се внатрешни и надворешни сили кои му помагаат на детето подобро да ги поднесе ризиците или да се ублажат ризиците (Fraser, 1997).

Сигурно е дека заштитата на децата под социјален ризик ќе биде унапредена и збогатена ако се одвива во интегрални активности на сите значајни чинители, пред сé неформалните системи (семејството, соседството, роднините, пријателите), формалните системи (различни асоцијации и здуженија на граѓани) и социјални системи (служби на социјална заштита, образовни, здравствени и други јавни институции)( Димитријоска, 2000).

## 1.4. Ризични групи на деца за трудова експлоатација

Постојат голем број на дефиниции кои се обидуваат точно да го дефинираат на поимот "деца во ризик". Терминот во ризик во последните години станува актуелен термин со кој се опишуваат децата и младите кои се наоѓаат на пат кон многубројни проблеми кои се заканувааат на нивниот позитивен развој и позитивна адаптација во општеството во кое живеат. Со други зборови, терминот во ризик се користи за

опишување на деца и млади кои доживуваат големи тешкотии, од изложеност перинатален стрес, сиромаштија, насилство, смрт на родители, исклученост од образование, малолетничка бременост, емоционални проблеми во адаптацијата, неможност да се научат вештини потребни за успешен живот, кои понатаму ќе ги водат кон ризични однесувања.

Според Рихтерс (Richters, 1992), децата под социјален ризик се поделени на: деца без родителска грижа, запоставени деца, деца со воспитно-социјални проблеми, деца кои употребуваат droги и алкохол, деца од семејства со брачни конфликти.

Кога станува збор за децата на улица/уличните деца класичните социјално - патолошки теории поаѓаат од идејата дека тоа се девијантни и неприспособени личности во однос на општествените норми, вредности и барања, со тоа што заедничко им е дека основните причини на таквите однесувања ги гледаат во поединечни општествени фактори:

- теоријата на имитациите и следење на примерите под дејство на социјалните и психолошките фактори;
- теоријата за доминантно влијание на поинаквите контакти со кои се учат девијантните однесувања со посредство на примарните групи (семејството) на индивидуата;
- теорија на подкултурата со усвојување на девијантни вредности кои се во спротивност со доминантниот систем на вредности и норми; и
- теоријата на општествена дезорганизација со слабеење на влијанието на примарните групи и установи во одредени општествени околности.

Во една компаративна меѓународна студија, Бланк (1992) меѓу загрозените деца од урбаните средини ги набројува:

- децата кои работат на улица но живеат со своите семејства и придонесуваат кон опстанокот на домаќинството;
- децата кои се на пат да станат улични деца, кои нередовно преспиваат во домот на семејството и кои не секогаш се подготвени да ја предадат својата дневна заработувачка на семејството;
- „вистински“ улични деца кои најчесто се деца без дом и семејство, деца кои избегале од дома, сами или со свои врсници и буквално живеат на улица и работат сами за себе и за обезбедување на својот опстанок.

Кон овие категории деца е додадена категоријата на:

- деца кои родителите ги праќаат или за финансиски надоместок буквално ги продаваат на други семејства каде што работно се ангажираат.

Децата на улица и другите деца под ризик подеднакво како и останатите деца заслужуваат посебна организирана грижа, заштита и помош. За децата на улица, повеќе отколку нивниот вистински, улицата им станала дом. Тоа не се секогаш деца бездомници или без семејства, туку деца кои се наоѓаат во животни ситуации на недостаток на заштита, поддршка или насочување од страна на возрасните лица кои се одговорни за нив.

Имајќи ги во предвид погоре споменатите дефиниции и категоризации во однос на децата во ризик да станат жртви на трудова експлоатација, а според поставеноста нашиот правен систем во однос на оваа проблематика, ќе напоменеме повеќе неповолни животни ситуации во кои децата се наоѓаат под висок социјален ризик и стекнуваат статус на деца што живеат по посебно тешки околности. Па така тука вбројуваме:

- Деца кои се **социјално исклучени** - Европската комисија (2004) го дефинира социјалното исклучување како процес во кој одредени поединци се истиснати до работ на општеството и се спречени целосно да учествуваат заради нивната сиромаштија, или недостигот од основни оспособености и можности за континуирано учење или како резултат на дискриминација. Ова ги оддалечува од работа, приход и можности за образование, како и од мрежите и активностите во општеството и заедницата. Социјалната исклученост не секогаш значи сиромаштија. Можно е да се биде сиромашен, но да се биде социјално вклучен, како што е можно и да се биде социјално исклучен, без да се биде сиромашен. Иако тоа не е едно исто, сиромаштијата и социјалното исклучување, сепак, се тесно поврзани. Луѓето што живеат во сиромаштија се изложени на поголем ризик од социјално исклучување, затоа што недостигот на ресурси честопати ги ограничува нивните образовни и развојни можности и со тоа последователно ги спречува да учествуваат во економскиот, социјалниот и културниот живот во нивното општество. Што се однесува до децата, сиромаштијата е силна детерминанта не само за тековното, туку и за идното социјално исклучување. Децата што растат во сиромашни домаќинства често имаат ограничен пристап до образование и според тоа често имаат ограничени можности за идно вработување и соодветен приход. Овие фактори често доведуваат до тоа децата да

бидат заробени во еден интергенерациски циклус на сиромаштија и социјално исклучување.

- Деца опфатени со **детска сиромаштија** - Во рамките на општиот контекст на сиромаштија, детската сиромаштија има специфична димензија. Децата поакутно ги искусуваат сите форми на сиромаштија од возрасните заради нивната ранливост и затоа што изгубените можности во детството честопати не можат повторно да бидат добиени подоцна во животот. УНИЦЕФ ја разви следната работна дефиниција на детска сиромаштија: Деца што живеат во сиромаштија се оние кои искусиле недостиг од материјални, духовни и емоционални ресурси потребни за опстанок, развој и напредок, со што не биле во можност да ги уживаат своите права, да го остварат целосно својот потенцијал или да учествуваат како целосни и рамноправни членови на општеството (УНИЦЕФ, 2004). Овде материјалните ресурси вклучуваат приход, храна, пристап до образование или здравствени услуги, заштита од ризици по здравјето, како што се, на пример, оние врзани со тешка физичка работа. Духовните ресурси вклучуваат поттик, значајност, очекувања, модели и врснички односи. Емоционалните ресурси вклучуваат љубов, доверба, чувство на прифатеност и вклученост, и отсуството на ситуации на злоупотреба (Гаспар Фајт и Катерине Холанд, 2007). Децата имаат потреба од основни ресурси и услуги со цел да се развиваат и ментално, и физички и емотивно. Тие имаат потреба од образовни капацитети, вакцини, здравствена заштита, безбедност, исхрана, чиста вода и поддржувачко опкружување за целосно да се развијат во здрава возрасна единка. Заради нивните посебни развој ни потреби во текот на овој "критичен период од животот, децата се особено ранливи на експлоатација и злоупотреба" (УНИЦЕФ, 2005). Сите мерни показатели на сиромаштијата покажуваат дека децата се изложени на сиромаштија во поглема мера од другите демографски групи. Со последните статистички податоци на национално ниво се истакнува дека околу 37 проценти децата живеат под прагот на релативната сиромаштија (УНИЦЕФ, 2012).

- Деца **жртви на насилство** - без разлика дали насилството е сторено од страна на семејството или од некое надворешно лице (соученици, другари). Во некои семејства насилството е нормална појава и начин на функционирање и воспитување на децата. Па така децата што се жртви на насилство во семејството, за разлика од своите врсници, почесто изразуваат различни нарушувања во однесувањето и потешко се социјализираат. Тие почесто прават прекршоци, се однесуваат агресивно, анксозно се и

несигурни, нивниот морален развоја е нарушен, а односите со врсниците им се лоши (Wolfi,1987; Ajdukovic,1990).

- Деца што потекнуваат од **семејства со брачни и семејни конфликти**. Без ралика на нивната возраст децата кои се сведоци на семејни конфликти доживуваат стресни моменти и ситуации кои оставаат длабоки траги по нивната психа. Траумите што ги доживеале овие деца се долготрајни и со различен интензитет и сами по себе водат кон нессодветно однесување на децата особено во пубертетските денови. Голем број од овие деца неможејќи да се справат со конфликтните ситуации во семејството, се одлучуваат да си заминат од домот и да почнат да водат бездомнички живот станувајќи исклучиво ранливи на трудова експолатација и питачење.

- Деца **без родители** и родителска грижа. Во оваа категорија на деца спаѓаат деца кои немаат живи родители, чии родители се непознати или исчезнати, деца кои имаат родители, но тие одбиваат да се грижат за нив, деца на чии родители им е одземено родителското право и работната способност, деца чии родители се тешко болни и се наоѓаат на долготрајно лекување. Сами по себе овие ситуации наметнуваат детето да ја нема основната заштита и сигурност од родителите, а со тоа и несоодветен модел на морално и продуктивно однесување што ги става овие деца во исклучително тешка животна ситуација.

- Деца со **посебни потреби** - Основниот проблем, освен активностите за подигнување на нивото на способности на децата со посебни потреби и на нивото на комуникација, се и активностите насочени кон нивната социјализација, односно интеграција во општествената средина. Опишувајќи ги карактеристиките на личноста на децата со посебни потреби, голем број истражувања укажуваат дека тие се несигурни, недоверливи и наклонети кон социјална изолација. Од друга страна, во зависност од степенот на попреченост, овие деца се подложни на манипулации и нивно искористување за питачење и добивање на финансиска корист на сметка на нивната попреченост.

- Деца што **употребуваат психотропни супстанци**. Употребата на наркотични средства кај децата носи големи ризици и последици, како психички и соматско-невролошки, така и социјални. Употребата на наркотични средства ја намалува и уништува способноста за успешно функционирање во текот на секојдневните активности, создава потешкотии во учењето и во помнењето. Психолошката и физиолошката зависност што се создава при употребата на

наркотичните средства доведува до многу сериозни здравствени, социјални и финансиски проблеми. Па така децата кои припаѓаат на оваа категорија се во голем ризик да бидат трудово експлоатаирани на различни начини или да се одлучат на питачење за да ги задоволат своите потреби за наркотични средства.

# 2 ЗАКОНСКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

## 2.1 Анализа на меѓународни документи и конвенции

Постојат разни меѓународни документи и конвенции кои ги пропишуваат и гарантираат правата на децата и предвидуваат нивна заштита од злоупотреба и експлоатација. Ќе наведеме некои за кои се смета дека ја поставуваат основата за остварување на детската заштита во државите, а кои Република Македонија ги има ратификувано.

Поради масовното намалување на вредносните животни можности и повреда на правата на децата, како прв чекор кој е направен е донесување на **"Декларацијата за правата на детето"** (ООН, 1959), на 20 ноември 1959 година. Од тогаш, е 20-ти ноември се обележува како ден на правата на детето. Преамбулата на Конвенцијата содржи една реченица која јасно ја покажува нејзината насока: "Човештвото му го должи на детето најдоброто што го има." 1979 година, е поднесен предлог оваа Конвенција да се прошири и да биде меѓународно-правно обврзувачка. Десет години подоцна, по напорни преговори Декларацијата за правата на детето беше усвоена од страна на Генералното собрание на Обединетите нации и сега е ратификувана од 191 земји членки. Како што е назначено во Декларацијата, на детето без оглед на неговата физичка и ментална зрелост, му се потребни посебна грижа и заштита, вклучувајќи и соодветна правна заштита, како пред така и по раѓањето.

Друг значаен документ кој се однесува на заштитата на детето, а кој ја дава основата за законските форми на заштита на национално ниво е **"Конвенцијата за права на дететов** (ООН, 1989) донесена од стана на Обединетите нации. Уште во самата преамбулата на оваа конвенција се наведува дека во сите земји на светот има деца кои живеат во вонредно тешки услови и дека на таквите деца им е неопходна посебна грижа. Во конвецијата се нагласува дека Државите потписнички на оваа Конвенција треба да ги почитуваат и ги обезбедуваат правата содржани во Конвенцијата за секое дете под нивна јурисдикција без било каква дискриминација и без оглес на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, имотната состојба, онеспособеноста, потеклото или друг статус на детето или на неговиот родител или законски старател (Член 2). Специфично Членот 32 од конвенцијата се

однесува на правото на детето за заштита од економска експлотација и работа во дејности кои може да бидат опасни или да му го попречуваат образованието на детето или да му наштетат на здравјето на детето, односно на неговиот физички, духовен, морален или социјален развој (став 1). Понатаму конвенцијата нагласува дека државите членки треба да преземаат законодавни, административни, социјални и образовни мерки за примена на одредбите на овој член. За таа цел, а имајќи ги во предвид соодветните одредби на другите меѓународни инструменти, државите членки посебно: ја одредуваат минималната старост за вработување; го обезбедуваат регулирањето на работно време и условите за работа; и одредуваат со соодветни казни или други санкции да се осигури ефикасната примена на одредбите на овој член.

Дополнително, со цел зајакнување на напорите на државите членки кон заштитата на правата на децата е изработен **"Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија"** (ООН, 1996), а кој е ратификуван од страна на нашата држава. Со овој документ земјите специфично се обврзуваат дека ќе ја забранат продажбата на деца, детска проституција и детска порнографија согласно одредбите на овој Протокол. Во него се пропишани мерките кои земјите членки треба да ги преземат за заштита на децата од продажба и детска порнографија.

**Милениумските развојни цели** се осум меѓународни развојни цели за коишто сите 192 земји - членки на Обединетите Нации и најмалку 23 меѓународни организации се договорија да ги постигнат до 2015 година. Тие вклучуваат искоренување на екстремната сиромаштија, намалување на стапката на смртност кај децата, борба против смртоносни болести и развивање на глобално партнерство за развој. Втората цел се однесува на постигнување на универзално основно образование, каде што се нагласува потребата од основно образование за сите деца со препорака - да се осигура дека до крајот на 2015 година насекаде, сите момчиња и девојчиња, да бидат во можност да завршат основно образование. Понатаму во третата цел се однесува на надминување на проблемите кои создаваат родова нееднаквост и да се преземаат мерки за зајакнување на жените, комбиниранао со правата цел, дека треба да се преземаат мерки за намалување на сиромаштијата која е главна пречка за остварување на правото на едукација, посебно кај женските деца.

Со цел заштита на правата на децата нашата држава ја има ратификувано и потпишано **"Европска конвенција за остварување на правата на децата"** (Совет на

Европа, 1989). Со оваа конвенција се обврзуваат државите членки да ги преземат сите соодветни законски административни и други мерки за имплеметација на правата признати во Конвенцијата.

Оваа конвеција специфично се однесува на најдобриот интерес за децата, унапредување на нивните права, да им се дадат процесните права и да им се олесни остварувањето на тие права на тој начин што ќе се обезбеди децата сами или преку други лица/органи да бидат информирани и да им се овозможи да учествуваат во постапките пред судските органи во кои тие се засегнати.

Поради најдобриот интерес и заштита на интересите на децата во случај на нелегален трансфер или невраќање на децата, Република Македонија пристапи кон "**Хашката конвенција за граѓанско - правните аспекти на меѓународното грабнување на деца**" од 1980 година како и кон Европската конвенција за признавање и извршување на одлуките во врска со старателството врз деца и повторно воспоставување на старателство врз децата од 1980 година. Така Хашката конвенција ги обврзува земјите потписнички да преземаат мерки за итно враќање на децата кои се незаконито одведени или задржани во некоја држава како и да се остварат правата на грижа, видување и почитување на детето според законот на државата членка.

Државите потписнички на "**Конвенцијата за забрана и елиминација на најлошите видови на детски труд**" (МОТ, 1999) се обврзани за ефикасно елиминирање на најлошите форми на детски труд. Конвенцијата исто така потенцира дека ефектната елиминација на најлошите видови детски труд бара итна и решителна акција, имајќи ја предвид важноста на слободното основно образование и потребата да се отстранат децата од секаков вид труд и да се овозможи нивната рехабилитација додека се пресретнуваат потребите на нивните семејства.

Трговијата со луѓе како еден криминален и организиран начин на експлоатирање на луѓето вклучувајќи ги и децата, зазема се поголем замав во регионот. Државата увидувајќи ја потребата од брз и одлучен одговор на оваа појава ја ратификуваше "**Конвенција на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе**" во 2009 година. Оваа конвенција конкретно се фокусира на превенција и сузбивање на трговијата со луѓе заради различни видови на експолатација вклучувајќи и трудова експлоатација и питачење, со гарантирање на еднаквост меѓу мажите и жените, вклучувајќи ги и децата. Конкретните цели на оваа конвенција се заштита на правата на жртвите од трговија со луѓе, востановување на целосна рамка за заштита на

жртвите и помош и на сведоците, како и обезбдеување на ефикасни истраги и гонења. Во глава три на конвенцијата конкретно се предвидени мерките на заштита и унапредување на правата на жртвите, вклучувајќи соодветна идентификација, заштита на приватниот живот, помош на жртвите, период на одлучување и реинтеграција, право на компензација (обештетување) и други конкретни мерки кои ќе и помогнат на жртвата успешно да се реинтегрира во општеството.

## 2.2 Нормативни рамки за заштита на децата во Република Македонија

Република Македонија има превземено бројни законски решенија и различни мерки во однос на заштитата на децата. Одредбите кои се однесуваат на децата и нивната заштита се втмелени во повеќе закони. Ќе ги споменеме постоечките позитивни законски решенија кои ги заштитуваат правата на децата обезбедуваат заштита од експлоатација:

Така со **Законот за заштита на децата** (Службен Весник на РМ бр.170/10) во Член 9 е предвидено дека все забрануваат сите облици на сексуално искористување и сексуална злоупотреба на децата (детска порнографија, детска проституција), насилно подведување, продажба или трговија со децата, психичко или физичко насилство и малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување, сите видови на експлоатација, комерцијално искористување и злоупотреба на децата со кои се кршат основните човекови слободи и права и правата на дететов.

Со цел заштита на децата на улица во **Законот за социјална заштита** (Службен весник на РМ бр. 79/09), се предвидува вформирање на дневни центри за улични деца - деца на улица, во кои на децата и на членовите на нивните семејства им се обезбедува лична хигиена, исхрана, воспитно - едукативни услуги, советувалишна работа, културно - забавни и рекреативни активностив (чл.140 ст.1)

**Законот за семејството** (Службен весник на РМ бр.80/92; 38/14; 115/14) предвидува повеќе мерки за заштита на децата, па така во делот за надзор над вршење на родителското право, во Членот 90 е наведено дека на родителот кој го злоупотребува вршењето на родителското право или грубо го занемарува вршењето на родителските должности по прибавено мислење од центарот за социјална работа, му се одзема вршењето на родителското право со решение на судот, во вонпроцесна

постапка. Законодавецот во овој член ги дефинира видовите злоупотреба или грубо занемарување на родителските должности во смисла на ставот 1 од овој член, ќе се смета ако родителот: спроведува физичко или емоционално насилство над детето; полово го искористува детето; го присилува детето на работа која не одговара на неговата возраст; му дозволува употреба на алкохол, дрога или други психотропни супстанции; го наведува детето на питачење или го користи детето за питачење; го наведува детето на општествено неприфатливи поведенија; го напуштил детето и подолго од три месеца не се грижи за детето и ако на кој било друг начин грубо ги крши правата на детето.

Најновите измени на овој закон (19.02.2014) особено се значајни за децата на улица, бидејќи во видовите на злоупотреба е вклучено и питачењето на детето, но исто така има предвидено построги санкции за родителите. Па така во Член 91 е предвидено дека Центарот за социјална работа е должен да поведе постапка за одземање на родителското право кога, на кој и да било начин, ќе дознае дека за тоа постојат причини утврдени со овој закон.

Центарот за социјална работа во случаите од Членот 90 став 2 од овој закон, ќе му укаже на родителот на недостатоците и пропустите во вршењето на родителското право, ќе донесе решение за постојан надзор над вршењето на родителското право и ќе спроведе стручно советодавна работа со родителите и со децата.

Доколку родителот на детето кое е занемарено или злоупотребено, не постапи по укажувањето на центарот за социјална работа и повторно го злоупотребува родителското право или грубо го занемарува вршењето на родителските должности, центарот за социјална работа е должен веднаш времено да го одземе детето од родителот и да покрене постапка за одземање на родителското право пред надлежниот суд, да му обезбеди соодветно згрижување и да преземе мерки за заштита на правата и интересите на малолетното дете до донесување на конечната одлука на судот за одземање на родителското право.

По исклучок од ставот 3 на овој член, доколку центарот за социјална работа утврди дека родителот со своите постапки грубо го занемарил или злоупотребил детето и со тоа го довел во опасност животот на детето, е должен веднаш времено да го одземе детето и да покрене постапка за одземање на родителското право пред надлежниот суд, да му обезбеди соодветно згрижување и да преземе мерки за заштита на правата и интересите на малолетното дете до донесување на правосилна одлука на

судот за одземање на родителското право. Во случаите од ставовите 4 и 5 на овој Член центарот за социјална работа е должен веднаш да поведе постапка против родителот на малолетното дете за сторено кривично дело.

Во однос на правата на децата за образование **Законот за основно образование** (Службен весник на РМ бр. 103/08) **и Законот за средно образование** (Службен весник на РМ бр. 44/95) предвидуваат дека секое дете има право на основно и средно образование. Основното и средното образование е бесплатно и задолжително.

На уличните деца истото право им е оневозможено, при што за нивно вклучување преземаат мерки центрите за социјална работа, а особено дневните центри, а со обезбедување на бесплатните учебници и бесплатен превоз се стимулира нивно вклучување во образовниот процес.

**Закон за правда за децата** (Службен весник на РМ бр. 99/13) кој е нов закон и стапи на сила 06.11.2013 година има за цел остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, заштита на децата сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци и од поврат на такви дела, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за децата и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на Република Македонија, со Конвенцијата за правата на детето и со другите меѓународни договори за положбата на децата, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија (Член 2). Често децата на улица извршувајки разни работи на улица понекогаш со своите дејствија прават кривични дела и прекршоци. Овој закон е од исклучителна важност за децата на улица дотолку што всо овој закон се уредува постапувањето со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, се определуваат условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, на воспитни и алтернативни мерки и за казнување на децата и помладите полнолетни лица, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со децата и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казнив (Член 1). Со законот е предвидено и дека (1) „ниту едно дете не смее да биде изложено на мачење или други свирепи нечовечки или понижувачки постапки или санкции". (2) „Детето секогаш има право на засилена заштита од мачење или други свирепи нечовечки или понижувачки постапки или санкции" (Член 8).

Во **Законот за работни односи** (Службен весник на РМ бр. 34/14) државата ги предвидува условите и мерките за заштита на децата при вработување на млади лица под 18 години возраст. Па така е предвидено дека договор за вработување може да склучи лице кое е над 15 години до 18 години возраст и кое има општа здравствена способност. (Член 18). Се забранува работа за оние деца кои се под 15 години возраст или не завршиле задолжително образование, освен за учество во активности кои со закон е утврдено дека може да ги извршува, но не подолго од четири часа дневно. Исто така државата предвидела заштита на децата, односно дека "Работодавачот е должен да обезбеди заштита на младите лица од економска експлоатација и од каква било работа која може да има штетно влијание врз нивната безбедност, здравјето, физичкиот, менталниот, моралниот или социјалниот развој или истата може да го загрози нивното образование".

За децата кои се помлади од 15 години може, со плаќање на надоместок, по исклучок да учествуваат во активности кои по својот обем и карактер не влијаат штетно врз здравјето, безбедноста, развојот и образованието, и тоа: учество во културни и артистички активности, спортски настани и рекламни активности.

Законски е определена и возраста на децата односно "како младо лице се смета секое лице кое може да склучи договор за вработување, кое има најмалку 15 години возраст, а под 18 години возраст и кое не е опфатено во задолжително образование, за извршување на работи кои не се штетни по неговото здравје и безбедност". Во однос на работните часови, предвидено е дека максималниот број на часови на работно време на младо лице на возраст под 16 години е 30 часа неделно и во случај кога младото лице работи кај повеќе работодавачи истовремено. Дополнително е предвидено дека работното време на младо лице не смее да надмине осум часа во период од 24 часа. За да се избегне експлоатацијата на децата државата предвидела дека "работодавачот не смее да го користи методот на награда со цел за зголемување на обемот на работа при што би се загрозила безбедноста и здравјето на младото лице".

**Кривичниот законик** (Службен весник на РМ бр. 37/96; 74/14) во Член 201 став 1 предвидел дека "Родител, посвоител, старател или друго лице кое со грубо запоставување на својата должност за грижа и воспитување, ќе го запушти малолетното лице или ќе го малтретира ќе се казни со затвор од 3 месеци до 3 години". Дополнително предвидено е дека "со казна затвор од три месеци до три години ќе се казни родител, старател или друго лице кое присилува малолетно лице на работа што

не одговара на неговата возраст и физичка сила или од користољубие го наведува на питачење или вршење на други дејствија што се штетни за неговиот развоток" (Член 201 став 2).

Трговијата со деца како сериозен криминал кој го загрозува животот, физичкото и психичкото здравје на децата исто така е санционирана со овој закон. Па така "тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа малолетно лице заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години" (Член 418-г).

Во **Закон за прекршоците против јавниот ред и мир** (Службен весник на РМ бр. 66/07) Член 24 е предвидено да му се изрече глоба во износ од 15 до 50 евра во денарска против вредност на оној кој ќе се затекне да питачи. Исто така во членот 34 е предвидена санкција за родителите/старателите, односно "Родител или старател чие дете, поради занемарено грижење врши прекршоци од овој закон ќе му се изрече глоба во износ од 600 до 800 евра во денарска против вредност".

**Закон за матична евиденција** (Службен весник на РМ бр.98/08) е од посебно значење за оваа категорија на деца. Имајќи го во предвид фактот што овие деца често не се евидентирани во матичните книги, законодавецот предвидил во Членот 6 е предвидено дека враѓањето на дете се пријавува писмено или усно на записник на матичарот од матично подрачје на кое се родило дете, во рок од 15 дена од денот на раѓањетов. Покрај родителите и "Здравствената организација е должна да го пријави раѓањето на детето во организацијата. За дете кое не е родено во здравствена организација пријавувањето го врши таткото на детето, односно лицата во чиј стан детето е родено, мајката штом ќе биде способна за тоа или здравствениот работник кој учествувал во породувањето. Ако ги нема наведените лица или не се во можност да пријават, раѓањето може да го пријави лицето кое дознало за тоа" (Член 7).

Законодавецот предвидел и "глоба во износ од 500 до 2000 евра во денарска притив вредност ќе и се изрече за прекршок на јавната установа ако во пропишаниот рок не го пријави раѓањето на детето. Ќе му се изрече глоба во износ од 200 до 490 евра во денарска против вредност и на одговорното лица во здравствената установа и друго правно лице" (Член 31). Исто така покрај јавните установи и на физичките лица

ќе им биде изречена глоба во износ од 30 до 100 евра доколку не го пријави раѓањето на детето во предвидениот рок (Член 32).

Во законските одредби јасно е поставена рамката определување на возраста и условите за работа на децата. Така во Уставот на Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 52/91) и Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр. 62/05) е поставена минимална трудова возраст за деца, и тоа 15 години. На децата кои се на возраст од 14 години им е дозволено да работат како приправници на обука или како дел од официјалната образовна програма. Принудната работа е забранета со Уставот на РМ (член 11).

### 2.2.1 Владини политики и институционален одговор за заштита на децата од искористување на нивниот труд во Република Македонија

Во Република Македонија е основана и функционира Национална комисија за заштита на правата на децата која е координативно тело составено од претставници од владините иститутции. Одговорностите на Комисијата вклучуваат заштита против детскиот труд, но сепак, главниот фокус на оваа Комисија се  социјалните услуги и други начини и начините за заштита на правата на децата.

Владата на Република Македонија донесе одлука за формирање на Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција која е тело за координација на активностите во однос на сузбивање на трговијата со луѓе и заштита на жртвите од трговија со луѓе. Комисијата е составена од представници на ралични Министерства кои во рамки на своите надлежнисти го третираат проблемот на трговија со луѓе и заштитата на жртвите.

Носител на социјалната заштита на загрозените групи граѓани и клучен актер за заштита на децата на улица/улични деца е Министерство за труд и социјална политика (МТСП) кое во рамките на Секторот за социјална заштита отвори Одделение за социјална заштита и згрижување на социјални исклучени лица во чија надлежност е и заштита и грижа  на оваа категорија на деца на улица и нивните родители, како посебна целна група.

Институција која според надлежностите има голема улога во идентификација на деца кои се трудово експлоатирани е Трудовиот инспекторат. Според структуралната поставеност, во државата постојат 110 трудови инспектори кои се одговорни за сите

прекршоци од областа на трудовото право, вклучувајќи го и детскиот труд. Обично во подрачните канцеларии има само по еден инспектор, кој ги покрива сите трудови прекршоци без да биде обучен за стандардите за заштита на здравјето на децата (Меѓународна организација на трудот, 2009). Во рамки на нивните работни задолженија, трудовите инспектори се овластени да вршат најмалку 60 инспекции месечно и најмалку еднаш годишно за бизнисите во следниве сектори: индустрија, земјоделството, трговијата, градежништвото, шумарството, транспорт, комуналните услуги, занаетчиство, хотели и ресторани, училишта и универзитети, работилници и лаборатории кои се користа за професионална пракса (Меѓународна организација на трудот, 2009). Меѓународната организација на Трудот упати охрабрување до владата да се прошири опсегот и да се зајакнат капацитетите на инспекциските служби за подобро да ја следат работата на децата кои работат во неформалниот сектор во однос на почитување на законските норми од страна на нивните работодавци.

Дополнително останатите Министерства и институции како што се: Министерството за внатрешни работи (МВР), Канцеларијата на Народниот правобранител, Обвинителството, Судовите и Центрите за социјална работа се одговорни институции за спроведување на законите кои се однесуваат на присилна работа која е опасна за здравјето на децата.

Владата на Република Македонија има изготвено 10 годишен Национален акциски план за правата на детето (2006-2015), во кој се нагласени активностите за спречување и елиминирање на најлошите форми на детски труд. Акцискиот план исто така вклучува директна помош и интервенција за ослободување од местото на експлоатација, рехабилитација на жртвите, како и одредби за подобар пристап до основното образование.

Дополнително, Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција подготви и нова Национална стратегија и Национален акциски план - НАП (2013-2016) за борба против трговија со луѓе, со придружен акциски план за борба против трговија со деца специфично, кој беше усвоен од страна на Владата на Република Македонија во октомври, 2012 година. Во оваа стратегија и НАП се содржани активности за спречување на трудовата експлоатација на децата како и активности за заштита на децата жртви на трговија заради трудова експлоатација.

Со цел да се спроведе системски и холистички одговор на проблемот со уличните деца, развиен е Акциски план за деца на улица 2013-2015. Планот се состои

од потенцирање на улогата на социјаните служби, здравство како и вклучување во образовниот систем.

Имајќи во предвид дека поголемиот дел од децата на улица/уличните деца се од ромската заеница, значајно е да истакнеме дека на ниво на Европа и во нашата земја се реализира **Декадата за вклучување на Ромите** (2005-2015). Носител на активностите во рамките на Декадата е Владата на Република Македонија, додека Министерството за труд и социјална политика се јавува во улога на координатор на меѓуминистерската работна група.

Министерството за труд и социјална политика (МТСП) донесе 10 годишна национална стратегија за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост. Стратегијата исто така се однесува на правата на децата, вклучувајќи социјална заштита, социјалната вклученост, здравство, образование и вработување.

Во Февруари 2010 година владата усвои **"Мултидисциплинарен протокол за постапување со деца на улица/улични деца во Република Македонија".** Основа за развивање на овој Протокол за упатување и третман на деца на улица/улични деца потекнува од фактот дека постоечките институции немаа јасно зацртани надлежности и одговорности во однос на помошта и рехабилитација на деца на улица/уличните деца. Во недостиг на јасно одредена соработка помеѓу институциите и нивните одговорности во однос на децата на улица/уличните деца евидентна е потребата од крирање на протокол за третман/постапување и упатување на децата на улица/уличните деца. Целта на овој протокол е унифициран, стандардизиран и единствен начин на постапување (идентификување и упатување) со децата на улица/улични деца на територијата на државата кој преку мултидисциплинарен и мултисекторски приод создава основа за оттргнување на овие деца од улица, нивна заштита и целосно вклучување во општеството.

Во октомври 2012 година, Министерството за труд и социјална политика, во согласност со Министерството за здравство, донесе Правилник за минимална безбедност и здравје при работа за работници помлади од 18 години. Правилникот опфаќа општи одредби за заштита на работниците и пропишува гранични вредности на изложување на штетните ефекти од физички, хемиски и биолошки агенси на работното место, и дополнително листа на штетни фактори и работните услови на кои младите работници не треба да бидат изложени.

### 2.2.2 Дневни центри за деца на улица/улични деца

Во Република Македонија согласно иституционалните програми за заштита на децата Министерството за труд и социјална политика, преку поддршка на меѓународните организации, продолжува да раководи со Дневни центри одговорни за обезбедување на социјалните услуги за децата кои работат на улица, вклучувајќи ги и децата на улица кои питачат. Тимови од инспектори и социјални работници ги детектираат овие деца и ги насочуваат да ги посетуваат дневните центрите и да се вратат на училиште.

Во Скопје функционираат два Дневни Ценатри за деца на улица (во Кисела Вода и во Автокоманда) како организациони единици на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје. Во овие Центри се опфатени вкупно 455 деца на возраст од 4 до 14 години (од 600 евидентирани). Во Битола има 1 дневен центар во кој се опфатени 13 деца (од вкупно 68 евидентирани). (Завод за социјални дејности, 2013).

Основната улога на Дневниот центар за деца на улица е отстранување на децата од улицата и нивна инклузија, односно вклучување во општеството, преку усвојување на различни социјални вештини, како и работа со нивните родители и други членови на семејствата, заради подигање на родителски вештини и свесноста од негативнито влијание на улицата врз животот и здравјето на децата, преку реализација на соодветни програмски активности. Услуги кои ги обезбедува дневниот центар за деца на улица определени во Законот за социјална заштита се: дневно згрижување, воспитно - едукативни услуги, советувалишна работа со семејствата на децата, културно - забавни услуги, рекреативни услуги итн.

Во Република Македонија постојат и два Дневни центри кои работат со деца на улица/улични деца кои се раководени од страна на здруженијата на граѓани, а обезбедуваат различни услуги за помош и инклузија на овие деца во општеството. Како резултат на плурализацијата во социјалната заштита сервисите кои ги обезбедуваат овие два Дневни Центри делумно се финансиски поддржани од Министерствотто за труд и социјална политика. Дневниот центар “Едукативно-забавен дневен центар за деца на улица“ кој се наоѓа во Шуто Оризари е раководен од “Здружение за заштита на правата на децата“, во чии рамки секојдневно доаѓаат 60 деца, додека повремено доаѓаат 12 деца со кои се работи на нивно осамостојување. Работата во Дневните Центри секојдневно ја спроведува стручен тим од социјален

работник, психолог и педагог. Со дневниот центар кој се наоѓа во Општина Аеродром раководи здржението "Прва детска амбасада во светот - Меѓаши". Во овој Дневен Центар со децата работи стручен тим составен од педагог, психолог и социјален работник. Индиректно услугите на овој Дневен центар ги користат околу 50 деца на улица, а секојденевно истиот го посетуваат над 15 деца. Имајки ги во предвид од една страна, ограничениот број на ваков вид на центри, како и ограниченоста по однос на капацитети за вклучување на децата од улица, и од друга страна, потребата на овие деца континуирано да добиваат услуги и услугите да им бидат во местата на живеење, може да се констатира дека постоечките сервиси не се достапни за сите деца кои имаат потреба од ваков вид на услуги за заштита.

Дополнително, Министерството за труд и социјална политика има отворено бесплатна телефонска СОС линија на која може да се пријави дете на улица, дете во социјален ризик или злоупотреба на дете. По пријатавата на овој телефонски број надлежните Центри за социјална работа имаат обврска да постапат согласно нивните надлежности за заштита на децата.

Како надлежна институција за заштита на жртвите од трговија со луѓе Министерството за труд и социјална политика во 2011 година основа Центар за лица жртви на трговија со луѓе кое го раководи здружението на граѓани "Отворена Порта" - Скопје. Во прифатилиштето услугите од програмата за социјална помош и поддршка за штитеничките се обезбедуваат од страна на Здружението на граѓани, додека надлежното министерство го обезбедува просторот и ги обезбедува режиските трошоци. Ова прифатилиште згрижува жртви на трговија со луѓе од секаков вид на експлоатација вклучувајќи и експлоатација на детскиот труд и питачење.

# 3 ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦА

## 3.1 Поим и дефинирање на трудова експлоатација

Постојат многу дефиниции и објаснувања за поимот експлоатација, но најчеста е онаа во која експлоатација се објаснува како употреба на некој или нешто на неправеден или суров начин. Најчесто, зборот експлоатација се користи и се однесува на економска експлоатација, а тоа е акт на користење на трудот на друго лице без да се обезбеди соодветна и адекватна компензација/надокнада за извршената работа.

Кога станува збор детскиот труд постојат значителни разлики меѓу различните видови на работа која децата ја извршуваат. Некои се тешки и исцрпувачки, други се повеќе опасни, па дури и морално осудени. Додека работат, децата извршуваат многу широк спектар на задачи и активности.

Не сите работи кои ги извршуваат децата треба да бидат класифицирани како вдетски трудв кој треба да биде елиминиран. Учеството на децата и адолесцентите во работата која не влијае на нивното здравје и личен развој или го попречува нивното образование генерално се смета како нешто позитивно. Ова ги вклучува активностите како што се помагање на нивните родители во домот, помагање во семеен бизнис или заработување надвор училишните часови и за време на годишните одмори. Овие видови на активности придонесуваат кон развојот на децата како и за благосостојбата на нивните семејства, децата се стекнуваат со вештини и искуства, и им помагаат да се подготват да бидат продуктивни членови на општеството во текот на нивниот живот.

Терминот **„детски труд"** најчесто се дефинира како работа која ги отргнува децата од нивното детство, нивниот потенцијал и нивното достоинство, а тоа е штетно за нивниот физички и психички рзвој.

Таа се однесува на работа која е ментално, физички, социјално или морално опасна и штетна за децата и се меша со нивното школување преку:

- отргнувајќи/лишувајќи ги од можноста да одат на училиште;
- ги приморува предвреме да го напуштат училиштето;
- бара од децата да комбинираат присуство на училиште со тешка и долга работа.

Во најекстремните форми, детскиот труд подразбираат деца робови, одделени од нивните семејства, кои се изложени на сериозни опасности и болести и/или

оставени да се грижат сами за себе на улиците на големите градови - често на многу рана возраст. Дали одредени форми на "работа" може да се наречат "детски труд" во зависност од возраста на детето, видот и часовите на работа, условите под кои се врши и целите кои се следат од страна на различни земји. Одговорот варира од земја до земја, како и помеѓу секторите во рамките на земјите.

## 3.2 Најлоши форми на искористување на детскиот труд

Додека детскиот труд има многу различни форми, приоритет е да се елиминираат без одлагање најлошите форми на детски труд, како што е дефинирано во член 3 од Конвенцијата на Меѓународната Организација на Трудот (МОТ, 2002) бр 182:

(а) сите форми на ропство или практики слични на ропство, како што се продажба и трговија со деца, ропство заради долг и закрепостеност, принудна или задолжителна работа, вклучувајќи принудно или задолжително регрутирање на деца за учество во вооружен конфликт;

(б) употреба, набавување или нудење на дете за проституција, за производство на порнографија или за порнографски изведби;

(в) употреба, набавување или нудење на дете за недозволени активности, посебно за производство и препородавање на дрога како што е дефинирано во релевантните меѓународни договори;

(г) работа, која што по својата природа или по условите во кои се извршува има изгледи да им наштети на здравјето, безбедноста или моралот на децата.

Трудот кој ја загрозува физичката, менталната или моралната благосостојба на детето, или поради својата природа или поради условите во кои се врши, е познат како *"опасна работа"*.

Меѓународната Организација на Трудот (МОТ) дава насоки на владите на државите за опасниот детски труд кои треба да бидат забранети, а кои се содржани во придружната Препорака на МОТ бр 190 во однос на "забраната и моменталното дејствување за елиминација на најлошите форми на детски труд" од 1999:

При утврдување на видовите на работа содржани во Член 3 (г) од Конвенцијата, и во идентификување каде што постојат, треба да се земе во предвид, меѓу другото:

(а) работа што ги изложува децата на физичко, психичко или сексуално малтретирање;

(б) работа под земја, под вода, на опасни височини или во затворени и загушливи простории;

(в) работа со опасни машини, опрема и алатки која вклучува и рачно ракување или транспорт на тешки товари;

(г) работа во нездрава средина во која може децата да се изложат на опасни супстанции, агенти или процеси, или на екстремни температури, високо ниво на бучава и вибрации штетни за нивното здравје;

(д) работа под особено тешки услови, како што се долги часови работа или во текот на ноќта или работа каде што на детето му е ограничено движењето од страна на работодавачот.

*Опасен детски труд*

Опасниот детски труд е дефиниран во Член 3 (г) од конвенцијата на Меѓународната Организација на Трудот за "Забраната и моменталното дејствување за елиминација на најлошите форми на детски труд" (бр. 182):

(г) "работа, која што по својата природа или по условите во кои се извршува има изгледи да им наштети на здравјето, безбедноста или моралот на децата".

Поконкретно, опасен детски труд е работа во опасни и нездрави услови кои може да резултираат со смрт на детето, или повреди и/или болест како резултат на лошата безбедност, здравствените стандарди и работни аранжмани. Некои повреди или лошо здравје може да резултираат со траен инвалидитет на децата. Често здравствените проблеми предизвикани од опасниот детски труд се развиваат или се појавуваат кога детето ќе стане возрасен.

Опасниот детски труд е најголемата категорија на најлошите форми на детски труд со проценка од 115 милиони деца, на возраст од 5 - 17 години, кои работат во опасни услови во различни секторит како што се: земјоделство, рударство, градежништво, производство, услужни индустрии, хотели, барови, ресторани, подготовка на брза храна и домашни услуги. Таа се наоѓа во индустријализираните и земјите во развој. Девојчињата и момчињата често почнуваат извршување опасни работа на многу рана возраст. На светско ниво, Меѓународната организација на трудот

проценува дека годишно околу 22.000 деца се убиени на работно место. Бројот на оние кои се повредени или се разболеле како последица на нивната работа не е познат.

Децата работници се подложни на сите опасности со кои се соочуваат возрасните работници кога ќе се ставаат во иста ситуација. Сепак, опасностите и ризиците при работата кои влијаат на возрасните работници, на децата работници влијаат многу посилно. Непостоење на безбедносна и здравствена заштита често е покатастрофална и долготрајна за нив. Тоа може да резултира со повеќе или помалку фатални несреќи, трајна онеспособеност/лошо здравје и психолошка/емоционална оштетеност.

Кога станува збор за деца работници, важно е да се оди подалеку од концептите за работа при опасност и ризик што се однесуваат за возрасни работници, туку треба да се поршират и да ги вклучат развојните аспекти на детството. Бидејќи децата се уште растат тие имаат посебни карактеристики и потреби кои мора да бидат земени во предвид при утврдување на опасностите на работното место и ризиците поврзани со нив, во смисла на физички, когнитивен (мисла/учење) и бихејвиорален развој и емотивен развој.

## 3.3 Видови на трудова експлоатација

### *3.3.1 Злоупотреба на детскиот труд во земјоделството*

Во многу земји искористувањето на детскиот труд е главно поврзано со земјоделството. Во светот 60 проценти од сите деца работници во возрасната група од 5 - 17 години работат во земјоделството, вклучувајќи сточарство, риболовот, аквакултурата, шумарството, и полјоделство. Оваа бројка изнесува над 129 милиони девојчиња и момчиња. Мнозинството (67,5%) од деца работници се неплатени членови на семејството. Во земјоделството овој процент е повисок, а се доведува во комбинација со многу рано почнување со работа, понекогаш и меѓу 5 и 7 години. Земјоделството е една од трите најопасни сектори во однос на работа поврзана со несреќи и професионални заболувања. Околу 59 проценти (или 70 милиони) од сите деца кои работат опасни работни се во земјоделството и се на возраст од 5 - 17 години (Меѓународна Организација на Трудот, 2009).

Сиромаштијата е главната причина за детски труд во земјоделството, заедно со ограничениот пристап до квалитетно образование, несоодветна земјоделска

технологија и пристап до возрасна работна сила, високи опасности и ризици, и секако традиционални ставови кон учество на децата во земјоделските активности.

Учество на децата во некои земјоделски активности не значи секогаш искористување на детскиот труд. Задачи соодветни на возраста кои се од помал ризик и не му штетат на образованието и слободното време на детето може да биде нормален дел од растењето во рурална средина. Особено во контекст на земјоделските семејства, мали рибарници и мали фарми, некакво учество на децата во неопасни активности може да биде позитивно, и придонесува за меѓугенерациско пренесување на вештини и обезбедување на храна за идните генерации. Важно е да се направи разлика помеѓу малите обврски кои не му штетат на детето и детски труд, работа која не му пречи во образование и штети на здравјето и личниот развој, работа која е одредена врз основа на часови и услови за работа, возраста на детето.

### 3.3.2 *Деца поврзани со вооружени сили и воени групи*

Десетици илјади девојчиња и момчиња се борат во војните на возрасните во најмалку 17 земји во различни региони во светот. Некои од нив се користат како борци и директно учествуваат во борбите, додека други се користат за поддршка (на пример, готвачи, чувари, или шпиони) или за сексуални цели. Тие се киднапирани, насилно регрутирани или лично одлучиле да се вклучат (на пример за опстанок, за заштита или за одмазда). Меѓутоа, кога се анализираат личните мотиви, станува јасно дека децата биле земени под принуда и незнаење за последиците.

Злоупотреба на деца во вооружени конфликти е најлошата форма на детскиот труд, кршење на човековите права и воено злосторство. Конвенцијата на Меѓународната Организација на Трудот Бр. 182 ја дефинира принудната или задолжителната регрутација на децата за употреба во вооружен конфликт, како најлош облик на детскиот труд. Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за инволвираност на деца во вооружени конфликти забранува секаков регрутирање - доброволно или задолжително - на деца под 18 години во вооружени сили и групи. Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд го препознава како воено злосторство, што доведува до индивидуални обвиненизја, за регрутирање деца на возраст под 15 години или да бидат користени активно да учествуваат во борбите.

Напорите да се стави крај на регрутирањето на децата и ослободување на децата од вооружените сили и групи се интензивираа во последната деценија. Обединетите

Нации преговараат акциони планови со вооружени лица да се стави крај на регрутирањето на децата. Програми за ослободување и реинтеграцијана децата се спроведуваат низ целиот свет и имаат за цел поддршка на процесот преку кој децата ќе превземат улоги како цивили и ќе бидат прифатени од нивните семејства и заедници во контекст на локално и национално помирување.

### 3.3.3 *Комерцијална сексуална експлоатација на деца*

Комерцијална сексуална експлоатација на децата е експлоатација од страна на возрасни во однос на дете или адолесцент - женско или машко - под 18 години; придружени со плаќање во пари или во натура за детето или адолесцент на една или повеќе трети страни.

Комерцијалната сексуална експлоатација на деца е сурово и гнасно кршење на човековите права на децата и адолесцентите, и е форма на економска експлоатација слична на ропство и принудна работа, која исто така, подразбира кривично дело од страна на оние кои ги користат девојките, момчињата и адолсцентите за сексуални услуги.

Комерцијална сексуална експлоатација на децата вклучува сите од следниве (МОТ, 1953):

- Користење на девојчињата и момчињата во сексуални активности за надомест во пари или во натура (попозната како детска проституција) на улиците или во затворен простор, во места како бордели, дискотеки, салони за масажа, барови, хотели, ресторани, итн;
- Трговијата со девојчиња и момчињата и адолесценти за сексуална експлоатација;
- Детски секс туризам;
- Производството, промоција и дистрибуција на порнографија која вклучува деца;
- Употребата на деца за секс емисии (јавни или приватни).

Слично на оваа дефиниција, Стокхолмската Декларација усвоена на Светскиот конгрес против комерцијална сексуална експлоатација на деца (1996) ја дефинира комерцијална сексуална експлоатација на деца, како "форма на принуда и насилство врз децата која води кон принудна работа и современа форма на ропство"; додека Протоколот на Обединетите Нации за спречување, сузбивање и казнување на

трговијата со луѓе, особено жени и деца - Палермо Протокол (Организацијата на Ообединети Народи, 2000) дефинира терминот "експлоатација" да вклучува "експлоатацијата на проституцијата на други или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, слугување или отстранување на органи." Извештајот на независниот експерт за проучување на насилството врз децата на Обединетите Нации во 2006 година, исто така, признава дека експлоатацијата на деца под 18 години во проституција, детска порнографија и слични активности претставува насилство.

### *3.3.3.1 Трговија со деца*

Трговијата со деца се однесува на преземање деца од нивната заштитена животната средина и нивна експлоатација. Иако не постојат прецизни бројки, Меѓународната Организација на Трудот - МОТ (во 2005 година) проценува дека 980.000 до 1.225.000 деца - момчиња и девојки - се експлоатирани во различни форми на принудна работа како резултат на трговијата со луѓе.

Конвенцијата на МОТ бр. 182 (1999) за најлошите форми на детски труд, ја класифицира трговијата со луѓе меѓу "формите на ропство или практики слични на ропство", а со тоа и се настојува оваа форма да се елиминира итно, без оглед на нивото на развој на земјата. Трговијата со деца - внатрешно во земјата или преку националните граници и различни континенти - е тесно поврзана со побарувачката за евтина и послушна работна сила во секторите и кај работодавачите, каде што условите за работа и третман грубо ги кршат човековите права на децата. Ова се карактеризира во средини кои се неприфатливи и опасни за здравјето и развојот на детето. Овие форми можат да се движат од ропска работа, јавачи на камили, домашно слугување на децата, комерцијална сексуална експлоатација и проституција, пренесување на наркотици и деца војници па се до експлоататорски или робовски практики во неформалниот индустриски сектор.

Трговија со жени и деца заради питачење за жал, е вообичаена слика, како во западните така и во источните и југоисточните европски земји, а особено е евидентно во големите градови. Жените и децата најчесто се врбуваат како питачи, мајки кои носат мали бебиња, постари жени и мажи или млади девојки кои продаваат цвеќиња. Иако има и случаи во кои семејствата ги користат сопствените деца за такви цели, не е воопшто невообичаено бебињата да се киднапираат или да се разменуваат меѓу

групите. Жртвите се пренесуваат некогаш легално или илегално преку границите и често им припаѓаат на заедниците кои се протегаат и преку границите на соседните земји. Кога се пренесуваат илегално (т.е. без документи или валидни визи и дозволи), полициските акции може да резултираат со депортација кога не се во притвор поради ситни прекршоци, по што повторно следи депортацијата. Условите за живот на питачите и продавачите на ситни предмети се многу лоши. Често, се експлоатираат и контролираат од страна на мрежите на организираниот криминал.

### 3.3.4 *Домашна работа*

Следејќи ја Конвенцијата на МОТ бр. 189, "домашна работа" подразбира работа спроведена во или за домаќинство или домаќинства, додека "домашен работник" значи секое лице кое обавува домашна работа, а кое има засновано работен однос.

Терминот "домашна работа" опфаќа широк спектар на задачи и услуги кои се разликуваат од земја до земја и кои можат да бидат различни во зависност од возраста, полот, етничката припадност и миграција статусот на засегнатите работници, како и на културниот и економскиот контекст во кој тие работат. Ова значи дека дефиницијата за домашна работа и работниците кои се вклучени врз основа само на задачите кои се извршуваат, се нецелосни.

Наместо тоа, Конвенцијата бр. 189 ги нагласува заедничките и различните карактеристики дека домашните работници се вработени од, и обезбедуваат услуги за, трета страна, односно за други приватни домаќинства.

#### 3.3.4.1 *Детска домашна работа*

Детска домашна работа е општа референца за детската работа во секторот на домашна работа во домот на трето лице или работодавецот. Овој општ концепт ги обединува и двете, дозволени и недозволени ситуации.

Злоупотребата на детскиот труд во домашна работа однесува на ситуации каде домашна работа се врши од страна на децата под соодветната минимална возраст (за лесна работа, со полно работно време и неопасни работи), во опасни услови или во практитки слични на ропство.

Домаќинските задолженија преземени од страна на децата во нивните домови, во разумни услови и под надзор блиските се составен дел од семејниот живот и дел од растењето, затоа се сметаат како позитивни. Меѓутоа, во одредени случаи, во ситуации

каде овие работни задачи го попречуваат образованието на децата или да се исцрпувачки, во тој случај тие би можеле да бидат еднакви како искористување на детскиот труд.

Домашните задачи на децата во својот дом, и задолженијата на децата во домашна работа (во друго домаќинство) може да бидат слични. Меѓутоа, во првиот случај, елементот на вработување го нема; затоа треба да се избегнува овие ситуации да се именуваат како "детска домашна работа".

Овој феномен е често скриен и тешко е справувањето со него поради својата поврзаност со социјалните и културни обрасци. Во многу земји „детска домашна работа" не е само прифатена социјално и културно, исто така се смета за позитивна и не-стигматизирана работа. Одредувањето на традиционалните женски улоги и одговорности, во и надвор од домаќинствата, како и перцепцијата на домашните услуги како дел од воспитувањето на една жена, исто така придонесе за присуството на вдетска домашна работав како форма на детска работна сила.

Постојат повеќе причини за "детска домашна работа", но во поширока смисла можеме да се разликуваме "поттикнувачки и вовлекувачки" фактори. Меѓу првите се сиромаштија и феминизација, социјалната исклученост, недостатокот на образование, пол и етничка дискриминација, насилство над децата во нивните домови, раселеност, рурално-урбана миграција и губење на родителите поради конфликт и/или болест. Втората група на фактори се однесува на социјалните и економските диспаритети, ропство поради долг, а во прилог оди и сфаќањето дека работодавачот потекнува од поширокото семејство и затоа нуди заштитена средина за детето; понатаму зголемената потреба за жените во домаќинството имаат домашна "замена", која им овозможува на повеќе и повеќе жени да влезат на пазарот на труд, и илузијата дека домашните работа на деца работници им дава можност за образование.

Опасностите поврзани со "детска домашна работа" се предмет на сериозна загриженост. Меѓународната организација на трудот идентификува голем број на опасности на кои домашните работници се особено ранливи. Некои од најчестите ризици со кои се соочуваат децата во домашните услуги вклучуваат: долги и исцрпувачки работни денови; употреба на отровни хемикалии; носење на тешки товари; ракување со опасни предмети како што се ножеви, секири и врели предмети; недоволно или несоодветно сместување и храна, и понижувачки или деградирачки третман, вклучувајќи физичкко и вербално насилство како и сексуална злоупотреба.

Ризиците се зголемуваат кога детето живее во домаќинство, каде што тоа работи како домашен работник. Овие опасности мора да се гледаат во однос на негирањето на основните права на детето, како што се на пример, пристапот до образование и здравствена заштита, право на одмор, забава и игра, како и правото да бидат згрижени и да имаат редовни контакти со нивните родители и врсници. Овие фактори може да имаат трајни физичко, психичко и морално влијание врз развојот, здравјето и добросостојбата на детето.

### *3.3.5 Рударство и ископување на камења*

Рударството е форма на работа која е опасна за децата во секој поглед. Физички е опасна, бидејќи децата носат тешки товари, поради напорната работа, нестабилни подземни објекти, тешки алати и опрема, отровни и често експлозивни хемикалии, како и изложеност на крајни временски услови како што се топлина и студ.

Тоа исто така, може да биде морално и психички ризично со оглед дека рударството често се одвива во оддалечените области каде законот, училиштата и социјалните услуги се недостапни, а нема ни поддршка од семејството и заедницата, каде што има услови за злоупотреба на алкохол, дрога и проституција.

### *3.3.6 Миграцијата и детскиот труд*

На светско ниво, едно од осум лица се мигранти. Ова вклучува околу 214 милиони меѓународни мигранти и околу 740 милиони внатрешна мигранти. Младите лица се голем дел од оваа бројка; околу една третина од мигрантите од сите земји во развој се на возраст од 12 до 24 години. Ова вклучува милиони деца на возраст под 18 години кои мигрираат внатрешно или преку националните граници, со или без нивните родители.

Во наредните години се очекува голем број на млади луѓе да го следат овој масивен егзодус и да настане промена во динамиката на населението, управувано од демографските фактори, економските разлики меѓу државите, насилни конфликти, природни катастрофи, како и притисоци од животната средина, особено климатските промени.

Иако миграција може да биде позитивно искуство за децата, и може да им обезбеди подобар живот, зголемување на можностите и бегство од непосредните

опасности и закани во матичната земја, како што се принуден брак, конфликти и природни катастрофи, детето мигрант може да се соочи со сериозни предизвици во процесот на мигрирање.

Овие предизвици се особено сериозни кога децата мигрираат без соодветна документација и/или без нивните семејства, како и во земјите каде правната заштита е отсутна и каде што децата немаат пристап до основните услуги како што се образованието и здравствената заштита. Во овие ситуации, децата мигранти се изложени на висок ризик од експлоатација и се ранливи на детскиот труд. Многу деца мигранти завршуваат во земјоделството или домашната работа. Некои од нив, но не сите, се жртви на трговија со луѓе.

Децата мигранти често доживуваат малтретирање - вклучувајќи изолација, насилство, лоши работни услови, неисплаќање на платите, и закана дека ќе бидат пријавени на властите. Доказите покажуваат уште дека меѓу децата работници има деца мигранти, кои добиваат помалку плата, работат подолго време, поретко одат на училиште и се соочуваат со повисоки стапки на смртност на работно место во споредба со локалните деца.

Покрај големиот број на децата кои се вклучени, потребите и интересите на децата мигранти се во голема мера отсутни од главните дебати за заштита на децата, детскиот труд и миграцијата. Како резултат на тоа, повеќето влади не успеаја да развијат ефективни политички одговори за помош и заштита на децата - мигранти. Сепак, владите се обврзани да понудат таква заштита според член 2.1 од Конвенцијата на ООН за правата на детето во која се наведува дека "Секое дете без дискриминација од секаков вид, без разлика на расата, бојата, пол, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално, етничко или социјално потекло, имот, хендикеп, раѓање или друг статус е родено со истите права". Ова го вклучува правото да се биде ослободен од детскиот труд и за локалните и за децата мигранти.

# 4 ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА

При изработка на овој труд беше пристапено кон анализа на постоечки документи и спроведени истражувања на темата деца на улица. Имено, утврдено е дека не постојат голем број на анализи и истражувања кои сеопфатно ќе ја согледаат ситуацијата со деца на улица на глобално ниво. Пронајдени се истражувања за одделни земји кои најчесто се неразвиени или земји во развој, како што се: Зимбабве, Кенија, Тајланд, Киргистан, Руанда и други.

На Европско ниво пронајдени се истражувања кои ја мапираат ситуацијата со децата на улица на ниво на Европските земји. Така Интернационалниот Центар за Развој на Миграциски Политики (ИЦМПД) во Декември 2012, објавил **Извештај за проучување на видовите и политиките на одговор кон питачењето во земјите на ЕУ**. Во компаративниот извештај биле опфатени 13 земји на Европска Унија (Австрија, Бугарија, Данска, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Италија, Полска, Романија, Шпанија, Шведска и Велика Британија) и две земји кои не се членки на Унијата (Косово и Албанија). Извештајот ги утврдува причините зошто во некои земји од Унијата питачењето е вообичаена појава, додека во други земји членки воопшто не се сретнуваат деца на улица. Понатаму, извештајот ги утврдува разликите во однос на различната легислатива, политики и одговори, како и карактеристиките и причините за питачење на децата низ Европа.

Со цел да се обезбеди сеопфатно разбирање истражувањето се реализирало на национално ниво и на локално ниво, за да се согледа реалноста на овој феномен и влијанието врз овие деца на различни Европски локации. Затоа втората фаза на ова истражување во целина опфатило 30 Европски градови.

Информациите во ова истражување се од различни градови и локации и презнетираат комплексен феномен кој е во никој случај не хомоген, вклучува деца од различни средини и во различни ситуации. Сепак, постојат некои клучни заеднички карактеристики за поголем број на градови, во однос на сценариото за тоа што претставува питачењето.

Констатирано е дека во рамките на политиката на Европската унија, дури тринаесет земји - членки вклучени во ова истражување немаат хармонизирани закони од оваа област. На пример, дете питач во некои држави се смета како жртва на експлоатација или трговија, додека во други држави, едноставно со кривичното дело

питачење детето може, во согласност со неговата возраст, да се смета за сторител, па дури и да биде уапсено за кршење на законот.

Каде што питачењето во целина е криминализирано според националните закони, децата кои питачат може да бидат повикани на кривична одговорност доколку децата се над 10 години во Велика Британија, над 13 години во Франција или Грција, или над 15 години во Полска. Исто така, во случај на деца питачи кои се без придружба на возрасни, останува нејасно кој законот се однесува на нив, бидејќи овие деца западнале во дупките на законите за детска заштита. Во текот на истражувањето, јасно се забележува дека тоа е особено сложена и проблематична ситуација во однос на законодавството, политиките и заштитата на децата кога детето е експлоатирано (а понекогаш и тргувано) од страна на родител или старател, кои исто така се експлоатирани.

Ова истражување е надополнето со компаративна студија како во однос на студии на случај на локално ниво, направени во различни градови во земјите учеснички така и во однос на типологијата на питачењето на децата. Истражувањето открива дека во земји како Австрија, речиси и да нема деца на улица, и покрај фактот дека пред пет или шест години, питачењето од страна на Ромски деца кои потекнуваат од Источна Европа било идентификувано како проблем. Истражувањето во Шведска и Данска, укажува на тоа дека проблемот е занемарлив во овие земји, иако некои регионални извештаи покажуваат поинаку.

Еден од резултатите на оваа студија е дека постои недостаток на литература на национално и локално ниво за феноменот на питачењето на децата. Иако некои во градови има медиумски извештаи за случаи на детско питачење, забележано е отсуство на сериозни емпириски истражувања.

Истражувањето во некои од земјите учеснички, како што се Албанија, Грција, Косово и Бугарија, покажало дека постојат голем број на деца на улица и деца ангажирани во други активности поврзани со генерирање приход.

Аспект што станува евидентен од истражувањето е застапеноста на Ромите и други традиционално номадски народи меѓу жртвите и подведувачите. Припадноста на ромската заедница во постоечката литература се смета како "ризик фактор" кога станува збор за детското питачење.

Затоа интересно е да се напомене дека во сите земји на истражување, децата од други етникуми кои се вклучени во питачењето покренуваат прашања за заштита на

децата и се повикува на одговори и интервенции кои ги штитат сите деца, додека распространетоста на децата од ромско потекло меѓу оние кои питачат се објаснува како резултат на одредени социо-економски слабости.

Според истражувањата на локално ниво што опфаќаат неколку градови, најголемиот дел од децата питачи како и возрасните што ги придружуваат (во одредени случаи) се од Ромско потекло кои доаѓаат од Романија, Бугарија, Албанија, Косово и Словачка. Бидејки многу од децата питачи во Европската Унија доаѓаат од специфични земји може да се појави сомнение дека одредени организирани криминални групи се инволвирани во процесот на транспортирање на овие жртви од земјата на потекло во земјите на нивна крајна дестинација. Ова е особено очигледно во случаите на деца питачи кои питачат во градови во Франција, Шпанија и Англија, а многу често потекнуваат од иста област во Романија. Имено, овие деца питачи применуваат исти или слични тактики на питачење како на пример носење на муслиманска облека или организирање на лажни петиции со цел да примат донации и помош од Муслиманската заедница.

Според истражувањето, утврдено било дека условите за живот на семејствата или на децата питачи се во многу лоша состојба и ни во најмала мерка не придонесуваат за добросостојбата на децата. За време на набљудувањето на децата во рамките на ова истражување се забележало дека многу често децата биле несоодветно облечени за временските услови, биле многу валкани и недоволно згрижени.

Проблемот со занемарувањето на децата е понатаму усложнет бидејки произлегува од општа негрижа што би можела да биде вина на родителите, вина на земјата на потекло или земјата на дестинација или пак вина на здуженијата на граѓани кои работат на проблематиката. Децата питачи треба да се заштитат и во другите области од нивниот живот, а не само да се заштитат од злоупотребата, експлоатацијата и бедата која ја преживуваат додека питачат. Поголем број од овие деца се од предучилишна возраст, а другите кои се на училишна возраст се регистрирани како питачат по завршувањето на училишниот ден, така да не може да се заклучи дека децата питачи не посетуваат училиште.

Оваа информација е многу значајна, бидејќи образованието на децата е голем адут во борба против питачењето. Овој извештај пристапува кон проблемот со питачење од перспектива на правата на децата, на национално и локално ниво. Исто така овој извештај го применува принципот на истражување каде се нагласува

најдобриот интерес на детето во сите анализи, додека целосно и сеопфатно ја зема во предвид потребата за казнување на експлоататорите и криумчарите. Во зависнот од тежината на некои случаи, извештајот ги вклучува и семејствата како помагало за пронаоѓање решение на овој проблем. Градовите вклучени во овој извештај се Тирана, Букрешт, Париз и Софија, каде што питачењето е многу распространето и видливо, но и градови како што се Виена, Стокхолм, Турен и Копенхаген каде што овој феномен скоро и да не постои. Исто така има градови како што се Милано, Грац и Рим каде што детското питачење се намалило со текот на годините.

Многу е важно да се разберат овие различни контексти и да се пронајде најефикасно решение на проблемот во смисла на превенција и заштита на децата питачи како и криминално гонење на сторителите на експлоатација и трговија на деца со цел да питачење. За таа цел потребно е детално да се испита секое досегашно истражување на оваа тема, да се испита законодавството и во пракса да се види како земјите се справуваат со проблемот за да добијат позитивни резултати.

Овој извештај утврдил дека постои потреба за координиран и организиран напор во Европската Унија за решавање на ситуацијата која претставува сериозна опасност по здравјето и правилниот развој на обесправената и често стигматизирана група на деца.

Европската Унија е основана на вредностите на човечкото достоинство, слобода, еднаквост и солидарност на нејзините државјани, но и на мигрантите. Децата питачи, без разлика дали се жртви на трговија со луѓе или се наведени да питачат од нивните родители се исто така жртви на сериозни повреди на нивното достоинство и се сведоци на неприфатливо ниво на нееднаквост во европското општество. Надлежните институции мора да се борат за овие деца да го добијат она на што сите деца имаат право, а тоа е правото на детство.

Во Македонија е спроведена **анализа за состојбата со децата на улица и организирано питачење** во 2007 година од страна на Министерство за труд и социјална политика, Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе. Анализата имала за цел да направи преглед на законската регулатива насочена кон превенција и сузбивање на појавата на деца на улица во Република Македонија. Анализата ги обработува постоечките закони кои се однесуваат конкретно на заштитата на децата како и мерките за санкционирање на родителите кои ги експлоатираат децата. Така во Законот за семејство (Службен весник на РМ бр.80/92;

38/14; 115/14) се обработени деловите кои се однесуваат на правата и должности на родителите и децата, вршење на родителско право, надзор над вршењето на родителско право, постапка за одземање на родителското право и престанок и продолжување на родителското право. Понатаму е обработен Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ бр.79/09) во кој конкретно се разработени областите од институционална заштита, право на социјална помош и постојана парична помош и формите на вонинституционална заштита за децата, вклучувајќи ги и децата на улица. Во Законот за малолетничка правда (Службен весник на РМ бр.87/07) е наведено постапувањето со малолетници, заштита на малолетникот како оштетен или сведок во кривичната постапка вклучувајќи го и обештетувањето. Од анализата произлезени се повеќе заклучоци и препораки на различни нивоа. Па така се донесени препораки за донесување на закони и измени во постеочките закони вклучувајќи јасно дефинирање на поимот деца на улица/улични деца и внесување во законите на Р. Македонија. Понатаму препораките се однесуваат на донесување на протоколи и механизми за соработка; спроведување на постоечките законите и законските санкции; јакнење на капацитетите на надлежните институции и секако едукација и подигање на јавната свест за проблемот со децата на улица.

Заводот за социјални дејности со поддршка на УНИЦЕФ во 2001 година спроведе **емпириско истражување на тема деца на улица - улични деца** во Република Македонија. Првиот дел на истражувањето се однесува на обемот, просторната и социјалната дисперзија на појавата вдеца на улицав, основните лични белези и статуси на носителите на појавата - децата и нивните родители. Вториот дел се однесува на елементите на животниот стандард и социјалната сигурност на домаќинствата, во кои што живеат малолетниците, а од аспект на задоволувањето на нивните развојни потреби и на родителската грижа која е неопходна за задоволување на нивните физички и физиолошки потреби. Третиот дел се однесува на поведението и времетрењето на престојот на децата на улица. Во овој дел се испитувани каузалните врски меѓу определени лични белези на децата и воспитиот однос на нивните родители.

Во заклучните разгледувања било констатирано дека во текот на тренските активности се дететктирани 1022 деца на улица, што приближно реално го отсликува обемот на оваа појава. Појавата “деца на улица“ во Република Македонија е главно

карактеристика на урбаните простори, пред се поголемите градови. При дистрибуција според социјалните обележја оваа појава е разгледувана од повеќе аспекти и тоа:

- Од аспект на етничката припадност каде што е констатирано дека деца на улица има од сите етнички сегменти. Најмногу се застапени децата од ромското малцинство 58%, додека податокот за голема застапеност на македонските деца 38.4%е мошне илустративен, од аспект на хипотезата дека состојбите сврзани со општествено-политичката транзиција имаат етиолошко влијание на појавата. Најмалку застапени се децата од албанско етничко потекло 5.7%.
- Според полот двојно позастапени се машките од женските деца.
- Во старосната структура на децата на улица, со застапеност од 69.1% преовладуваат децата до 14 годишна возраст. Со анкетата се констатира дека една третина од испитаниците не се вклучени во образовниот систем иако се на школска возраст. Оние што се вклучени во образованието мошне често отсуствуваат од наставата и нивниот успех не е задоволителен. Родителите на овие деца се исто така со ниско образовно ниво. Имено, 27.5% од татковците се без никакво образование, а 15.4% со образование до 4то одделение. Образовната структура на мајките е за 10% понеповолна од татковците.
- Квалификационата структура на родителите, исто така е многу ниска и несоодветна, како што се нессодветни и нивните занимања. Поради ова, три четвртини од родителите не се во редовен работен однос и 61% од домаќинствата се корисници на социјална парична помош.
- Животниот стандард на домаќинствата во кои живеат децата е мошне скромен. Тие живеат во несоодветни стамбени услови кои отстапуваат од минималните стандарди и нормативи за домување.
- Финансиската положба на овие семејства е на многу ниско ниво со што не се обезбедуваат ни најосновните услови за живот.
- Исхраната на повеќето од анкетираните деца е недоволна и несоодветна во однос на нивните потреби. Значителен дел од децата не се соодветно снабдени со обувки и облека како во однос на обемот така и во однос на годишните времиња. Повеќе од половина од анкетираните деца не се стекнале со навики и затоа нередовно ја одржуваат секојдневната хигиена.

- Голем дел од децата немаат соодветна родителска грижа, пред се заради субстандардните финансиски услови и несоодветните услови за домување, но и заради ниското социјално и културно ниво на нивните родители. Воспитниот однос на родителите главно е несоодветен во однос на позитивна социјализација на нивните деца.

Во однос на престојување и поведение на децата на улица забележано е дека поголемиот дел 63% престојувале на улица цел ден или поголем дел од денот. Во такви услови, тие просторно и интерперсонално, не биле во состојба доволно да комуницираат со своите родители, и истоверемено во голема мера биле спречени да ги задоволуваат своите основни физички, физиолошки и социјални потреби. Во однос на поведението на децата 88.5% манифестирале социјално нонпермисивни поведенија, а само 11.5% социјално толерантни поведенија. Посебно се важни податоците за престапните поведенија на младите малолетниците, имено 18.4%од децата до 11 годишна возраст вршеле кражби, а поголемиот дел од девојчињата кои се проституирале се на возраст помала од 15 години.

Од презентираните констатации, што се базираат врз фактите за состојбата на децата на улица, произлегол заклучокот дека најважниот етиолошки фактор за оваа појава произлегува од компонентите на животната ситуација на овие деца. Според тоа, мерките и методите за генерална и специјална превенција на појавата, првенствено треба да бидат насочени кон семејството како најважен агенс за позитивна социјализација на децата. За таа цел потребно е создавање на Национална стратегија која ќе се базира на соодветни, материјални, кадровски, организациони и други претпоставки. Конципирањето на таква стратегија предпоставува учество на повеќе ресорни владини органи, државни институции и други засегнати.

Во заклучните согледувања на веќе спроведените истражувања, јасно се укажува на потребата од дополнителни длабински истражувања на темата за трудова експлоатација на децата. Ова е од причина што феноменот на деца на улица/улични деца бара мултидисциплинарен пристап и мерки кои го опфаќаат нивното пошироко социјално опкружување за подобрување на социо - економската положба и нивна интеграција во општеството. Затоа основа на ова истражување ќе бидат веќе спроведените истражувања и кои дополнитено ќе бидат надградени со добиените резултати, истовремено идентификувајќи ги постоечките проблеми и предлози за нивно надминување.

# ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

# 1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.1. Формулирање на проблемот

Веќе подолг временски период во Република Македонија трудовата експлоатација на деца и организираното питачење претставуваат не само постојано присутна, туку и алармантна појава во општеството. Сведоци сме на постојана глетка на мали деца кои просат по улиците и крстосниците во центарот на главниот град. Често се случува цели семејства организирано да просат за да обезбедат минимална егзистенција за живот. Децата по својата природа се повеќе изложени на ризици на кои не можат да влијаат. Околината во која се раѓаат и во која живеат за некои од нив значи сигурност, хармонија и поддршка, додека за други деца тоа е секојдневна борба за преживување и незивесност од утрешниот ден.

Причини за појава на овие проблеми се последиците од долготрајната транзиција и социо-економската загрозенот на населението, која ги опфати сите слоеви без разлика на етничка припадност и образование. Се зголемува и бројот на социјално загрозените лица од кои во најнеповолна состојба се наоѓаат некои ризични групи, а меѓу нив и децата. Сепак статистичките показатели посочуваат дека најсиромашно и во најголем број е ромското население, во споредба со македонското, албанското и останатите етнички групи. Осиромашеното население, во својата секојдневна борба за гола егзистенција има многу мали можности за легално вработување и принудено е својата егзистенција да ја бара и реализира на улица.

Новонастанатите општествено политички состојби во државата ја потенцираат потребата од промени во системот за заштита на децата и неопходноста од негова трансформација, следејќи ги динамичните промени кои ги налага современото општество.

Во современите услови на живеење и демократизација на општеството каде што трката на возрасните по обезбедување на егзистенција за семејствата ги разори традиционалните семејни вредности и доведе до ерозија на семејството како основна ќелија на општеството. Многу семејства, посебно од најзагрозените категории на

граѓани, борејќи се со голата егзистенција ги користат сопствените деца како средство за обезбедување на минимални приходи со кои може да опстане едно семејство.

Така во ова истражување се обидуваме да ја разработиме појавата на трудовата експлоатација на децата кои потекнуваат од семејства во ризик во Република Македонија.

Со цел да се се утврдат факторите кои придонесуваат за појавата на трудова експлоатација на децата, како и промена на јавното мислење во борбата против оваа негативна појава истражувањето е фокусирано на собирање информации за современите трендови на експлоатација на детскиот труд (број, потекло, форми на експлатација, посета на институции, семејства во ризик, нестандардизирани интервјуа, дискусија со релевантни државни и невладини структури).

Врз основа на истражувањето се донесе и пренесе јасна порака до релевантните институции кои се надлежни да го третираат овој проблем како и пренесување на информација до пошироката јавност за причините и последиците од трудовата експлоатација на деца и организирано питачење.

Законите и регулативата во Македонија, во грижата за децата на улица кои се трудово експолатирани и питачат, се појдовна основа во процесот на надминување на овој проблем, односно во настојувањата за спречување на оваа негативна појава.

Моделите на социјална и образовна работа со оваа категорија на деца имаат значителна важност, бидејќи моделот ја претставува севкупната структура на агенсите кои функционираат во одредени дејности, со одредена популација. Во потрага по решене за надминување на социјалната загрозеност на децата кои се трудово искористувани и деца кои питачат, ќе се обидеме да издиференцираме повеќе форми кои имаат специфичен белег.

## 1.2. Цели на истражувањето

Научната цел на ова истражување е да се испитаат влијанието на социо - економските фактори во семејството врз појавата на трудова експлоатација на децата.

Практична цел на истражувањето е да се развијат механизми за заштита и превенција од трудовата експлоатација на децата.

### 1.3. Задачи на истражувањето

- Да се утврди социо-економската состојба на семејствата на децата вклучени во трудова експлоатација - питачење.
- Да се прикаже природата и карактеристиките на трудовата експлоатација на децата.
- Да се утврдат формите на трудова експлоатација.
- Да се даде приказ на постоечките сервиси за деца кои се вовлечени во трудова експлоатација.

### 1.4. Предмет на истражување

Предмет на ова истражување се социо-економските фактори на семејството кои влијаат на вовлекување на децата во трудовата експлоатација. Се утврдуваат повеќе фактори кои го создаваат сцио-економското опкружување на трудово експлоатираните деца на улица, а кои фактори можат да дадат поширока слика за причините за експлоатација како и начини за нивна промена.

### 1.5. Клучни поими на истражувањето

→ **Деца на улица** - Официјално во законската регулатива на Р. Македонија не постои дефиниција за деца на улица/улични деца. Меѓународните организации дале различни дефиниции за деца на улица, но општо најприфатена дефиниција за деца на улица е: секое момче или девојче, на возраст под осумнаесет години, за кого "улицата" (во поширока смисла на зборот, вклучувајќи ненаселени и напуштени живеалишта итн) станала нивен дом и/или извор за живот, а кои се несоодветно заштитени, надгледувани или наведувани од страна на возрасни лица.

Понатаму, доколку одиме во подлабока дефиниција и разграничување на самиот поим деца на улица или улични деца, меѓународната организација УНИЦЕФ дава објаснување на поделбата: деца на улица се оние деца кои заработуваат за живот или питаат за одредена надокнада /пари на улица додека имаат семејства и навечер се враќаат дома да преспијат. Додека улични деца се бездомни деца кои живеат и спијат на улиците во урбаните средини. Тие се препуштени сосема сами на себе, кои живеат со други бездомни деца или бездомници возрасни луѓе.

→ **Квалитет на живеење** подразбира степен на благосостојба на поединецот или на група на луѓе. Еден од факторите е физичката благосостојба, но вклучува и образование, можност за вработување, социјален статус, здравје итн.

→ **Социо - економскиот статус** е детерминиран со бројни атрибути како што се: возраста на родителите, брачните односи (функционални, дисфункционални), бројот на членови во семејство, вкупните приходи во домаќинството, стамбениите услови во домаќинството, образование на родителите, здравствена состојба на родителите, социјалната мрежа, средината, присуство на патолошки појави и психолошко пореметување.

→ **Семејството** е животна заедница на родители, деца и други роднини ако живеат во заедничко домаќинство.

## 1.6. Хипотези на истражувањето

**Општа хипотеза**

Лошата социо-економска положба на семејствата влијае на зголемување на појавата на трудова експлоатација на децата.

**Посебни хипотези**

- Материјалните услови на семејството имаат значајно влијание врз појавата на трудова експлоатација на децата.
- Стамбените услови на семјството влијаат врз вовлекување на децата во трудовата експлоатација.
- Семејната структура влијае врз вовлекувањето на децата во трудовата експолатација
- Здравствената состојба на родителите влијае врз вовлекување на децата во трудовата експолатација
- Присутноста на патолошки појави во семејството (алкохолизам, деликвенција) влијае врз волекување на децата во трудовата експолатација
- Образованието на родителите влијае врз волекување на децата во трудовата експолатација.
- Вклученост на децата во образовниот процес и нивната редовност влијае врз нивното волекување во трудовата експолатација

- Достапноста на постоечките сервиси за децата влијае врз вовлекувњето на децата во трудовата експлоатација.

## 1.7. Варијабли на истражувањето

Независни варијабли на ова истражување се:

- Материјални услови
- Стамбените услови
- Семејната структура
- Здравствената состојба на родителите
- Присутноста на патолошки појави во семејството
- Образованието на родителите
- Вклученост на децата во образовниот процес
- Достапноста на постоечките сервиси

Зависни варијабли на ова истражување се:

Зголемување на појавата на трудова експлоатација - организирано питачење.

## 1.8. Методи и техники на истажувањето

Имајки го во предвид фактот што се истражува општествена појава која бара квантитативна, но и квалитативна обработка, беше примент мешан пристап во истражувањето. Пристапот во истражувањето е квантитавиен и квалитативен.

Различни **техники** се користени во текот на собирањето на податоците со цел добивње на квалитетни информации.

Во однс на **квантитативните** техники се искористени

- ✓ **анкетен прашалник** за децата кои се предмет на истражувањето. Анкетниот прашалник кој содржи прашања за да се добијат информации во однос на материјалните услови на семејството; семејната структура; стамбените услови на семјството; образованието на родителите; присутноста на патолошки појави во семејството; здравствената состојба на родителите; степенот на образованието на родителите; вклученост на децата во образовниот процес и нивната редовност.

- ✓ **анкетен прашалник** за родителите на децата кои се предмет на истражување кој содржи прашања во однос на изворите на приход, висина на приходите, материјалните услови во семејството, здравствената состојба на родителите и други податоци за утврдување на условите во семејството на децата кои се трудово експлоатирани.

**Квалитативни** техники кои се искористени во текот на истражувањто се:

- ✓ анализа на содржина на постоечки официјални документи (закони, правилници, стратегии, одлуки итн.) како и реализирани истражувања на темата која ни е од интерес.
- ✓ нестандардизирано интервју со професионлци од државни институции и здруженија на граѓани кои дадоа увид во постоечките сервиси кои им се на располагање на децата на улица кои се трудово експолатаирани.
- ✓ набљудување на целната група на истражувањето.

## 1.9. Примерок на истражувањето

Примерокот во истражувањето ни е намерен, односно се опфатени деца вклучени во питачење а се затекати на местото на експлоатација. Децата опфатени со анкетирањето се на возраст од 4 до 18 години во вкупен број од 120 испитаници. Во истражувањето се опфатија испитаници од двата пола.

Во потрага за реален и најдостапен контакт со испитаниците, и од потребата да се добијат релевантни податоци, истражувањето се реализираше на местата каде што децата се експлоатираат, односно просат и препродаваат, начесто на улиците.

Исто така како примерок во истражувањето се и родителите на децата на улица кои беа затекнати на лице место, односно беа заедно со своите деца. Вкупен примерок од родителите е 40 испитаници. Толкав број на родители се согласија да учествуваат во истражувањето.

Дополнително примерок во истаржувањето се опфатени по два претставника од 6 државни институции и по два претставника од 5 здруженија на граѓани кои се занимаваат со тематиката која е предмет на ова истражување. Вкупно 10 нестандардизирани интервјуа се спроведоа со претставниците на државните институции и здруженијата на граѓани.

### 1.10. Организација и тек на истражувањето

Истражувањето се изврши на неколку локации на територија на градот Скопје, кои се сметаат а најпрометни и најпосетени од страна на децата на улица. Истражувањето се одвиваше во временски рок од шест месеци.

Поради ограничените средства и временски рок за реализација на истражувањето, определен е намерен примерок, во однос на живеалиште на децата од следниве подрачја на Скопје: Злокуќани, Новоселски пат, општина Шуто Оризари и Топаана; додека по место на питачење и трудово ангажирање беа анкетирани деца од овие категории во следните прометни локации: семафорите пред судска палата, Бит-Пазар, Симпо - Партизански одреди, семафорите кај Карпош ИВ, ГТЦ Сити мол, ТГЦ Рамстор, на семафорите кај Дом на печат, Камениот мост, плоштадот Пела, плоштад Македонија, две џамии на територија Јаја Паша и Бит-Пазар, цркви Света Петка, Свети Димитрија и Соборен храм.

Паралелно со анкетата на децата на улица, се вршеа интервјуа со професионалците и се изврши анализа на потребната документација, комплетирање на податоците за организација и тек на истражувањето.

## 2. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Децата на улица, како целна група, се опфатени во поширока смисла на зборот, односно деца кои најголем дел од денот го поминуваат на улица, далеку од местото на својот дом, со цел да се стекнат со материјални, односно парични средства, пред се за своја егзистенција.

Добиените податоци се обработени и претставени со табели и графикони, што придонесува експликацијата и анализата на податоците да биде попластично прикажана.

### 2.1. Преглед на испитаниците по пол и возраст и етничка припадност

Во истражувањето се вклучени 120 испитаника, како параметри се земени три националности како најбројни во моментот на истражувањето.

Табела 1 Етничка припадност, возраст и пол на децата

| Етничка припа-дност | Возраст и пол на децата | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0-4 г. | | 5-8 г. | | 9-11 г. | | 12-15 г. | | 16-18 г. | | Вк. | % |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | | |
| Ром | 3 | 5 | 8 | 8 | 13 | 16 | 20 | 12 | 1 | 1 | 87 | 73% |
| Албанец | 0 | 0 | 4 | 0 | 5 | 2 | 8 | 3 | 0 | 0 | 22 | 18% |
| Македонец | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 2 | 0 | 6 | 5% |
| Друго | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 5 | 4% |
| Вкупно | 6.8 % | | 15.1 % | | 32 % | | 42.3 % | | 3.8 % | | 120 | 100% |

Проучувањето на етничката припадност на испитаниците, ја сметавме за значаен индикатор, кој не води кон етничката припадност на категоријата на деца, за кои треба да се подготват соодветни социо-едукативни програми. Во истражувањето се вклучени највисок процент деца Роми 73%, Албанци 18 %, Македонци 5 % и други националности (Турци, Бошњаци, Срби) 4%. Иако оваа процентуална застапеност не ги опфаќа сите деца кои препродаваат и просат, сепак ни ја покажува доминантноста на ромската етничка припадност. Во однос на полот и возраста испитаниците се поделени во пет возрасни групи, во интервал од 3-4 години, со очекување за поголема возрасна прегледност.




Графикон 1. Етничка припадност на децата

Добиените податоци покажуваат дека улицата е примамливо место за престој за деца од обата пола, со тоа што од 9-тата до 15-тата година застапеноста на децата од машки пол 43.9% е поголема во однос на девојчињата 30.4%.

Оваа возрасна група најчесто е цел на врбувачите, кои нив лесно ги претвараат во средство за остварување на материјална корист со можности за понатамошно искористување за многу други негативни цели.

Во истражувањето се покажа дека најголем број деца се од ромска етничка припадност и тоа 87 деца или 73%, од нив поголем број се деца од повисоките одделенија во основно училиште, што претставува ризичен период во нивното образование, но и во понатамошното школување. Исто така, и децата од албанската припадност, 22 деца или 18% најчесто се на училишна возраст, што не насочува на проблемот дека трудовата експлоатација и питачењето се главни причини за непосетување и слаб успех во учењето.

Ваквите почетоци во основното образование ја загрозуваат перспективата за вклучување во средното образование, а со тоа и ја зглемуваат можноста за манифестирање на девијантни однесувања кои стануваат се поевидентни.

Со добивањето на овој податок се вклопуваме во согледувањето од претходните истражувања, дека децата кои просат и препродаваат во најголем процент се од ромската етничка припадност, што укажува на податокот дека и покрај сите досегашни напори и понатаму треба да се превземаат сериозни чекори за надминување на овој проблем.

## 2.2. Материјални услови на семејствата на децата

Материјалната состојба на семејствата на овие деца е крајно тешка, без постојани и евидентни средства за егзистенција, поради невработеноста на нивните родители. Од сите 120 деца, само на 7 деца еден од родителите им е во редовен работен однос, додека најголем број од испитаниците 66% се корисници на социјална парична помош, која не ги задоволува ни најмалку основните потреби на семејството.

Поради ваквата состојба тие бараат други можности да дојдат до повеќе средства за да можат да преживеат. Многу често единствен приход во семејството е стекнатата материјална корист од питачењето. Што значи дека ова е главниот извор на егзистенција.

Табела 2. Извори на приход во семејството

| **Извори на приход во семејството** | **Број** | **%** |
|---|---|---|
| Личен доход на таткото | 5 | 4% |
| Личен доход на мајката | 2 | 1% |
| Личен доход на двајцата | 0 | 0% |
| Социјална парична помош | 78 | 66% |
| Друго | 35 | 29% |
| **Вкупно** | 120 | 100% |

Како што може да се забележи најголем број од испитаниците преживуваат од социјалната парична помош, која ја користат 66% деца во редовен месечен износ преку центарот за социјални работи на град Скопје, која е далеку под нивните потреби. Имено се работи за социјална парична помош, право од областа на социјалната заштита кое се остварува по одредени критериуми и во ограничени износи, кои за жал се ограничени. Освен тоа ретко кое семејство на овие деца го примаат целосниот износ на помошта и од други причини. Имено, голем број од членовите во домаќинството се без основни документи за идентификација (уверенија за државјанство, извод од матична книга на родените и др.) што е секако предуслов за остварување на одредени права пред органите на власта.

Од тие причини недостигот на средства се надополнува со секојдневно питачење, собирање стара хартија, и друг вид секундарни суровини по контејнерите и депониите, во што се вклучени децата. Во такви услови апсурдно е да се поставува прашањето за структурирање на семејниот буџет по видови потрошувачка. Нема средства за комунални давачки, нема издатоци за средства за лична хигиена, за школување, за културно забавни потреби и други издатоци - неопходни за егзистирање на нивото на т.н. релативна линија на сиромаштијата.




Графикон 2. Извори на приход во семејство

Евидентно е дека во недостаток на можности за заработувачка и егзистанција на семејството најголем дел од децата на улица како и нивните родители или се потпираат на социјалната парична помош од државата или пак се одаваат на питачење како извор на егзистенција.

Дури и кога семејствата имаат редовни извори на приход во семејството евидентно е дека се соочуваат со големи потешкотии во однос на материјалната состојба. Од оние деца чии семејства имаат редовни приходи може да се види дека висината на средствата е мала.

Во однос на висината на месечниот приход, беше поставено следното прашање: "Ве молам наведете го просечниот месечен износ на приходи на вашето домаќинство?"

Табела 3. Месечен приход во семејството

| **Висина на приход** | **Вкупно** |
|---|---|
| До 2.000 денари | 15 |
| Од 2.001 до 5.000. ден | 21 |
| Од 5.001. до 10.000 ден | 3 |
| Од 10.001 до 15.000 ден | 1 |

Од дадените одговори може да се види дека најголем број од овие семејства имаат месечен приход помеѓу 2000 и 5000 денари, што не е доволен да ги задоволи

дури ниту основните потреби за исхрана на овие семества, а уште повеќе да може да ги задоволи останатите потреби на семејството. Како што изјавија испитаниците овој приход е главно добиен преку социјална парична помош што ја добиваат од страна на државата.

Од податоците кои се добија со исражувањето се потврди хипотезата дека семејствата на децата на улица се соочуваат со големи материјални проблеми кои се обидуваат да ги решат преку престој на улица и реализација на различни активности.

## 2.3. Квалитет на живеалишта на децата

### 2.3.1. Квалитет на живеалиште по пол и возраст

Загрозеноста на децата кои просат и препродаваат е условена не само од лошата егзистенцијална состојба, во борбата за секојдневно преживување, туку и од многу лошата состојба на нивните живеалишта. Во истражувањето живеалиштата на децата кои просат и препродаваат се поделени на три групи: ипровизориум, трошна и тврда градба. Импровизориум претставуваат живеалишта од несоодветен градежен материјал (картони, лимови, најлони, штици), додека трошната градба претставува градба од несоодветни градежни материјали (плитар, отпадни градежни материјали сл), тврда градба претставуваат објекти направени од соодветен градежен материјал.

Станбените услови на децата што просат и препродаваат сметавме дека е значајно да ги проучиме низ четири групи на индикатори и тоа: станбени услови со средства за егзистенција, станбените услови со возраста на децата, станбените услови со семејна структура, станбени услови со бројот на членови во семејство и станбени услови со здравствената состојба на децата.

Табела 4. Квалитет на живеалиште, возраст и пол на децата

| Квали-тет на живе-алишт | Возраст и пол на децата | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 - 4 г | | 5 - 8 г | | 9 - 11 г | | 12 - 15 г | | 16 - 18 г | | Бр | % |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | | |
| **Импро-визор-иум** | 3 | 4 | 5 | 5 | 10 | 8 | 12 | 8 | 0 | 0 | 55 | 46% |
| **Трошна градба** | 0 | 1 | 4 | 2 | 5 | 8 | 13 | 6 | 0 | 1 | 40 | 33% |
| **Тврда градба** | 0 | 0 | 3 | 1 | 5 | 3 | 9 | 1 | 3 | 0 | 25 | 21% |
| **Бр. / %** | 3% | 4% | 10% | 7% | 17% | 16% | 28% | 12% | 2% | 1% | 120 | 100% |

Во истражувањето се покажа дека највисок процент деца 55-46% живеат во импровизориум, од сите 5 возрасни групи. Највисок процент деца од обата пола до 4 годишна возраст живеат во импровизориум, што покажува дека родителите со мали деца живеат во импровизориуми, претпоставуваме дека се оделиле од семејствата на своите родители, било поради неусогласени односи или пак за добивање можност за социјална парична помош. Исто така, забележуваме дека во возрасната група од 9 до 15 години се јавуваат 88 испитаника со живеалишта во сите три вида на станбени градби. Во импровизориум живеат 43% деца од овие возрасни групи, додека 37% од оваа возрасна група живеат во трошна градба. Сепак 20% од оваа возрасна популација живеат во тврда градба.

Процентот на деца на оваа возрасна група кои живеат во импровизориум е голем, бидејќи потекнуваат од млади родители, најчесто овие деца се најстарите деца во семејството, додека нивните помали браќа и сестри се од најмалата возрасни групи.

Значителен број деца од 9-15 години, а тоа се 37% од оваа возрасна група, живеат во трошни градби каде има минимални услови за живот, само 20% од овие возрасни групи живеат во тврда градба.




Графикон 4: Квалитет на живеалиште и пол и возраст на децата

Причините за оваа состојба произлегуваат од економската загрозеност на ромското население, а пред се од неможноста да се живее во повеќе генерациско семејство, но и поради можноста за добивање на социјална парична помош. Често пати во импровизориум живеат и семејства кои ја менуваат локацијата на живеење, а понекогаш и самиот град.

Од добиените податоци во текот на истражувањето однос квалитетот на живеалиштата на семејствата, се потврди хипотезата дека стамбените услови на семејствата влијаат врз вовлекување на децата во трудовата експлоатација. Високиот процент на импровизориуми како најлоши станбени услови 55 испитаници, или 46% претставува алармантен показател на загрозеноста на ромската популација воопшто, а пред се на децата кои препродаваат и кои питачат. Квалитетот на живеалиштата во најголем број на случаи е проследен и со мошне оскудна и неквалитетно средена покуќнина, што претставува значаен фактор за неатрактивноста на живеење во своите живеалишта и поголемо усмерување кон животот на улицата. Градбите се мали, најчесто со една просторија за живеење, или со две, спијат на под кој е покриен со картони или најлон. Санитарен јазол имаат, но надвор од домот, вода и бањи немаат (се бањаат во корита или казани).

## 2.3.2. Квалитет на живеалиште и семејна структура на децата

Семејната структура на децата кои просат и препродаваат се проучува низ три индикатори и тоа, децата кои што живеат со два родители, деца што живеат со еден или самохран родител и децата што живеат со член од поширокото семејство. Семејната структура се проучува за да се открие дали таа претставува една од основните причини кои доведуваат до потребата да просат и препродаваат.

Табела 5. Квалитетот на живеалиште, семејна структура и пол на децата

| **Квалитет на живелиште** | **Семејна структура и пол на децата** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Два родители | | Самохран родител | | Друго | | **Вк.** | **%** |
| | м | ж | м | ж | м | ж | | |
| Импровизориум | 21 | 13 | 5 | 7 | 4 | 5 | 55 | 46 % |
| Трошна градба | 15 | 16 | 3 | 4 | 2 | 0 | 40 | 33 % |
| Тврда градба | 17 | 4 | 2 | 0 | 2 | 0 | 25 | 21 % |
| **Вкупно** | 44% | 28% | 8% | 9% | 7% | 4% | 120 | 100% |

Податоците добиени од истражувањето покажуваат дека најголем број деца кои просат и препродаваат потекнуваат од семејства со два родители 72%, но значаен е и процентот на деца кои живеат само со еден родител или со членови од поширокото семејство 28%.




Графикон 5: Квалитетот на живеалиште и семејна структура на децата

Високиот процент на застапеност на семејства со два родители, покажува дека родителите најчесто најлесен начин за стекнување на средства за егзистенција го сметаат питачењето и препродавањето. И покрај тоа што овој начин на стекнување на материјални средства не е продуктивен, и го загрозува животот на децата, сепак во состојби на неможност со свој труд да остварат материјални добра за многу семејства ова е единствениот начин за обезбедување на егзистенција. Но, сепак, најголем број од семејствата и покрај потребата за остварување на егзистенција, несоодветно ги трошат добиените пари, купување на алкохол (пиво) и цигари, купување на лепак кој го дуваат, а истиот им го даваат и на децата за да можат полесно да ги извршуваат нивните наредби.

Во истражувањето се покажа дека децата кои просат и препродаваат во помал процент живеат во дефициентни семејства. Тоа се должи на фактот што од една страна напуштањето на еден родител на семејството е поретка појава, можеби поради фактот што многудетните семејства ја наметнуваат потребата од заедничка грижа за нив, а од друга страна напуштањето се спречува од страна на поширокото семејство, дури и од заедницата. Родителите најчесто стапуваат во брак релативно млади, па затоа нивните деца стануваат полнолетни кога тие обично се на возраст од (32-40 години), така често пати нивните возрасни деца стануваат доминантни во однос на одржување на семејната структура. Самохраниот родител, начесто мајката, во борбата за обезбедување на егзистенција често се определува за посигурна работа (чистење во куќи, во фирма), бидејќи не се чувствува безбедна на улица, пред се од страв од врбувачи.

Хипотезта за очекуваната поврзаност на семејната структура при вовлекувањето на децата во трудова експлоатација според податоците добиени од теренот, не се потврди. Имено, 72% од децата потекнуваат од потполни семејства со двајца родители.

### 2.3.3. Квалитет на живеалиште и број на членови во семејството

Децата кои просат и препродаваат во најголем број произлегуваат од многудетни семејства, односно од семејства со 4-6 и од 7-9 члена, 36%, односно од вкупниот број деца што живеат во импроизоиум 78%. Малите семејства се семејства со 1 до 3 члена, 17% од вкупниот број што живеат во импровизориум. Во големите

семејства значајна е улогата на таткото, кој најчесто не само што ги присилува децата на улица, туку им ги зема добиените или стекнатите пари.

Причина за овој показател, во зависност од информациите што ги добивме, се ориентацијата на родителите кон други алтернативи на заработка на пари (собирање пластични шишиња, хартија, железо, работа на пазарите и градежни работи). Овие состојби на семејствата нé доведуваат до сознанието и заклучокот дека, родителите на малку детните семејства потешко се одлучуваат тие и нивните деца да бараат егзистенција со питачење и препродавање. Состојбите се усложнуваат кога брзо се зголемува наталитетот во семејството, а со тоа и неспремноста на родителот да продолжи со дотогашниот начин на остварување егзистенција.

Непостоењето на конструктивна популациона политика, кај оваа категорија, може да претставува една од главните последици за бројност на социјално загрозените семејства и барање излез со питачење и препродавање.

Табела: 6 Квалитет на живеалиште и број на членови во семејството

| **Квалитет на живеалиште** | **Број на членови во семејството** | | | | Вкупно - % | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 - 3 | 4 - 6 | 7 - 9 | 10 - 12 | | |
| Импровизориум | 9 | 20 | 23 | 3 | 55 | 46% |
| Трошна градба | 2 | 14 | 20 | 4 | 40 | 33% |
| Тврда градба | 9 | 10 | 6 | 0 | 25 | 21% |
| Вкупно - % | 20 | 44 | 49 | 7 | 120 | 100% |

Од вкупниот број на испитаници што живеат во тврда градба значителен број на семејства се со 1 до 3 члена. Но, исто така значителен број на семејства со 1 до 3 члена живеат во импровизориум или трошна градба.




Графикон 6: Квалитет на живеалиште и број на членови во семејството

Оваа состојба е резултат на тоа што голем број на семејства со 1 до 3 члена живеат или во домот на своите родители кои најчесто е тврда градба, или се одделуваат од родителите формираат свои семејства и живеат во импровизориум или трошна градба. Од оваа категорија на семејства се регрутираат идните претставници на најзагрозената популација.

Државата, а пред се локалната заедница, треба да ја земе во предвид оваа состојба на загрозеност и да создаде минимум услови овие семејства да живеат во поквалитетни живеалишта.

### 2.3.4. Квалитет на живеалиште и здравствена состојба

Во првичните средби со децата кои просат и препродаваат добивме впечаток дека, не носат соодветна и чиста облека, пред се во однос на (обувките и чорапите), но исто така нередовната исхрана, престојот во екстремни климатски услови укажува на постоење на здравствени проблеми кај децата. Во недостапност на здравстена контрола и заштита, тие не само што не се свесни за постоење на поедини заболувања, туку и присутноста на болестите кај нив не претставува пречка да престојуваат на улица. Сепак, сметавме дека е значајно да се проучи здравствената состојба. Во неможност за добивање на податоци од медицински установи за заболувањето, овие состојби ги проучивме врз основа на нивните лични изјави и нашите впечатоци.

Затоа здравствената состојба на децата ја презентираме само низ три општи индикатори: постоење на акутни болести, постоење на хронични болести, постоење на метална и физичка попреченост.

Највисок процент  деца кои живеат во импрвизориум 55%, се заболени од акутни или хронични болести или манифестираат одреден вид на попреченост. Во неможност за попрецизна евиденција за видовите и степенот на заболување, како и на смртноста, можеме да укажеме на алармантност на проблемот и потребата од систематски прегледи на децата пред се, од аспект на заразните заболувања, кои лесно и брзо се шират, и го загрозуваат здравјето (ТБЦ, жолтица и др).

Децата немаат никакви навики, ниту пак постои одговорност од страна на родителите за контрола за здравјето на децата. Тие често пати немаат здравствено осигурување и не можат да го остварат правото на лекување, децата на улица во случај на болест најчесто се не квалитетно прифатени од најблиските амбуланти до местото на живеење и тие се упатени на милост и немилост на улицата.

Табела 7: Квалитет на живеалиште и здравствена состојба на децата

| **Квалитет на живелишта** | **Здравствена состојба на детето** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акутни болести | Хронични болести | Попреченост | | **Вкупно** | % |
| | | | Физичка | Ментална | | |
| Импровизори-риум | 14 | 8 | 3 | 2 | 27 | 55 % |
| Трошна градба | 8 | 5 | 3 | 1 | 17 | 35 % |
| Тврда градба | 2 | 2 | 1 | 0 | 5 | 10% |
| **Вкупно - %** | 49 % | 31 % | 14 % | 6 % | 49 | 100% |

Како што може да се забележи од Табела 7, од вкупно 120 деца, само кај 49 се забележани или се изјасниле дека имаат здравствени проблеми. Смртноста кај оваа категорија на деца е честа појава. Во периодот на нашата работа на терен, во населбата Шуто Оризари, бевме присутни на една тажна случка, на погребот на едно девојче, на возраст од една и пол година, чија смрт настапила како последица на труење со несоодветна храна (од контејнер).




Графикон 7: Квалитет на живеалиште и здравствена состојба

Кога станува збор за здравствената состојба на родителите на овие деца можеше да се забележи дека скоро сите интервјуирани родители имаат некаков здравствен проблем и се со нарушено здравје. На прашањето околу здравствената состојба и проблеми со здравјето најголем дел од нив изјавија дека имаат здравствени проблеми.

Табела 8. Здравствена состојба на родителите

| | **Здравствена состојба на родителите** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акутни болести | Хронични болести | Попреченост | | **Вкупно** | % |
| | | | Физичка | Ментална | | |
| Мајка | 18 | 5 | 3 | 1 | 27 | 67.5% |
| Татко | 6 | 5 | 1 | 1 | 13 | 32.5% |
| **Вкупно - %** | 60% | 25% | 10% | 5% | 40 | 100% |

Па така 60% од вкупната бројка изјавија дека имаат акутни болести и моментални проблеми со здравјето. Сите изјавија дека имаат потешкотии со плаќање на лекарските прегледи и набавка на соодветни лекарства за решавање на нивните здрвастени проблеми. Исто така не е занемарување и бројката на лица со хронични болести 25% кои бараат долгорочен медицински третман. Најголем број од родителите изјавија дека поголем дел од собраните средства од питачењето ќе бидат потрошени на

лекарства. Покрај ова, родителите во разговорот изјавија дека лошата исхрана и несоодветните услови за живот се дополнителни фактори за нивното лошо здравје.

Од добиените податоци и изјавите на родителите на децата се потврди хипотезата дека здравствената состојба на родителите влијае врз вовлекувањето на децата во трудова експлоатација

### 2.3.5. Квалитет на живеалишта и односот кон хигиената во домот

Основна карактеристика, од аспект на односот кон одржување на хигиената на семејствата, е дека ниско ниво на хигиена може да биде една од главните причини што домот како средина не е привлечен за нив. Скоро кај сите родители, па и возрасни деца отсуствува чувството и навиката за средување на покуќнината, како и одржување на хигиената. Во внатрешни делови од живеалиштето се наоѓаат многу предмети кои ги собираат по контејнерите. Во потрага по стекнување на пари без вложување на поголем труд и барањето на излез од неатрактивните живеалишта, родителите на децата ја прифаќаат улицата како поприvлечна алтернатива за престој и добивање на материјални средства.

Наспроти ваквите семејства во ромските населби, постојат сиромашни домови каде што односот кон хигиената во домот е на завидно ниво, што го прави домот попривлечен и животот и начинот на барање на егзистенција попродуктивен.

И покрај крајно лошите услови во родителскиот дом, сепак тој е атрактивен за нив и претставува место каде навечер се прибираат, ако ништо друго за да преспијат.

## 2.4. Патолошки појави во семејствата на децата на улица

Што се однесува до присуство на патолошки појави во рамките на семејствата на овие деца на улица, од страна на родителите добивме различни одговори на поставеното прашање: "Дали има присуство на патолошки појави во семејството?" со појаснување за значењето на патолошките појави. На ова прашање ги добивме следните одговори:

Табела: 9 Патолошки појави во семејството

| **Видови патолошки појави** | **Процент** |
|---|---|
| Питачење | 66% |
| Проституција | 1% |
| Алкохолизам | 11% |
| Наркоманија | 1% |
| Психички заболувања | 13% |
| Ситни кражби | 6% |
| Друго | 2% |
| **Вкупно** | 100% |

Резултатите покажуваат дека најголем е бројот на присуство на појавата питачење како патолошка/асоцијална појава во семејството. На ова прашање не може да се добие стопроцентен одговор затоа што дозволивме по два и повеќе одговори т.е. можно е присуство на повеќе асоцијални појави во семејството.

Децата на улица се деца на родители кои се исто така на улица т.е. работат на улица (просат, собираат по канти) лица кои се без образование, кои не се вработени и кои основните егзистанцијални потреби ги задоволуваат на тој начин. Неможејки да излезат на крај со ситуацијата во која се наоѓаат, да ги прехранат, облечат, образоваат а уште помалку да им посветат внимание на личната хигиена на своите деца, родителите се тие што своите деца ги туркаат на улица и ги користат како инструменти за заработувачка на ситни пари за основна егзистенција. Сè поголема е веројатноста дека препуштени сами на себе, може да навлезат во водите на деликвентното однесување (криминалот, дрогата, проституцијата и сл.) т.е. да станат деца во судир со законот. Врз основа на добиените податоци се забележува дека е поголем бројот на деца на улица кои конзумираат цигари, дрога, алкохол и др.




Графикон: 8 Патолошки појави во семејството

На основа на добиените податоци може да се заклучи дека питачењето како патолошка појава во најголема мерка 66% е присутно во семејствата. Исто така е утврден и значителен процент на останатите патолошки појави во овие семејства што всушност ја потврдува хипотезата дека присутноста на патолошките појави во семејството влијае врз вовлекување на децата во трудова експлоатација и питачење.

## 2.5. Ниво на образование на родителите на трудово експлоатираните деца

Родителите се првите учители на своите деца. Главна задача на семејството, а особено на мајката секогаш била воспитување и социјализирање на своите деца. Од овие причини нивото на образование на родителите има важна улога во животните услови на семејството. Од една страна соодветното образование создава услови за пронаоѓање на работно место кое ќе овозможи нормално функционирање на семејството. Од друга страна за децата одгледувани и воспитувани во семејство каде родителите го имаат заокружено образовниот процес, тоа ќе биде стандард и модел на однесување со кој децата се поистоветуваат, го емитираат и наоѓаат некој вид поддршка за сопствениот избор.

Во текот на собирањето на податоците во однос на образованието на родителите можеше да се забележи дека родителите не сакаат да зборуваат за нивото на образование кое го имаат.

Табела 10. Вид на образование на родителите

| **Вид на образование** | **Мајка** | **Татко** | **Бр.** | **%** |
|---|---|---|---|---|
| Без образование | 11 | 3 | 14 | 35% |
| До 2-ро одделение | 8 | 1 | 9 | 22.5% |
| До 5-то одделение | 6 | 2 | 8 | 20% |
| Основно училиште | 3 | 4 | 7 | 17.5% |
| Училиште за занимање | 0 | 1 | 1 | 2.5% |
| Средно образование | 0 | 1 | 1 | 2.5% |
| Вкупно | 28 | 12 | 40 | 100% |

Од добиените податоци по однос на ниво на образование на родителите може да се забележи дека образовниот статус е многу низок, и тоа најголем број од родителите 35% се без никакво образование. Интересен е фактот што најголем број на мајки (11) се без образование, споредено со бројот на татковците (3), што ја покажува разликата меѓу половите во однос на образованието. Потоа следат оние кои имаат завршено до второ одделение 22.5% што укажува на фактот дека тие најверојатно ги знаат само основите на читање и пишување. Имајќи ја во предвид оваа ситуација каде најголемиот дел од родителите се без образование и многу ограничени можности во однос соодветно вработување, во однос на остварувањето на своите права загарантирани со законот, може да се заклучи дека овие семејства остануваат крајно маргинализрани во општеството без никаква можност за напредок.

Овие податоци по однос на ниското образовно ниво ја потврдуваат хипотезата дека образованието на родителите влијае врз вовлекувањето на децата во трудовата експлоатација.

### 2.6. Причини за експлоатација на трудот и питачење

Трудовата експлоатацијата и питачење на децата на улица во студијата се проучуваат од аспект на причините за трудова експлоатација, формите на експлоатација, кои се присилувачи и контролори.

### 2.6.1. Причините на трудова експлоатација и питачење поврзано со возраст и пол

Причините за експлоатацијата на трудот и питачење се проучуваат низ следните индикатори: од аспект на полот и возраста на децата, местото на живеење и семејната структура.

Табела 11: Причина со експлоатација на трудот и питачење по возраст и пол

| Причини за експлоатација на трудот и питачење | Возраст и пол на децата | | | | | | | | | | Вкупна излезност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 - 4 г. | | 5 - 8 г. | | 9-11 г. | | 12 - 15 г. | | 16 -18г. | | | |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | Број | % |
| Искористување за обезбедување егзистенција | 0 | 0 | 5 | 3 | 16 | 5 | 16 | 6 | 2 | 1 | 54 | 46% |
| Притисок од семејството | 1 | 4 | 6 | 6 | 16 | 6 | 13 | 5 | 1 | 0 | 58 | 48% |
| Под притисок на други возрасни лица/постари деца | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4 | 3% |
| Под притисок на организирана група | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 4 | 3% |
| **Вкупно** | 6 | | 22 | | 45 | | 43 | | 4 | | 120 | 100% |

Материјалната загрозеност на семејствата, а пред се загрозеноста на Ромските семејства, претставува основна причина за искористување на децата, за обезбедување егзистенција во семејството. Исто така, и традиционалните пристапи кон барање егзистенција и сознанието дека на лесен и достапен начин се доаѓа до пари ги доведува родителите до одлука да се определат за овој начин на обезбедување на егзистенција и организирање достапност до реализација на оваа активност. Родителите често пати се наоѓаат во ситуации со караници и тепачки на соперничките групи или на присилувачите да дојдат до остварување на своите планови за делување. Често пати влегуваат во компромиси кои подразбираат и трговија со своите деца, од аспект да се оствари експлоатација од спротивставената страна.

Најзастапена возраст на децата е од 9 до 15 години, и тоа 88 деца од вкупната бројка на испитаници. Во причините за експлоатација на трудот и питачење исто така е присутна и притисок од семејството 48% т.е. од родителите која доминантно се однесува на експлоатацијата на детскиот труд од препродавање и вршење услуги,

бидејќи децата во однос на родителите, не се кривично одговорни и не подлежат на санкции од службите за внатрешни работи.

Во нашето истражување значаен процент на деца кои питачат се присилувани од родителите, а со тоа и се спречувани да одат на училиште или не им се создаваат услови во родителскиот дом за учење и покажување успех во учењето.

Определен број родители 48% ги присилуваат своите деца на питачење или вршат трудова експлоатација со цел парите да ги трошат на алкохол, дрога или други пороци.

Одредена група родители присилата врз децата ја вршат поради недостаток на сопствената интелектуална и ментална способност за справување со парите (правилно трошење на елементарните средства со кои располагаат) и живеат буквално од денес за утре.

Во некои од овие ситуации постарите деца во семејството ја превземаат улогата на организатор на семејниот живот, но често пати со тек на време, многу од нив ги изразуваат особините на родителите.

Во истражувањето како што се гледа, во многу помал процент 3% е регистрирано искористувањето на детскиот труд и питачењето од страна на организирани групи и постари поединци.

Добивањето на податоци беше многу тешко бидејќи децата се плашеа да дадат искрени податоци. Сепак кај децата од училишна возраст 3% се забележува искористување од локалните групи, пред се од аспект на продавање, но и од активностите во кафеаните и други угостителски објекти.

Табела 12: Причина за експлоатација на трудот и питачење по квалитет на живеалиште

| **Причина за експлоатација на трудот и питачење** | **Квалитет на живеалиште** | | | **Вкупно излезни - %** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Импровизориум | Трошна градба | Тврда градба | | |
| Обезбедување егзистенција | 54.5% | 25% | 20.5% | 44 | 36.7% |
| Притисок од семејството | 42.2% | 45.3% | 12.5% | 64 | 53.4% |
| Под притисок на други возрасни лица/постари деца | 50% | 25% | 25% | 4 | 3.3% |
| Под присила на организирана група | 62.5% | 25% | 12.5% | 8 | 6.6% |
| **Вкупно** | 58 - 48.4% | 43 - 35.8 % | 19 - 15 .8 % | 120 | 100% |

Во истражувањето е проучувана поврзаноста на причините за експлоатација на трудот и квалитетот на живеалиште. Најголем број деца 54.5% кои живеат во импровизориум се искористувани за обезбедување на егзистенција, исто така, значаен е бројот на деца кои живеат во трошна градба. Покрај материјалната несигурност, лошите станбени и хигиенски услови во живеалиштата се многу важен фактор.

Табела 13: Причини за експлоатација и семејна структура

| **Причина за експлоатација на трудот и питачење** | **Семејна структура** | | | **Вк.** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|
| | Два родители | Самохран родител | Друго | | |
| Обезбедување егзистенција | 63% | 22% | 15% | 51 | 42.5% |
| Притисок од семејството | 84.2% | 12.3% | 3.5% | 57 | 47.5% |
| Под притисок на други возрасни/постари деца | 75% | 0% | 1 - 25 % | 4 | 3.3% |
| Под присила на организирана група | 62.5% | 25% | 12.5 | 8 | 6.7% |
| **Вкупно** | 86 -71.7% | 25 - 20.8 % | 9 - 7.5 % | 120 | 100% |

Во однос на семејната структура евидентно е дека присутни се повисоки параметри во притисокот од семејството со два родители 84.2%. Меѓутоа, висок е и процентот на притисокот на организирана група 62.5% кои во најчест случај ги присилуваат децата или се закануваат на семејството.

Овие деца често пати се присилувани да крадат, да даваат сексуални услуги и да бидат вклучени во различни кривични дела, користејќи го моментот дека овие деца кривично не одговараат.

Самохраните родители и старателите, во грижата кон децата, и покрај сиромаштијата, се обидуваат да најдат и наоѓаат покорисни алтернативи за стекнување на материјални средства и поквалитетно организирање на животот.

Сепак децата од овие семејства во некои случаи се искористувани од организирани групи 25% пред се од аспект на трудова експлоатација, отколку на питачење.

## 2.7. Присилувачи и контролори

Во рамките на потеклото и формите на експлоатација сметаме дека е корисно да се проучат присилувачите и контролорите во експлоатацијата на детскиот труд и питачењето. И покрај тоа што на прв поглед се добива впечаток дека децата на улица се сами и спонтано ја извршуваат својата работа, од нивното однесување добивме впечаток дека само мал дел делуваат самостојно, додека многу поголема е бројката на оние деца кои се жртви на присилувачите, лица или групи, кои на најгруб начин ги врбуваат и присилуваат на безмилосна и ризична експлоатација.

Овие деца, јавно настапуваат како продавачи на ситни производи (кои не се регистрирани, и не плаќаат данок) но, постои оправдано сомнение дека голем број од нив се дилери на наркотични средства со што се загрозуваат нивните животи и животите на купувачите.

Добивањето на поконкретни податоци е многу тешко и со големи напори, најчесто од ликот на детето, од неколкуте шкрти зборови и заплашен поглед може да се заклучи дека се врбувани и експлоатирани.

Влегувањето во мрежата на врбувачите често пати е лесно и интересно за децата, но излегувањето од нивното влијание и контрола е скоро невозможно.

Табела 14: Присилувачи, возраст и пол на децата кои се трудово експлоатирани

| **Присилувачи** | **Возраст и пол на децата** | | | | | | | | | | **Вкупно излезни** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 - 4 г. | | 5 - 8г. | | 9 - 11г. | | 12 - 15 г. | | 16 - 18 г. | | | |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | Број | % |
| Родители | 3 | 3 | 6 | 8 | 15 | 8 | 21 | 9 | 1 | 0 | 74 | 61.7% |
| Постари браќа, сестри | 0 | 2 | 5 | 0 | 4 | 7 | 8 | 4 | 0 | 1 | 31 | 25.8% |
| Организирана група | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 6 | 5% |
| Возрасни поединци | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 1 | 2 | 2 | 0 | 9 | 7.5% |
| **Вкупно** | 3 | 3 | 12 | 8 | 20 | 19 | 34 | 15 | 3 | 1 | 120 | 100% |

Од табелата 14 добиени се податоци кои даваат информации кој најчесто ги присилува децата на трудова експлоатација и питачење во однос на нвната возраст.

Добиени се информации од изјавите на децата, но и од фактичката состојба забележана за време на анкетирањето. Најголем процент 61.7% ги присилуваат родителите, обично таткото на детето на улица се вклучува во дејностите на улица, и тоа обично кога има мали деца до 12 годишна возраст, пред се да ги заштити од лица кои би можеле да им ги одземат парите, но исто така и да им ги собере парите што ги добиле.

Исто така, и мајките на улица најчесто индиректно се контролирани од своите сопрузи кои скриено ги следат или често пати им се закануваат на мајките. Мајките начесто ги придружуваа малите деца. Постарите браќа и сестри најчесто се одделуваат од семејството и делуваат самостојно, но исто така, значаен процент од нив ја заменува родителската улога и го организира процесот на питачење и продавање.

Табела 15. Присилувачи на децата кои се работно експлоатирани и просат во однос на семејната структура на децата

| **Присилувачи** | **Семејна структура** | | | **Вкупно излезни - %** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Два родители | Самохран родител | Друго | | |
| Родители | 85% | 15% | 0 | 76 | 63.4% |
| Постари браќа, сестри | 62% | 19% | 19% | 26 | 21.6% |
| Организирана група | 38% | 38% | 24% | 8 | 6.6% |
| Возрасни поединци | 20% | 20% | 60% | 10 | 8.4 % |
| **Вкупно** | 86 - 71.6 % | 21- 17.5% | 13 -10.9% | 120 | 100% |

Во однос на компактноста на семејството највисок процент деца кои питачат потекнуваат од семејства со два родители, при што родителите се јавуваат и како организатори и присилувачи на експлоатација на своите деца. Во текот на истражувањето можеше да се забележи дека значаен број родители делуваат самостојно 85%, но во поголем процент се и оние кои се дел од голема организирана група, роднински поврзана меѓу себе. Во оваа група спаѓаат и значаен број деца кои живеат со еден родител или старател 38%.




Графикон 9: Присилувачи на децата кои се работно експлоатирани и просат во однос на семејната структура на децата

Во улога на наследници на родителите, постарите браќа ја превземаат улогата на родителите 21.6% поради немоќ на родителите и агресивност од нивна страна. Организираните групи на врбувачи се инфилтрираат меѓу децата, и во семејствата со два родители 38% и во семејствата со еден родител или старател 38%.

Возрасните поединци 8.4% често пати произлегуваат од децата кои питачеле или биле работно експлоатирани, но по нивното полнолетство не можеле да се вклучат во организирана група. Овие лица често се зависници од дрога и препродавачи на дрога, и многу тешко се откриваат и стануваат достапни на органите на безбедност.

### 2.7.1. Контролори на децата кои се трудово експлоатирани и питачат

Организираноста во експлоатацијата на детскиот труд и питачењето се согледува во систематската работа на присилувачите и контролорите.

Присилувачите најчесто се родителите или водачите на организираните групи. Раширената мрежа на делување од аспект на сигурноста и безбедноста е однапред замислена и будно пратена. За таа цел најчесто присилувачите регрутираат контролори од своите групи, што ја прави оваа дејност тешка за откривање и спречување. Присилувачите во најчест случај се не присутни на теренот.

За разлика од нив контролорите непосредно ја следат активноста на децата и со соодветни постапки делуваат на нив. Пример, ги казнуваат ако се незадоволни, или им носат храна. Тие алармираат ако дојде полиција да може веднаш да побегнат од местото каде се наоѓаат. Како присилувач најчесто се јавува највлијателниот член од семејството, а контролори претставуваат доверливи постари деца или другиот родител.

Сепак искуството на истражувачите во следење на оваа појава во однесувањето на децата помогна да се согледа постоењето и делувањето на контролорите и присилувачите. Исто така, многу ретко но сепак бевме сведоци на ситуации кога контролорите насилно им ги одземаа парите, па дури и физички ги казнуваат, ако не се задоволни од износот на пари. Тоа укажува на суровата реалност во животот на овие деца.

## 2.8. Форми на на трудова експлоатација и питачење

Децата престојуваќи на улиците обавуваат различни активности и тие најчесто се вклучени во повеќе категории на работа (Табела бр. 16/1, 16/2, 16/3, 16/4 и 16/5). Вклученоста зависи од нивната проценка како можат да дојдат до средства и од условите кои им овозможуваат доаѓање на средства (климатски, социјални, економски, традиционални).

Во форми на експлоатација на трудот и питачење се разгледувани следниве активности:

- Препродавање кое се јавува во различни форми и тоа разграничено: продавање на цигари, ситна опрема за возила, марамчиња, цвеќе.
- Питачење со цел собирање: пари, храна, облека доброволен прилог.
- Собирање по канти и ѓубришта - храна, хартија, пластични шишиња, старо железо, облека и др.
- Бришење на шофершајбни, миење на возила на паркинг и во сервис,
- Работа по кафеани - келнерка, придружник на гостите, чистење, продавање на ситни артикли,
- Сезонска земјоделска работа (работа по ниви, собирање плодови, градежни работи).

Табела 16/1 Форми на заработувачка (препродавање), возраст и пол на децата

| Форми на заработувачка - препродавање | Возраст и пол на децата | | | | | | | | | | Вкупно излезни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 - 4 г. | | 5 - 8 г. | | 9 - 11 г. | | 12 - 15 г. | | 16 -18 г. | | |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | |
| Цигари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 1 | 0 | 5 |
| Ситна опрема за возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Марамчиња | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| Цвеќе | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| Вкупно | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 | 8 | 1 | 1 | 0 | 14 |

Во истражувањето се покажа дека наспроти забраната најмногу се препродаваат цигари, ситна опрема за возила, тоалетни марамчиња, цвеќе и др. Во неможност да се контролира што е продадено и колку е заработено во табелата забележуваме само оној број на деца кои сме ги сретнале со производите за продавање во своите раце.

Продавањето на улица е повеќе ангажман на машките деца, пред се поради опасноста производите што ги продаваат да им бидат насила одземени или украдени со што не само што ќе немаат можност да заработат, туку и ќе останат должни. Исто така, голем процент од овие што препродаваат се од албанската етничка припадност, во кој поради муслиманските норми се забранува бесцелно движење на девојчињата по улица.

Оваа категорија деца, често е искористувана од оние кои им ги даваат предметите за продавање, но и од своите родители, бидејќи тие поради строгите казнени мерки не се осмелуваат јавно да се занимаваат со препродавање.

Сметам дека не успеавме да ја дијагностицираме реалната бројка бидејќи ова а категорија деца многу вешто ги избегнуваше нашите контакти.

Табела 16/2. Форми на заработувачка (питачење), возраст и пол на децата

| Форми на заработувачка - питачење | Возраст и пол на децата | | | | | | | | | | Вкупно излезни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 – 4 г. | | 5 - 8 г. | | 9 - 11 г. | | 12 - 15 г. | | 16 -18 г. | | |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | Вкупно |
| Пари | 3 | 5 | 10 | 7 | 18 | 17 | 32 | 15 | 3 | 1 | 84 |
| Храна | 2 | 3 | 6 | 6 | 9 | 8 | 10 | 8 | 2 | 1 | 14 |
| Облека | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 7 | 6 | 7 | 0 | 1 | 6 |
| Доброволен прилог | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 3 | 0 | 0 | 7 |
| Вкупно | 3 | 5 | 10 | 7 | 18 | 17 | 32 | 15 | 3 | 1 | 111 |

Питачењето е присутно кај децата од доенче па се до полнолетство, односно оние деца кои се на улица сами, со своите родители, со постари браќа, сестри и друго. На оваа возраст забележително е тоа што се присутни како момчињата, така и девојчињата. Најчести форми на питачење се пари, храна, облека, покуќнина и др. Од сите овие форми питачењето пари е најчеста појава, иако децата се радуваат на подадената храна и облека.

Табела 16/3 Форми на заработувачка (собирање по ѓубришта), возраст и пол на децата

| **Форми на заработувачка - собирање по ѓубришта** | **Возраст и пол на децата** | | | | | | | | | | **Вкупно излезни** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 - 4 г. | | 5 - 8 г. | | 9 - 11 г. | | 12 - 15 г. | | 16 - 18 г. | | |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | |
| Храна | | | 1 | 1 | 3 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | 10 |
| Хартија | | | 1 | 1 | 4 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | 11 |
| Пластични шишиња | | | 1 | 1 | 6 | 1 | 3 | 2 | 1 | 0 | 15 |
| Железо | | | 2 | | 2 | | 2 | | 1 | | 7 |
| **Вкупно** | 0 | 0 | 5 | 3 | 15 | 3 | 7 | 6 | 4 | 0 | 43 |

Контејнерите и кантите за отпадоци се чести места каде се сретнуваат поединци или групи од претставниците на најсиромашните слоеви. Многу сиромашни семејства како единствен начин за заработка, но и опстанок наоѓаат во собирањето пластични шишиња, хартија, железо и сл. Оваа дејност во последно време е се поприсутна кај оваа популација, па дури се одредуваат и региони на делување, кои будно се бранат.

Храната од контејнерите ја користат во исхраната или со неа го хранат добитокот (најчесто коњи или кокошки).

Облеката ја селектираат и ја препродаваат на т.н. „канта пазар" или за своја еднократна употреба.

Во неможност да добиеме реална слика за капацитетот и видот на собраните работи од контејнер, ги забележавме само нашите констатации во деновите на реализирање на истражувањето. Сепак при посетата на живеалиштата забележавме голем број на предмети земени на овој начин.

Табела 16/4 Форми на заработувачка (економска експлоатација), возраст и пол на децата

| **Форми на заработувачка - економска експлоатација** | **Возраст и пол на децата** | | | | | | | | | | **Вкупно излезни** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 - 4 г. | | 5 - 8 г. | | 9 -11 г. | | 12 -15 г. | | 16 -18 г. | | |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | **Вкупно** |
| Брише ветробрани на возила | | | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | | 1 | | 8 |
| Мие возила на паркинг/сервис | | | | | 1 | | 1 | | | | 2 |
| Сезонска земјоделска работа | | | | | 2 | | 3 | | | | 5 |
| **Вкупно** | | | 1 | 1 | 5 | 1 | 6 | | 1 | | 15 |

Една од формите на експлоатација на трудот на децата е бришењето на ветробраните на возилата на раскрсниците, миење на возила на паркинзите и обезбедување на празен простор за возилата. Во периодот на нашето истражување затоа затекнавме мал број на деца на семафори со priborот за миење, а и тие што ги затекнавме, вешто ги избегнуваа нашите контакти. Иако оваа дејност е организирана систематски, и претежно ја вршат момчиња на возраст од 9 до 15 годишна возраст (11). Сепак во споредба со питачењето се добива впечаток дека помалку е присутна на нашите простори.

Табела 16/5 Форми на заработувачка (работа по кафеани), возраст и пол на децата

| **Форми на заработувачка - Работа по кафеани** | **Возраст и пол на децата** | | | | | | | | | | **Вкупно излезни** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 - 4 г. | | 5 - 8 г. | | 9-11 г. | | 12 - 15 г. | | 16 -18 г. | | |
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | **Вкупно** |
| Келнер/ка | | | | | | | | 6 | | 2 | 8 |
| Придружување на гости | | | | | | | | 2 | | 2 | 4 |
| Продавање на ситни артикли | | | 1 | | 1 | | 1 | 1 | | | 4 |
| Друго | | | 2 | | 2 | | 1 | 2 | 2 | | 9 |
| **Вкупно** | | | 3 | | 3 | | 2 | 11 | 2 | 4 | 25 |

На територијата на Скопје се регистрирани значителен број угостителски објекти во кои се служи храна, пијалаци и преспивање. Во оваа дејност се ангажира многуброен персонал, кои често пати за сопствениците е прескапа инвестиција. Во

настојувањето да најдат начини да обезбедат евтина трудова сила, како и можности за поголемо привлекување на консументите, подолг период илегално се вработуваат најчесто малолетни девојки.

Во нашето истражување посетивме повеќе угостителски објекти, но не бевме во состојба објективно да го согледаме овој проблем. Сепак можевме да ја забележиме дејноста на деца кои не беа вработени во угостителските објекти, но слободно влегуваат во нив, и на посетителите им продаваа ситни производи (мастики, превезоци, цвеќе и сл). Нивното слободно и често присуство во угостителските објекти, укажува на организираност, но и експлоатација на овие деца, со можност за понатамошно се поголемо инволвирање во поризични активности.

### 2.9. Вклученост во образовен процес

Образованието како општествена потреба и категорија е фактор што не треба да се занемари во проучувањето на проблемот на децата кои се работно експлоатирани и питачат. Децата на улиците се сретнуваат со секакви луѓе, од различни профили, и со повисоко културно ниво. Но сепак, нивниот живот се одвива одвоено од околинта во која секојдневно се движат, а е под силно влијание на ниското образовно ниво на родителите.

Табела 17/1. Редовност во училиште, возраст и пол на децата

| **Редовност во училиште** | **Возраст и пол на децата** | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5 - 8 г. | | 9 - 11 г. | | 12 -15 г. | | 16 - 18 г. | | Број | % |
| | Пол | | Пол | | Пол | | Пол | | | |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | | |
| Редовно | 3 | 1 | 7 | 6 | 3 | 5 | | 1 | 26 | 21.7% |
| Оди повремено | 4 | 3 | 4 | 5 | 16 | 6 | | | 38 | 31.7% |
| Воопшто не посетува настава | 3 | 6 | 11 | 10 | 15 | 8 | 3 | | 56 | 46.6% |
| **Вкупно** | 10 | 10 | 22 | 21 | 34 | 19 | 3 | 1 | 120 | 100% |

Во истражувањето, оваа хипотеза се потврди со податокот прикажан на Табела бр. 17/1, од која може да заклучиме дека поголемиот број од анкетираните деца се не редовни или пак воопшто не одат во училиште.

Голем број од децата немаат завршено ниту основно образование, а состојбата е поалармантна во однос на опфатот на овие деца во средно образование. Често пати, и парите со кои располагаат не само што не ги стимулираат да одат на училиште, туку влијаат тие да се задоволни од овие средства и да го избегнуваат училиштето.

Сепак, најголем број на деца отсуствуваат од училиште бидејќи родителите ги ангажираат за работа (52.6 %), што може да се види на Табелата бр.17/2. Од тука може да претпоставиме дека основна причина за заработување на парични средства на ваков начин, се економските проблеми и социјалната положба во семејствата на учениците.

Табела 17/2. Основни причини за непосетување на настава, возраст и пол на децата

| **Основни причини за непосетување на настава** | **Возраст и пол на децата** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5 - 8 г. | | 9 - 11г. | | 12- 15 г. | | 16-18 г. | | Вкупно | |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | Бр. | % |
| Родителите работно ги ангажираат | 6 | 5 | 17 | 11 | 12 | 11 | 1 | | 63 | 52.6% |
| Сиромаштија во семејството | 1 | | 4 | 3 | 6 | 3 | 2 | | 19 | 15.8% |
| Не е прифатен од училиштето | 1 | | 2 | 1 | 4 | 2 | | | 10 | 8,4 % |
| Не го разбира материјалот | | | 1 | | 1 | | | | 2 | 1.6 % |
| Нема услови за учење во домот | | | 4 | 6 | 3 | 4 | 1 | | 18 | 15% |
| Не гледа корист од училиште | | | 2 | 1 | 3 | 1 | 1 | | 8 | 6.6% |
| **Вкупно** | 8 | 5 | 30 | 22 | 29 | 21 | 5 | | 120 | 100% |

Тоа го поткрепува и податокот дека 15.8% од испитаниците како основна причина за непосетување на училиштето ја навеле сиромаштијата во семејството, бидејќи ни основните егзистенцијални услови не биле задоволени. Испитаниците изјавија дека немаат пари за учебници и облека потребни за посетување на наставата.

Треба да се нагласи дека одреден број од децата 6.6% не се заинтересирани за учење, бидејќи не гледаат корист од учењето или им е тешко, бидејќи тоа што го учат не го сфаќаат и не се успешни на училиште. А одреден број се неприфатени од околината и не можат да се вклопат во средината.

Тука повторно би ги потенцирале лошите услови во домот, кои кај 15% од испитаниците се јавуваат како еден од факторите за неуспех и непосетување на училиштето.

Анализирајќи ги добиените податоци од погорните табели каде што се забележува дека 46.6% од децата воопшто не посетуваат настава, а меѓу причините за непосетување со најголем процент 52.6% учествува работното ангажирање на децата од страна на нивните родители. Со ова се потврдува хипотезата дека вклученоста на децата во образовниот процес и нивната редовност влијае врз вовлекувањето на децата во трудова експлоатација.

## 2.10. Достапност на социјални сервиси за децата

Проблемот на трудова експлоатација и питачењето на децата подолг период е во фокусот на дејноста на владините институции и граѓанскиот сектор со донесување на соодветна законска регулатива за проекти и програми.

Во грижата за децата кои трудово се експлоатирани и питачат, законската регулатива е појдовна основа во процесот на надминување на овој проблем кој е присутен, но тешко се детектира, анлогно на тоа, потребно е подолго време да се превземат соодветни мерки за надминување на истото.

На децата им беше поставено прашањето за тоа кои институции постојат во близина на местото на живеење, а за кое прашање им требаше дополнително објаснување за функциите на разните институции и фактот дека тие имаат право на услуги од овие институции.

Табела 18. Расположливи сервиси, возраст и пол на децата

| **Институции во близина до 1 км од местото на живеење** | **Возраст и пол на децата** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 - 4 г. | | 5 - 8 г. | | 9 - 11г. | | 12 - 15 г. | | 16 - 18 г. | |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Дневен центар | 1 | 2 | 4 | 3 | 9 | 7 | 8 | 5 | 0 | 0 |
| Училиште | 3 | 5 | 11 | 5 | 15 | 12 | 28 | 13 | 1 | 1 |
| Амбуланта | 3 | 5 | 7 | 6 | 11 | 15 | 21 | 10 | 1 | 1 |
| Зграда на локална самоуправа | 1 | 0 | 2 | 1 | 6 | 3 | 12 | 7 | 0 | 1 |
| Здружение на граѓани | 4 | 4 | 3 | 5 | 5 | 3 | 5 | 2 | 1 | 0 |
| **Вкупно** | 12 | 16 | 27 | 20 | 46 | 40 | 64 | 39 | 3 | 3 |

Од добиените податоци може да се забележи дека постои мал број на сервиси за децата кои се трудово експлоатирани и кои питачат на улиците. Податоците добиени при разговорите исто така укажуваат дека децата немаат доволно информации за постоечките сервиси кои им се на располагање. Со ова се потврдува хипотезата дека достапноста на постоечките сервиси за децата влијае врз вовлекувањето на децата во трудова експлоатација кои би ги задоволиле потребите во однос на нивно образование, здравство, исполнување на нивното слободно време како и останати потреби.

## 2.11. Податоци добиени од интервјуа со претставници на државни иституции

Проблемот на трудова експлоатација и питачењето во рамките на ресорното Министерство за труд и социјална политика се третира низ законската регулатива со Законот за социјална заштита. Во однос на институционалната структура делуваат различни служби како што се: Заводот за унапредување на социјални дејности, Сектор за социјална заштита при Министерството за труд и социјална политика, соодветни служби во Центар за социјални работи и сл.

Министерството за труд и социјална политика во рамките на организираниот дел на активности на центрите за социјална работа отворија два дневни центри на територија на Скопје, едниот во општина Кисела Вода, а другиот во општина Гази Баба. Основна цел на Дневните центри за деца на улица е социјалната вклученост, напуштањето на улицата и вклучување во редовните текови на животот на децата на

улица, во соработка со нивните семејства. Дневните центри се за деца на улица на возраст од 6 до 15 години, со капацитет од 15 - 20 деца, со можност за дневен престој од 08 до 13, односно до 15 часот. Центарот за социјални работи врши евидентирање и упатување на деца во Дневните центри, со систематско поврзување на службите на локално ниво од областа на здравството, образованието, МВР, правосудство и сл. Секое утро регистрираните деца се превезуват од местото на живеење до Дневниот центар и назад со организиран превоз. Во овие институции децата на улица престојуваат дел од денот, каде се чувствуваат згрижени и сигурни, со добивање на соодветен пакет услуги. Тоа е пред се програма со едукативни, воспитни и психо-социјални содржини за хигиенски навики, мотивирање за учење и вклучување во образовниот систем, сексуално образование, топол оброк, програма за запознавање на градот во кој живеат и др. Исто така во дневниот центар децата можат да се избањаат, да ги исперат своите алишта и да добијат чиста облека. Забележително е дека децата кои го посетуваат редовно дневниот центар го прифаќаат и почитуваат дневниот ред, дисциплинирани се, создаваат работни навики, но за жал по враќањето во нивите домови овие деца во најчест случај се враќаат на улица. Исто така, на децата им е овозможен систематски преглед во поликлиниката Јане Сандански. Родителите на децата се вклучени во програмата со тоа што се поттикнувани за активно учество во соодветни програми. Социјален работник секојдневно ги посетува семејствата на децата кои доаѓаат во Дневниот центар, и им нуди услуги за вклучување во разни курсеви, вадење на потребна документација (најчесто децата не се пријавени во матична книга на родени) итн.

Секојдневни проблеми со кои се соочуваат вработените од Дневните центри се несоодветен просторен капацитет (бројот на згрижените деца би бил поголем), недостаток на едукативен материјал, несоодветен број вработени, недостаток на финансиски средства, недостиг на хигиенски материјал, тешката соработка со родителите и сл.

Дневните центри се наоѓаат во населби кои се значајно оддалечени од местото на живеење и местото на питачење и работно ангажирање. Состојбите би биле значајно подобрени ако ваквите институции се подостапни до местото на живеење, питачење и работно ангажирање.

Кога станува збор за образованието, стручниот кадар во училиштата се соочува со големи потешкотии при работата со овие деца. Оние што се вклучени во

училиштето најчесто се нередовни во наставата што повлекува и нередовност во учењето и следење на натавниот материјал. И кога го посетуваат училиштето овие деца немаат никаква мотивација за активно вклучување во наставата, учество во училишни проекти и актвности. Ова се случува поради долгото изостанување и неможност да се совлада училишниот материјал. Сепак одреден број на деца покажуваат голем интерес за наставната содржина, но за жал се спречени од нивните родители редовно да го посетуваат училиштето. Родителите на децата кои се работно експлоатирани и кои питачат, најчесто се лица со кои тешко се соработува, пред се во однос на нивните обврски кон децата.

Центрите за социјална работа имаат за цел да ги реализираат следниве активности: овозможување услови за задоволување на основните детски потреби, намалување на несаканите последици настанати од ризичниот начин на живот, мотивираност за побрзо вклучување во образовниот процес, вклученост во надминување на негативни асоцијални однесувања (зависници, жртви на трговија со луѓе и сл.) што се јавуваат како последица на искористувањето на децата како работно така и со питачење.

На почетокот на разговорот со професионалците, како заедничка констатација наведоа дека тешко може да се постави остра граница меѓу категориите на активности на децата на улица, бидејќи тие најчесто се вклучени во повеќе категории на експлоатација. Вклученоста зависи од нивната проценка како можат да дојдат до средства и од условите кои им овозможуваат да дојдат до средстава (климатски, социјални, економски, традиционални итн.). Најчести поведенија кај децата на улица во Р. Македонија се од просоцијален и пермисивен карактер (собирање предмети, вршење работни активности и др.), но понекогаш се присутни и асоцијални и непермисивни поведенија (питачење, безделничење, талкање и др.), па и антисоцијални поведенија како: вршење на кражби, проституција итн.

Исто така се потвди фактот дека децата кои се работно експлоатирани и просат се најсиромашните од сиромашното население. Најголем дел од нивните семејства се корисници на социјална парична помош, но се поддржани и со еднократна парична помош. Многу од нив немаат соодветна документација да го остварат правото на социјална парична помош. Износите на овие средства се крајно минимални, недоволни ни за минимална реална егзистенција.

Можностите за дополнително вработување на родителите се минимални (освен вклученост во сезонски работи со многу ниски надници). Во извршувањето на сезонските работи многу често се вклучени и нивните деца.

За многу од нив улицата е единственото можно реално решение или начин на стекнување на пари за задоволување на основните егзистенционални потреби. Се случува дневно добиените пари да бидат во повисок износ од вообичаено (кај повеќдетните семејства) и родителите им ги одземаат добиените пари, кои несоодветно и непланско ги трошат.

Исто така, професионалците изјавија дека оваа категорија на деца во најголем процент, се присилени најчесто од страна на нивните родители, да излегуваат на улица да вршат одредени работи, како причина што дом во кој живеат не е соодветен како по градба, со мал број на простории, немање основни хигиенски и комунални услови. Често родителите се незаинтересирани за уредување на просторот на живеење, што најчесто е условена од нивната ментална структура, крајна необразованост и непросветеност, како и зависност од алкохол, дрога или потешки заболувања и инвалидност. Многу полесен начин за добивање на пари е излегувањето на улица, присилувајќи ги децата да работаат секаков вид на работа, а тие се јавуваат само кога треба да се земеат собраните пари.

Ромските семејства, од кои потекнуваат најголемиот број деца кои се работно искористувани и просат, иако имаат можности да добијат подобри станбени услови, тешко се адаптираат, и се враќаат во импровизориумите во населбата од која потекнуваат.

Од разговорите со професионалците во Центрите за социјална работа и здруженијата на граѓани, се добива впечаток дека работно експлоатираните деца и децата кои просат, како појава се доволно истражуван и проблем на кој многу се работи последниве години, но сепак тие прераснуваат во посебен слој на загрозена популација со свои белези и карактеристики.

Во оваа насока, исто така значајно е да се нагласи и потребата од поголемо вклучување и на родителите, односно постои недостаток на програми за работа со родители од социјално-загрозени средини, а во тој контекст и со родителите чии деца се на улица.

## 2.12. Податоци добиени од интервјуа со здруженија на граѓани

Во трудот е вклучена анализата на податоците добиени од интервјуа со професионалците кои се карактеризираат со подолга професионална работа за децата на улица, односно децата работно експлоатирани и вклучени во питачење.

Повеќе здруженија на граѓани обезбедуваат програми насочени се кон подобрување на квалитетот на образованието и организирањето на слободното време. Во мноштвото здруженија на граѓани чија дејност се однесува на заштита на децата се реализираат програми и проекти меѓу другото (и за третманот на оваа категорија на деца). Затоа ќе дадеме краток преглед на активностите на здруженијата на граѓани кои се насочени кон спречување на експлоатација на детскиот труд. Во процесот на собирање податоци за актуелните трендови за експлоатацијата на детскиот труд и питачењето ги посетивме и интрвјуиравме следните здруженија: Здружение на граѓани "Сумнал", Здружение на граѓани "Есма", Каритас Есен - Центар Надеж, Едукативен забавен детски центар - Здружение за заштита на правата на детето и здружение на граѓани ХЕРА.

Здруженијата на граѓани имаат амбиции и ентузијазам за непосредна програмска работа со сиромашните слоеви пред се, со децата. Карактеристично за оваа форма е што граѓанскиот сектор најчесто работи на програми за непосредна работа однапред предложени од финансиерите. Иако немаат посебни програми за деца кои се трудово експлоатирани и питачат, сепак ги прифаќаат во центрите за деца и млади, сиромашните деца, пред се со вклучување во програми за поддршка и помош во учењето, организирани активности во слободното време, културен забавен живот. Здруженијата на граѓани имаат амбиции и ентузијазам за непосредна програмска работа со сиромашните слоеви пред се, со децата но често пати наидуваат на потешкотии со реализација на својата програма поради неможност да обезбедат средства за понатамошна работа. Многу често овие организации немаат свои простории, привремено користат некој изнајмен простор, со лош квалитет.

Исто така функционира и Дневен едукативен центар за деца и млади кој делува на територија на општина Шуто Оризари, во кој што вработените со целосна посветеност кон децата имаат изградено специфичен модел во грижата за децата на улица. Основни потешкотии во работата на здружение е немање соодветен простор за опфат на целата популација деца која има потреба, финансискиот опстанок кој се

реализира од проект до проект, што најчесто влијае да не може однапред да се планира и да се прават соодветни програми за работа. Исто така и овој дневен центар ги опфаќа децата од оваа категорија, им овозможува основни хигиенски услови (бањи, чиста облека), често пати мајките на децата се вклучени во одржување на хигиената на детето (ги бањаат, ги перат алиштата). Во оваа насока значајно е да се нагласи и потребата од поголема вклученост и на родителите од социо - загрозените средини односно родителите чии деца се работно експлоатирани и питачат.

Сите интервуирани здруженија на граѓани при нивната работа со децата имаат дојдено до слични констатации по однос на нивната целна група. Трудовата експлоатација на деца и питачењето ги опфаќа децата кои се претставници на најсиромашните слоеви, тие живеат од денес за утре, се задоволуваат со износ на пари доволен за задоволување на основните потреби. Улицата најчесто им е дом, можност за минување на слободното време. Најчесто постои хиерархија на односите меѓу децата, при што помалите се почесто зависни и искористувани од постарите деца. Оваа категорија на деца најчесто се на предучилишна и основно училишна возраст, просат најчесто со родителите, најчесто под принуда и контрола на родителите, вклучително и злоставување од страна на родителите, оставајќи ги сами да седат со часови по улиците, на картони, на кои дури и спијат. Исто така тие се најчесто слабо облечени, за да изгледаат сиромашно, немиени и нечешлани. По се изгледа овој начин на живеење им го одбрал родителот. Формите на експлаоатација за постарите деца (на возраст од 8 до 18 години) се слични како и предходно објаснетите. Оваа група на деца вршат услуги со миење на шофершајбни на автомобилите кои чекаат на семафор, а за таа услуга бараат пари, или на паркиралиштата ги мијат паркираните возила. Овие деца најчесто се присилени да ја работаат оваа работа во наголем број случаи од своите родители или од други возрасни лица, кои два пати во текот на денот ги посетуваат и им ги земаат добиените пари. Исто така здруженијата на граѓани имаат сознанија дека дел од децата мијат излози на продавниците или помагаат на газдите за утовар или растовар, им помагаат на возилата на паркинг да се паркираат, или ги мијат гробовите на гробишта. Овие деца најчесто не одат во училиште и не располагаат со добиените пари. За оваа категорија на деца потребно е вклучување во вечерни училишта и усмерување кон работни ангажмани, кои во иднина би можеле да бидат нивни професии. Многу од овие деца се искористуваат од криминални структури за вршење

на криминални дејства, бидејќи децата на оваа возраст се кривично неодговорни со казна затвор, туку со воспитни мерки.

# ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И КОНСТАТАЦИИ

Во овој дел ги прзентираме сумарно основните сознанија и констатации кои произлегоа при истражувањето на проблемот за ризик факторите во семејство и трудова експлоатација на децата. Анализата на добиените податоци од теренското истражување, беше раководена од целите за реализацијата на овој труд, а во функција на тестирање на поставените хипотези.

Имено, основна цел на истражувањето беше да се испита влијанието на социо-економските фактори во семејството врз појавата на трудова експлоатација на децата. Првенствено беше утврдена структурата на децата според личните белези, како што се возраст, пол и национална припадност. Па така се утврди дека најголем број од децата на улица се машки и тоа 56.7%, најголем дел од децата се на возраст од 12-15 години со процент од 42.3% и децата од Ромската националност учествуваат во најголем дел и тоа 73%.

Понатаму беа истражувани материјалните услови на семејствата на децата кои се трудово експлоатирани. Материјалните услови во семејството се важен и неопходен услов за успешен и правилен развој на децата. Соодветните материјални услови овозможуваат детето правилно да се развива и да ги има задоволено основните потреби. Во текот на истражувањето беше утврдено дека семејствата на децата кои се трудово експлоатирани живеат и функционираат со многу ограничени приходи. Имено, како извор на приходи во семејството дури 66% од испитаниците навеле дека е социјалната парична помош. Додека во однос на висината на месечен приход 21 семејство од испитаниците живеат со приходи од 2000 до 5000 денари. Неможе да се занемари и фактот дека 15 семејства од испитаниците живеат со месечни приходи до 2000 денари.

Овие податоци ни покажуваат дека се потврди хипотезата дека материјалните услови во семејството имаат значајно влијание врз вовлекувањето на децата во трудова експлоатација.

Стамбените услови на децата кои се трудово експлоатирани беа истражувани од аспект на квалитетот на живеалишта и тоа: импровизориум, трошна градба и тврда градба. Резултатите покажаа дека најголем процент од децата 46% всушнот живеат во имровизориум како најлоши станбени услови, што претставува алармантен показател на загрозеноста на целната група, а пред се на децата кои питачат. Со добивање на овие

резултати во текот на истражувањето се потврди хипотезата дека стамбените услови на семејствата влијаат врз вовлекување на децата во трудовата експлоатација.

Семејната структура како фактор за вовлекување на децата во трудова експлоатација беше разгледувана во повеќе сегменти. Беа обработени податоци за децата по однос на семејна состојба на родители и број на членови во семејство. Се утврди дека најголем дел од децата на улица имаат двајца родители 72%, а додека по однос на број на членови во семејството најголем процент од нив 41% живеат во семејства кои бројат од 7 до 9 членови.

Од добиените податоци од теренското истражување не се потврди хипотезата дека семејната структура влијае врз вовлекувањето на децата во трудовата експлоатација. Хипотезата беше поставена со идеја дека всушност најголем број на децата од семејства со самохрани родители се повеќе подложни на трудова експлоатација и питачење. Напротив податоците покажаа дека најголем број на децата потекнуваат од потполни семејства.

Здравствената состојба на родителите беше разгледувана од аспект на постоење на здравствени проблеми и тоа конкретно акутни и хронични болести. Имено, најголем дел од родителите 60% изјавија дека имаат акутни здравствени проблеми, додека 25% се лица со хронични болести. Од тука можеме да заклучиме дека се потврди хипотезата дека здравствената состојба на родителите влијае врз вовлекувањето на децата во трудова експлоатација.

Патолошките појави во семејството во голема мера влијаат на иднината на децата, односно на создавање на нивните ставови, вредности начини на функционирање. За таа цел беше испитана присутноста на патолошки појави во семејствата на децата кои се трудово експлоатирани. Беа детерминирани повеќе видови патолошки појави, од каде што питачењето во најголема мерка 66% е присутно во семејствата. Интересно е што се утврди и значителен процент на останатите патолошки појави во овие семејства што всушност ја потврдува хипотезата дека присутноста на патолошките појави во семејството влијае врз вовлекување на децата во трудова експлоатација и питачење.

Образованието на родителите ја дава основата за стекнување на економска независност и во најмала рака пристоен живот кој им е неопходен на децата за нормален раст и развој. Истражувањето покажа многу ниско ниво на образование кај родителите на децата кои се трудово екплоатирани. Најголем дел од нив се без никакво

образование 35%, додека пак 22.5% од родителите имаат завршено до второ одделение. Овие податоци по однос на ниското образовно ниво ја потврдуваат хипотезата дека образованието на родителите влијае врз вовлекувањето на децата во трудовата експлоатација.

Како што е важно образованието за родителите, така и децата мораат да имаат образование кое всушност ќе им обезбеди понатамошен личен развој, стекнување на егзистенција и дополнително ќе им обезбеди пристап до нивните права. Анализирајќи ги добиените податоци од истражувањето се забележува дека 46.6% од децата воопшто не посетуваат настава, а меѓу причините за непосетување со најголем процент 5.6% учествува работното ангажирање на децата од страна на нивните родители. Со ова се потврдува хипотезата дека вклученоста на децата во образовниот процес и нивната редовност влијае врз вовлекувањето на децата во трудова експлоатација.

Според добиените податоци во текот на ова истражување и обсервациите кои се спроведоа, можат да се донесат поголем број на генерални заклучни согледувања во однос на децата кои се жртви на трудова експлоатација, и тоа:

- Овие деца се крајно дезинтегрирани од пошироката социјална средина и тоа токму на планот на виталните човечки потреби;

- Живеат во апсолутна сиромаштија која, како главен фактор на ризик, продуцира низа други социјални ризици;

- Минимално се застапени во образовниот систем и покрај соодватната возраст не посетуваат дури ни основно училиште, а тоа се разбира е основно мерило за степенот на нивната социјална интеграција. Децата од училишна возраст не одат на училиште или нередовно го посетуваат, но не постигнуваат успех во учењето. Присутни се повремено во училиште, само кога треба да се добие потврда за редовност во училиште за потребна за обнова на документацијата за социјална парична помош;

- Процесот на нивната социјализација почнува и завршува во семејствата кои за жал се изолирани и затворени за пристап на надворешните влијанија односно за нормите и вредностите на пошироката социјална средина. Прифаќајќи го семејниот модел на однесување (модел на преживување) децата само ги продлабочуваат, продолжуваат и умножуваат модалитетите на "случајното живеење"

Важна улога во намалување на проблемот на трудово експлоатирање на децата имаат постоечките сервиси кои треба да им бидат лесно достапни на располагање на овие деца. Резултатите покажаа дека постои ограничен број на сервиси кои им се

достапни на децата и се потврдува хипотезата дека достапноста на постоечките сервиси за децата влијае врз вовлекувањето на децата во трудова експлоатација кои би ги задоволиле потребите во однос на нивно образование, здравство, исполнување на нивното слободно време како и останати потреби.

Преку анализа на одговорите на поставените прашања ние ги потврдивме поставените хипотези, а на овој начин всушност ја потврдивме и главната хипотеза дека лошата социо-економска положба на семејствата влијае врз зголемувањето на појавата на трудова експлоатација на децата, што беше цел на ова истражување.

Генерално следејќи ги поставените хипотези може да се согледаат и дополнителни констатации во однос на децата кои се трудово експлоатирани, и тоа дека:

- Трудово експлоатираните деца се надвор од системот на здравствената заштита. Најголем број не се здравствено осигурани, не посетуваат лекар редовно, не се редовно вакцинирани. Со тоа им е одземено едно од основните човекови права - правото на бесплатна и редовна здравствена заштита;

- Разновидните форми на непосредната детска заштита се исто така недостапни за трудово експлоатираните децата. Ниту едно не посетува детска градинка, не знае за зимување или летување, не одат на екскурзии, ниту едно не посетувало настава во природа;

- Во решавање на елементарните животни потреби семејствата на испитаните деца се потпираат само на Центарот за социјална работа и здруженијата на граѓани. Поддршката т.е. интервеницијата од пошироката општествена заедница преку институциите во социјалната заштита, здравството, образованието и стамбено комуналните дејности очигледно изостанала;

- Малите затворени заедници во кои постои нагласена роднинска поврзаност и емоционална блискост помеѓу родителите и децата е причина поради која нема расположение да се прифатат можностите што ги даваат постојните установи во сферата на социјалната заштита, а се наменети за воспитно образовните и социјално запуштени деца.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОНАТАМОШНО СПРАВУВАЊЕ СО ФЕНОМЕНОТ НА ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦАТА

Од изнесените резултати како и од заклучните согледувања во овој труд во однос на децата кои се трудово експлоатирани, вклучувајќи го и питачењето, се фомулирани и препораки за совладување на проблемот на повеќе нивоа.

*На ниво на национални политики препораките вклучуваат:*

- Да се преземат понатамошни мерки за подобрување на заштитата на децата во однос на измени и дополнувања на законската регулатива, но и нивна практична имплементација.
- Да се предвиди редовно обновување и ревидирање на постоечките Акциски планови за заштита на децата за да може ефикасно да се одговори на актуелните трендови.
- Подобрување на координацијата и соработката помеѓу државните институции и здруженијата на граѓани со цел обезбедување на сервиси кои ќе бидат достапни за да ги задоволат различните потреби на овие деца. Оваа соработка треба да се обезбеди преку мултидисциплинарен пристап од страна на професионалците за да обезбеди ефикасен одговор на проблемот.
- Редовно да се собираат и обновуваат информациите за кои се трудово експлоатирани и нивните семејства.
- Да се применат активни политики за вработување на возрасните членови на овие семејства. Имајќи го во предвид фактот дека овие семејства се многу сиромашни, дискриминирани и невработени, државата треба да најде соодветен начин за вработување на оваа категорија на лица.
- Министерството за труд и социјална политика, односно Центарот за социјални работи како најодговорни за заштитата на децата треба да работат на создавање на соодветни, проактивни шеми за социјална асистенција и обезбедување на социјални сервиси.
- Да се преземат мерки за намалување на сиромаштијата генерално и државата да предвиди специфично обврска за обезебедување на барем минимум средства за егзистенција за семејството на секое дете кое е трудово експлоатирано.

- o Надлежните социјални работници да преземат превентивни мерки за да се спречи деца од ризични семејства да станат жртви на трудова експлоатација и да се изнајде начин да се опфатат сите деца што се на улица и питачат, преку редовно вршење на надзор над родителското право во сите семејства каде што има индиции дека на децата не им се обезбедува соодветна грижа и соодветно и правилно воспитување.

*На локално ниво препораките вклучуваат:*

Предвидените мерки на локално ниво треба да се спроведад во тесна координација и соработка со останатите државни институции и здруженија на граѓани во следната насока:

- o Единиците на локална самоуправа да водат грижа за социјалните проблеми на нивните жители, а особено за заштита на социјалните права на децата на улица, што е впрочем законска обврска во согласност со "Законот за локалана самоуправа",(Службен весник на РМ бр. 05/02, Член 22).
- o Да се унапреди најзагозената животната средина и домувањето во рамките на должностите и активностите на локалната заедница.
- o Да се отворат училишта кои располагаат со соодветни капацитети и услови за успешна реализација на воспитно образовната работа со оваа категорија на деца
- o Да се подготват соодветни програми кои ќе овозможат надминување на проблемите на децата како што се недостаток на мотивација за образование, стигматизација од околината, полесно вклопување во средината итн.
- o Вклучување на различни образовни можности во политиките и програмите, како што се: формално образование за помладите групи, стручна обука врз основа на модуларна програма за постарите групи како и развивање, регулирање и сертификација на флексибилни шеми за образование.
- o Да се овозможи финансиска и материјална поддршка на родителите за едукација на децата, со што ќе се поттикне редовност и успех во образовниот процес.
- o Олеснување на пристапот до сервисите како и зголемување на бројот на сервиси за оваа категорија на деца на локално ниво.
- o Формирање и функционирање на мобилни тимови што ќе работат на терен со децата на улица и ќе обезбедат нивно интегрирање во општествената заедница;

- Подршка на програмите во постоечките дневни центри за децата на улица раководени од здруженијата на граѓани преку нивно финансирање.
- Отварање на повеќе Дневни центри водејќи сметка за големината, местоположбата и функцијата. Дневните центри да функционираат 24 часа заради евентуална потреба од згрижување деца кои ќе бидат затекнати на улица во ноќните часови.
- Неевидентираните деца да се пријават во матичната книга на родените;

**Користена литература**


1. Adams, G. R., Gullotta, T., & Clancy, M. A. (1985). Homeless adolescents: A descriptive study of similarities and differences between runaways and throwaways. Adolescence, 20 (79), 715-723.
2. Alexander Dressler; Dr. Sarah Thomas De Benitez (2012). "State of the World's Street Children: Violence Report". SlideShare Inc.
3. Арнаудовски, Чонева, Анѓелески, (1996г) Проституцијата во Македонија.
4. Barrett D. (1995) "Social Work of The Street: Responding to juvenile Prostitution in Amsterdam, London and Paris, Social Work in Europe, Russell House, London, vol 1, 1/1995
5. Baizerman, M. (1990). If "out of sight, out of mind," then "in sight and in mind?" The Child Care Worker, 8, 4-5.
6. Bernstein, A., & Gray, M. (1991). Khaya lethu: An arbortive attempt at dealing with street children. Social Work, 27(1), 50-58.
7. CCIPS/ICWF-Childhope. (1992). Children on Jakarta's streets. Study report on street children in Senen Area, Central Jakarta.
8. Cemane, K. B. (1990). The street child phenomenon. Social Work Practice, 90(1),2-5.
9. Childhope. (1993). The street children of Asia. A publication made possible by a grant of UNICEF East Asia and Pacific Regional Office.
10. Child Rights Information Network (2011). Former Yugoslav Republic of Macedonia mid-term report on Rights of the Child; http://www.crin.org/resources /infodetail.asp?id=28863.
11. CIA. The World Factbook: Macedonia, [online] April 11, 2012 [cited April 19,2012]; https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/mk.html
12. Cruz, V. P. (1992). Field visit to Cambodia June 7-13, 1992. Unpublished report.
13. Drake, E.(1989). Street children in other countries. The Child Care Worker, 7(7),14-15
14. Димитријоска, С. (2012) Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, Скопје: УНИЦЕФ
15. Erhan Őzdemir, Terry Ward "Истражувачка забелешка бр. 1 за домување и социјална инклузија" (2009), спроведена за Европската комисија од страна на Мрежата за распределба на приходи и животни услови на европската опсерваторија на социјалната состојба и демографија,

16. Forrest, B., Tyler, S. L., Tyler, J. J., & Echeverry, M. C. Z. (1986). A preventative psychosocial approach for working with street children. Paper presented at the Annual Convention of the American Psychological Association.
17. Garmezy, N (1981). Children under stress. Perspectives on antecedents and correlates of vulnerability and resistance to psychopatology.
18. Gebers, P. E. (1990). Health of street children in Cape Town. The Child Care Worker, 8(9), 11-14.
19. Government of Macedonia. Labor Relations Act, enacted December 27, 1993. http://www.ilo.org/dyn/natlex/docs/WEBTEXT/47727/65084/E93MKD 02.htm.
20. Закон за заштита на децата (Службен Весник на РМ бр.170/10)
21. Закон за социјална заштита (Службен весник на РМ бр.79/09)
22. Закон за семејството (Службен весник на РМ бр.80/92; 38/14; 115/14)
23. Закон за основно образование (Службен весник на РМ бр.103/08)
24. Закон за средно образование (Службен весник на РМ бр.44/95)
25. Закон за правда за децата (Службен весник на РМ бр.99/13)
26. Закон за работните односи (Службен весник на РМ бр. 34/14)
27. Закон за прекршоците против јавниот ред и мир (Службен весник на РМ бр.66/07)
28. Закон за матична евиденција (Службен весник на РМ бр.98/08)
29. Завод за социјални дејности - деца на улица http://zsd.gov.mk /index.php?option=com_ content&view=article&id=85&Itemid=139
30. Извештај за детската сиромаштија (2012), објавен од Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје;
31. Интернационален Центар за Развој на Миграциски Политики (ИЦМПД) 2012, Извештај за проучување на видовите и политиките на одговор кон питачењето во земјите на ЕУ http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/e-library/documents /policies/organized-crime-and-human-trafficking/cybercrime/docs/child_begging_ final_11jan2013_en.pdf
32. ILO Committee of Experts. Individual Direct Request concerning Worst Forms of Child Labour Convention, 1999 (No. 182) The Former Yugoslav Republic of Macedonia (ratification: 2002) 2012; http://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=1000 :20010:0::NO:20010

33. ILO Committee of Experts; Individual Direct Request concerning Minimum Age Convention, 1973 (No.138), The Former Yugoslav Republic of Macedonia (ratification: 1001) Published: 2012, http://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=1000:13100:0::NO:13100:P13100COMMENTID,P11110_COUNTRY_ID,P11110_COUNTRY_NAME,P11110_COMMENT_YEAR:2700021,103555
34. ILO Labor Administration and Inspection Program. Information Resources: Macedonia. (2009). http://www.ilo.org/labadmin/info/lang--en/WCMS114938/index.htm
35. International Labour Office; Marking progress against child labour (2013) http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_norm/---ipec/documents/publication/wcms_221513.pdf
36. ЈУ Завод за социјални дејности (2007) Истражувања и анализи, Документи, Книга 2
37. James-Wilson D. (2007); USAID Building Bridges to Mainstream Opportunities; Displaced Children & Orphans Fund Guidance on Funding Priorities and Parameters. for Street Children Programming;
38. Keen, C. P. (1992). Street girls - A Malaysian perspective. Proceedings of Regional Workshop on Intervention Programs for Street Girls, including Victims of Sexual Exploitation. Manila: Childhope.
39. Кривичен законик (Службен весник на РМ бр. 37/96; 74/14)
40. Мултидисциплинарен протокол за постапување (идентификување и упатување) со деца на улица/улични деца во Република Македонија; Министерство за труд и социјална политика http://www.mtsp.gov.mk/?ItemID=BD66FCC3A7FBCB47AB9150CBFECD2C96
41. Masten A, Coatsworth J. Dauglas (1998): The development of Competece in Favorable and Unfavorable Environments, Amesrican Psychologist,
42. Macedonia Embassy - Washington DC. "Information on child labor abuse in the Republic of Macedonia (2012) " (2013);
43. Милосавлјевиќ Б. (1986) Социјална Патологија, "Свијетлост" Сарајево,
44. Митровиќ А. (2000) "Феноменот на сиромаштијата во социолошките теории", Социјална политика во периодот на транзиција - Зборник на трудови
45. Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција; годишен извештај 2012; www.nacionalnakomisija.gov.mk

46. Национални стратегии и акциони планови, како и други документации од областа на трудот и социјалата, достапни на www.mtsp.gov.mk
47. НВО Надеж за децата - http://www.hope-for-children.org/?gclid=CjvjmKnDqLoCFU2R3godslIAkg
48. Nye, I., & Edelbrock, C. (1980). Introduction: Some social characteristics of runaways. Journal of Family Issues, 1, 147-150.
49. Pines, N. J. (1986). Street children - Four perspectives. Institute for the Study of Man in Africa, 40, 1.
50. Политичко акциона и правна рамка за човекови права со фокус на социјалната инклузија и намалувањето на сиромаштијата, (2011); "Лудвиг Болцман" - БИМ-ФВ,
51. Richter, L. M. (1988). Street children: The nature and scope of the problem in Southern Africa. The Child Care Worker, 6(7), 11-14.
52. Richter, L. M. (1989). Descriptions of self, family and society given by street children in Johannesburg. Paper presented at the 7th National Congress of the South African Association for Child and Adolescent Psychiatry and Allied Disciplines March 29-31, 1989. Cape Town.
53. Richters, J & Weintraoub, S (1992). Beyond diathesis: toward an understanding of high-risk environment.
54. Социјална инклузија на деца и млади,2005; Зборник на трудови;
55. Silva L.T: Nurturing resiliency among street children, Regional represenatative CHILDHOPE ASIA, Philippines
56. Santaputra, S., Wathanavongs, A., & Thaiarry, S. (1990). Street children in Thailand. Unpublished research report. Thailand: Bangkok.
57. Swart, J. M. (1988). An anthropological study of street children in Hillbrow, Johannesburg, with special reference to their moral values. Unpublished M. A. dissertation. Pretoria: University of South Africa.
58. Светска банка 2007, Процена на сиромаштијата во Република Македонија;
59. Состојбата на децата на светот 2005, "Детство под закана" (УНИЦЕФ 2005)
60. Сиромаштијата и децата: Перспектива, Гаспар Фајт и Катерине Холанд, 2007
61. Child Welfare Services, Policies and Practice – Me Graw Hill Comp, New York, 1972, No.265

62. Terre des Hommes (2010).Report on the Implementation of UNICEF Guidelines for the Protection of the Rights of Child Victims of Trafficking in South Eastern Europe; http://crin.org/docs/tdh_south_eastern europe.pdf.
63. UNESCO Institute for Statistics (2013). Gross intake ratio to the last grade of primary; http://www.uis.unesco. org/Pages/default.aspx? SPSLanguage=EN.
64. UCW. Analysis of Child Economic Activity and School Attendance Statistics from National Household or Child Labor Surveys. February 5, 2013.
65. U.S. Department of State. "Macedonia," Trafficking in Persons Report-2012. Washington, D.C. 2012; http://www.state.gov/ documents/organization/192596.pdf.
66. U.S. Department of State. "Macedonia," in Trafficking in Persons Report- 2013. Washington, DC; 2013; http://www.state.gov/j/tip/rls/tiprpt/2013/.
67. U.S. Department of State. "Macedonia"Trafficking in Persons Report- 2011. Washington, DC; 2011; http://www.state.gov/j/tip/rls/tiprpt/2011/index. htm.
68. United Nations Convention on the Rights of the Child. Committee on the Rightsof the Child: Concluding Observations: The Former Yugoslav Republic of Macedonia; 2010. http://www.crin.org/resources/infodetail .asp?id=22724.
69. U.S. Department of State. "Macedonia," in *Country Reports on Human Rights Practices- 2012* Washington, DC; April 19, 2013; http://www.state.gov/ j/drl/rls/hrrpt/humanrightsreport/index.htm#wrapper.
70. UNESCO. *Education for All Global Monitoring Report*; 2010. http://www. unesco.org/fileadmin/MULTIMEDIA/HQ/ED/GMR/pdf/gmr2010/gmr2010-annex-04-stat-tables.pdf.
71. Улични деца, деца на улица 2000; Зборник на трудови од научен собир, издавач: Филозофски факултет - Скопје
72. УНИЦЕФ (2005), Децата кои живеат во сиромаштија: Преглед на дефиниции, мерки и политики за детската сиромшатија
73. УНИЦЕФ (2012), - Мониторирање на правата на децата и социјална политика; http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/15964.html
74. Walsh, F (1998): Strengthening Family Resilience, The Guilford Press, New York, London,

**ПРИЛОГ 1**

## АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

Почитувани родители/старатели

Со овој анкетен прашалник би сакала да испитам влијанието на социо-економскиот статус над можноста детето да престојува и работи на улица. Анкетниот лист е анонимен и истиот ќе биде искористен за потребите на истражувачкиот дел од мојот магистерски труд.

Ве молам при одговарањето на анкетните прашања да ја земете предвид потребата од вашата искреност со која ќе ми овозможите веродостојно истражување.

Благодарам за Вашата ангажираност и соработка.

Внимателно прочитајте ги прашањата и заокружете го само бројот пред понудените одговори.

А. ПОДАТОЦИ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ ВО СЕМЕЈСТВО

1. Пол на испитаникот

   ___________ машки

   ___________ женски

2. Возраста на родителот

   Мајка____________

   Татко____________

3. Национална припадност

   _____________Македонци

   _____________Албанци

   _____________Роми

   _____________Турци

   _____________ Друга

4. Дали сте вработени

Мајка Татко

_____________ да _____________ да

_____________ не _____________ не

5. Извори на приходи во семејството

_____________ личен доход на таткото

_____________ личен доход на мајката

_____________ личен доход на двајцата

_____________ социјална парична помош

_____________ друго

6. Ве молам наведете го просечниот месечен износ на приходи на вашето домаќинство?

____________ до 2.000 денари

____________ од 2.000 до 5.000. ден

____________ од 5.001. до 10.000. ден .

____________ од 10.00 до 15.000 ден.

____________ над 15.000

7. Место на живеење

_____________ Град

_____________ Село

8. Станбена состојба на семејството

_______________ стан

_______________ куќа

9. Станарски статус на семејството?

_____________ споствен стан

_____________ станарско право

_____________ подстанарски односи

_____________ друго

10. Квалитет на градба?

____________Импровизирум

____________Трошна и монтажна градба.

____________Тврда градба

11. Детето живее со :

______________ двата родитела

______________ со еден родител

______________ со старател

12. Брачна состојба:

______________ женет- мажена

______________ неженет- немажена

______________ вдовец -вдовица

______________ разведен-разведена

13. Ве молам наведете го бројот на сите лица со кои живеете во исто домаќинство?

________________________________________________

14. Здраствено осигурување

____________да

____________не

15. Здраствена состојба на родителите:

Хронични заболувања__________

Акутни заболувања_____________

Попреченост:

Физичка____________

Ментална___________

16. Степен на образование

| Мајка | Вид на образование | Татко |
|---|---|---|
| | Основно образование | |
| | Училиште за занимање | |
| | Средно образование | |

| | | |
|---|---|---|
| | Вишо образование | |
| | Високо образование | |
| | Друго | |

17. Поддршка од семејството

    Да _____________

    Не_____________

18. Поддршка од :

- Соседи да ________ не_______
- Роднини да________ не_______
- Пријатели да________ не_______

Б. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕТЕТО

_______________ Детето живее надвор од семејството

_______________ Детето е згрижено во семејството

_______________ Детето живее во установа

_______________ Детето живее со старател

_______________ Детето живее на улица

- ПОЛ

________________ Машки ________________Женски

- Возраст _______________
- Вклученост во образовен процес

  да_____ не____

  ако ДА кое одделение

  _________________ до второ

  _________________ до 4то

  _________________ до 9то

  _________________ средно училиште до 2 ра година

  _________________ средно училиште до 4 та година

- Поведение

_______________ Примерно

_______________ Добро

_______________ Незадоволително

## ПРИЛОГ 2

## АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦАТА НА УЛИЦА

1. Име презиме (прекар) ---------------------------------

2. Место на раѓање--------------------------------------

3. Возраст-------------------------------------------------

4. Пол------------------------------------------------------

5. Етничка припадност:

   Ром

   Албанец

   Македонец

   Србин

   Влав

   Турчин

   Друго ______

6. Место на живеење ___________________________

7. Стамбени услови

   импровизориум

   трошна градба

   тврда градба

8. Семејна структура (со кого живее?):

   Двајца родители

   Самохран родител

   Друго _______________

9. Број на членови на семејството ______

10. Возраст на:

   мајка_____ татко______

   браќа_____ сестри_____

баба_____ дедо______

11. Здравствена состојба на детето

Хронични заболувања_________

Акутни заболувања___________

Попреченост на детето:

Физичка___________

Ментална__________

12. Место/локација каде најчесто се движи детето (заработува):

Раскрсница
Пазар
Чаршија
Автобуска станица
Железничка станица
Кафе-бар, ресторан
Плоштад
Трговски центар
Црква
Џамија
На гробишта
По куќи, станови
Друго место __________

13. Колку пати детето престојува на таа локација (денови во неделата):_____

14. Просечна должина на престој на улица во текот на денот (во часови):_____

15. Колку долго работи/питачи на улица?

1 - 6 месеци

до 1 година

над 1 година

16. Во кој дел од годината детето е присутно на улица:

- зиме
- лето
- цела година

17. Колку често преспива на улица или во близина?

често

ретко

никогаш

18. Каде обично преспива кога е на улица? ______________________

19. Дали ја менува локацијата:

иста локација________

ја менува локацијата во ист град_______

менува градови________

20. Дали детето е присилено да работи на улица?

Да___

Не___

Ако ДА, кој го присилува?

Родителите___

Постари браќа, сестри___

Локална банда____

Други_____

21. Дали некој го контролира детето што прави на улица?

да____

не____

Ако да, кој го контролира?

родител

постаро дете

водачот на групата

врбувачот

друг

22. Зашто овие лица доаѓаат да те контролираат редовно?

да ги земат собраните пари

да не прашаат што правиме и како сме

да не прати на нова локација

да ни донесе храна, вода

друго___________

23. Кој одлучува на која локација да престојува детето:

сам

родитлите

постар брат

другари

водачот на групата

врбувачот

друг _________

24. Што најчесто работи:

питачи

препродава

собира по канти (хартија, шишиња)

брише шофершајвни

работи по кафеани

сезонска земјоделска работа

25. Колку пари заработува просечно на ден __________________

26. Како ја троши заработувачката:

секојдневно (сам ги трошам)

мал дел за себе поголем дел за родителот

мал дел за себе поголем дел за врбувачот

не располагам со тие пари

Друго _____________________

27. Со кој најтежок проблем детето се соочува на улица:

лоши временски услови

опасност од сообраќајот

опасност од други луѓе

несоодветна облека и обувки

друго___________

28. Од кого е спречено да престојува на улица:

ЦСР

Полиција

Претставници од НВО

Група на конкуренти/соперници

Друго________

29. Редовност на училиште

редовен

оди повремено

воопшто не посетува училиште

30. Основна причина за непосетување училиште

родителите ме ангажираат на работа

сиромаштија во семејството (нема пари за учебници, облека)

не сум заинтересиран

не сум прифатен од училиштето (ученици, наставници)

не го разбирам материјалот

немам услови за учење во домот

не гледам корист од училиштето

Друго________________

31. Престој во институција

Да_____ Не______

Ако да, во која?

во градинка_____ во училиште_____

во дневни центри_________ 25 Мај__________

11 Октомври________ друго___________

32. Какво е искуство на детето од престојот во таа институција:

Негативни страни: (срам, немам интерес, не сум прифатен од околината, забрана), друго ____________________

Позитивни страни: (топлина,  другари, помош во учење, топол оброк,) друго ____________________

33. Институции во близина (до 1 км) на местото на живеење на детето?

Дневен центар

Училиште

Амбуланта

Зграда на локална самоуправа (месна заедница)

НВО

Спортски клуб

Друго____________________